Р Е В

# ВАШАТА ФИНАНСИСКА РЕВОЛУЦИЈА

Моќта на снабдувањето

О Л У

ГЕРИ КИСИ

Ц И Ј А

Драги пријатели во Христос,

Наша молитва е поучувањето во оваа книга да ви биде на благослов и охрабрување! Слободно споделете го овој материјал со вашите пријатели, вашето семејство и вашата црква. Исто така, посетете ја страницата на FLNFree.com за бесплатно преземање на дополнителни копии, како и за повеќе други материјали за почување на вашиот јазик!

Бог ве љуби и Тој има прекрасен план за вашиот живот! Сознанието како функционира Божјото Царство ни го промени животот на подобро, и веруваме дека ќе го стори истото и за вас!

Со љубов во Христос,

Гери и Дренда Киси



П.С. Не заборавајте да ја посетите нашата веб страница FLNFree.com за бесплатно преземење на дополнителни материјали за поучување на вашиот јазик!

# ВАШАТА ФИНАНСИСКА РЕВОЛУЦИЈА

Моќта на снабдувањето

ГЕРИ КИСИ

**Your Financial Revolution**
**The Power of Provision.** Macedonian. By Gary Keesee
Copyright © 2023 by Gary Keesee

Originally printed in English
ISBN: 978-1-945930-39-3

Faith Life Now
P.O. Box 779
New Albany, OH 43054, USA

This book is a free gift from the author and is NOT FOR SALE

You can reach Faith Life Now Ministries on the Internet at FaithLifeNow.com

More resources by the same author are available for free download at FLNFree.com

**Вашата Финасиска Револуција**
**Моќта на снабдувањето.** Македонски. Од Гери Киси
Авторски права © 2023 од Гери Киси

Првично издадена на англиски јазик
ISBN: 978-1-945930-39-3

Faith Life Now
P.O. Box 779
New Albany, OH 43054, USA

Оваа книга е подарок од авторот и НЕ Е ЗА ПРОДАЖБА

Службата на Faith Life Now е достапна онлајн на: **FaithLifeNow.com**

Дополнителни материјали од истиот автор се достапни за бесплатно преземање од страницата на: **FLNFree.com**

**Издава: Евангелска Црква во РМ**
**Ф.Рузвелт 16**
**Скопје**

**Превод: Игор Панов**
**Лектура: Емилија Златкова - Анастасова**
**Графика и дизајн: Елисавета Галева**
**Печати: Ирис – Струга**
**Тираж: 2000**

Во оваа книга авторот има користено стихови од различни преводи на Библијата. Сите стихови, кои се поклопуваат со стандарниот македонски превод на Библијата, во издание на Библиското здружение на Р. Македонија, Скопје, 2007, се користени од тоа издание на Библијата. Дел од стиховите се извадени од динамичниот превод на Новиот завет, во издание на ХБЦ „Радосна Вест“, Скопје, 1999. Сите останати стихови се парафразиран и динамичен превод на англиските преводи на Библијата.

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД**.................................................. **9**

**ПРВО ПОГЛАВЈЕ:** Светлина што свети во темнината..... **23**

**ВТОРО ПОГЛАВЈЕ:** Нов начин на размислување........... **41**

**ТРЕТО ПОГЛАВЈЕ:** Прашање на јурисдикција................ **61**

**ЧЕТВРТО ПОГЛАВЈЕ:** Зарем не се сеќавате?................ **91**

**ПЕТТО ПОГЛАВЈЕ:** Оспособување на вашето снабдување ........................................................ **109**

**ШЕСТО ПОГЛАВЈЕ:** Верата е клучот............................ **139**

**СЕДМО ПОГЛАВЈЕ:** Предупредување: Останете во рамките на вашата вера!............................................ **157**

**ОСМО ПОГЛАВЈЕ:** Потребен ви е план!........................ **175**

**ДЕВЕТТО ПОГЛАВЈЕ:** Време е да одиме!...................... **191**

# ВОВЕД

Насловот на оваа книга може да изгледа како многу очигледен, нешто што е недвосмислен факт. Мислам, кој ќе инсистира дека сè е по заслуга? Мислам дека сите ќе се согласиме дека снабдувањето на работите што ни се потребни во животот е од суштинско значење. Сепак, многумина ја немаат потребната храна. Многумина, всушност, се борат само за да преживеат. Живеат како робови на сметките и долговите на кои се чини дека им нема крај. Наместо да ги живеат своите соништа, тие живеат во состојба на очај, обземени од ужасот од работното место што го мразат, и најлошо од сè, живеат без значајна цел.

Една неодамнешна студија покажува дека 48% од Американците заработуваат 31.561 долари годишно, или 2.630 долари или помалку месечно,[1] и 40% од населението нема ниту 400 долари резервен фонд за итни случаеви.[2]

Можете ли да го замислите стресот гледајќи го секој денар што го трошите, надевајќи се дека ќе стигнете до следната плата, месец по месец, без да се види крајот? Наместо да напредувате, вие всушност дополнително запаѓате во долгови без излез. Можам да го замислам тоа, бидејќи така живеев долги девет години; а тоа не беше само илузија. Беше многу реално.

### Срамот на сиромаштијата

Мојата сопруга Дренда и јас се венчавме и се надевавме дека ќе започнеме неверојатен живот, но

---

[1] https://howmuch.net/articles/how-much-americans-make-in-wages

[2] https://www.cnbc.com/2018/05/22/fed-survey-40-percent-of-adults-cant-cover-400-emergency-expense.html

западнавме во долгови и живеевме во финансиски стрес. За само неколку години, имавме 10 блокирани и откажани кредитни картички; три кредити на фирмата за финансии со каматна стапка од 28%; рати за два многу стари автомобили, и двата со над 320.000 поминати километри; долгови кон УЈП; и многу други долгови кои не можевме да ги исплатиме. На нашите родители им должевме илјадници долари, и на крај тие престанаа да ни позајмуваат пари.

Ние воопшто не сакавме да си ги уништиме животите со долгови; едноставно, само се обидувавме да преживееме. Колку и да звучи лудо, јас работев во финансии и им помагав на луѓето во полето на осигурување и инвестиции. Платата ми зависеше 100% од провизиите од продажбата и новите клиенти, но провизиите никогаш не беа доволни. Постојано се надевавме дека бизнисот ќе заживее, но неделите се претворија во години, без промена.

На крајот, по девет долги години живеење од долгови само за да ги платиме сметките, ги исцрпивме сите можни средства за позајмување што ги знаевме. Заложивме речиси сè што можевме и имаше вредност, а стресот од живеењето во тоа финансиско мочуриште почна да има сериозна емоционална штета на мене и на моето семејство.

Почнав да добивам панични напади и докторите ми препишаа антидепресиви, кои во суштина не ми помогнаа и само предизвикуваа сериозни несакани ефекти. Исто така, докторите ми кажаа дека ќе имам дијабетес поради проблеми со шеќер во крвта.

Полош од моите медицински проблеми беше стравот што го обзеде мојот живот до тој степен што дури се плашев да излегувам од дома. Мојот свет се затвораше околу мене со пеколен, мачен страв кој ме парализираше! Доцневме со сите наши сметки и секој месец беше предизвик да одлучиме која треба да ја платиме, а која да ја прескокнеме до следниот месец.

Претпоставувам дека еден од најисцрпувачките аспекти на финансискиот хаос во кој живеевме беше

срамот што го чувствував. Секогаш кога требаше да користам кредитна картичка ме облеваше страв, бидејќи можев само да се надевам дека ќе помине уште еднаш. Постојано измислував изговори, и во суштина ги лажев инкасаторите кои се јавуваа речиси секојдневно. Веројатно најтешкото нешто што морав да го издржам беше да гледам како моето прекрасно семејство живее без работите што им беа потребни, и тоа ми предизвикуваше болка во душата. Да бидам искрен, речиси секој ден се чувствував како губитник додека се справував со мноштвото проблеми.

Тој финансиски хаос не беше еден сигнал на радарот, момент во времето. Тоа траеше девет долги години!

Ако се прашувате, да, одевме во црква секоја недела. Имав диплома по теологија и бизнис и една година бев на библиско училиште. Бев крстен во Светиот Дух и Го сакав Бог, но нештата беа ужасни. Го знаев тоа, но залудно? Приказните што ги читав во Библијата едноставно не се случуваа во мојот живот.

Одевме во голема црква каде што научивме дека Бог сака да напредуваме, но едноставно не гледав дека тоа се случува и немав поим зошто е тоа така. Да бидам искрен, мислам дека ниту моите пријатели не напредува баш многу.

### Будење

Дојде крајот на сè кога ми се јави адвокат, еден од многуте што ме прогонуваа за пари. Овој пат, тој беше многу конкретен и директен. „Г. Киси, ќе ви дадам три дена да вратите 1.600 долари што му ги должите на мојот клиент или ќе бидам принуден да поднесам тужба против вас за таа сума.“ Потоа исклучи.

Знаев дека тоа е крајот. Бев готов. Сите извори и опции веќе ми беа исцрпени. Немавме пари, немавме ни храна. Нашиот фрижидер изгледаше бедно исто како нашата тековна сметка. Се надевав дека ќе имаме една солидна недела во бизнисот што можеше да нè извлече,

но никогаш не се случи.

Во голем очај, отидов во мојата мала спална соба во старата куќа на фармата што ја изнајмувавме за 300 долари месечно. Знаев дека не е Божја волја да живееме во такво финансиско ропство, но сепак воопшто не напредуваме.

Додека со солзи се фрлив во мојот кревет, извикав кон Бога. Неверојатно, кога извикав, одеднаш слушнав одговор. Од мојот дух, го слушнав овој стих:

> *„Мојот Бог, по Своето богатство, ќе ја исполни секоја ваша потреба, за слава преку Христос Исус.“*
>
> —Филипјаните 4:19

Извикав на глас, „Го знам тој стих, но не гледам дека се исполнува во мојот живот“. Потоа Светиот Дух ми рече: „Немам никаква врска со хаосот во кој се наоѓате. Причината поради која сте во овој хаос е затоа што не знаете како функционира Моето Царство“. Тој продолжи и ми кажа дека Неговата црква живее исто како Израел во времето на фараонот, како роб. Тој рече: „Сакам Мојот народ финансиски да биде слободен!“

Иако навистина не знаев што сака да каже под Царство, знаев дека живеењето во долгови не функционира, а Тој навестуваше дека има подобар начин на живот за кој јас сè уште не знаев ништо. Што е тоа или како функционира, не знаев, но знаев дека треба да дознаам.

Најпрво отидов долу да ја најдам Дренда. Ѝ кажав што ми рече Бог и се сеќавам дека стоев таму, ја држев за рака и се покајав пред Бога и неа за нередот што го предизвикав во нашето семејство. Иако не разбравме што мисли Бог кога вели Царство, се обврзавме дека ќе дознаеме. Исто така, се обврзавме долговите да не бидат повеќе наш начин на живот, но моравме да признаеме дека не знаеме како. Додека се молевме, се исполнив со мир и знаев дека Бог ќе ни покаже како да успееме на Негов начин.

Но, враќајќи се на зборот „царство“, навистина не разбирав што значи тоа. Знаев дека ќе одам во рајот и имав поминато доста обука за Библијата, но сепак не

знаев што сака Бог да ни каже. Всушност, зборот Царство не беше збор за кој знаев многу. Единствено знаев дека се спомнува во Господовата молитва во Библијата.

> *„Да дојде Царството Твое; да биде волјата Твоја, како на Небото, така и на земјата.“*
>
> —Матеј 6:10

Тогаш мислев дека ова се однесува на идното Царство што Исус еден ден ќе го воспостави на земјата, но немав поим на што всушност се мисли. Но, откако го разгледав текстот, сфатив дека грешам. Исус ни кажуваше како да се молиме овде и сега. Треба да се молиме за Божјата волја на земјата. Но, што е Божјото Царство?

Ако сте ги прочитале моите претходни книги, можете да го прескокнете првото поглавјето ако сакате, но верувам дека повторувањето е секогаш оправдано кога треба да имате тест. Вашиот тест, животот, веќе започна, но не грижете се. Има уште многу време за да ги добиете точните одговори и да положите. Но, ако читате за прв пат, она што следи е од исклучителна важност!

## Нов начин на живот

Кога Бог ми кажа дека никогаш не сум научил како функционира Неговото Царство, во најмала рака бев збунет. Дренда и јас не знаевме што сака да каже. Се молевме и побаравме од Бог да ни покаже што мислеше кога рече дека не знаеме како функционира Неговото Царство.

Така, првото нешто што морав да научам беше што е царство во природна смисла. Мислам дека овој концепт тешко може да го сфатат нашите западни умови, бидејќи живееме со американски менталитет на демократија и слобода на изразување. Божјото Царство не е демократија; тоа е царство со цар. Авторитетот на царот патува низ царството, со делегирана власт, преку различни владејачки структури и луѓе што работат под

таа власт. Да се има толпа луѓе не е царство. Можете да имате толпа од милион луѓе, но и тоа не би било царство. Царство е група на луѓе што ги обединува еден закон или управување.

Дефиницијата за царство што можете да ја најдете во речник е следната: „Царство: држава или територија со цар или царица на чело“.

Иако го славиме доаѓањето на Исус на Земјата на Божиќ, обично не разбираме дека Тој донесе власт со Себе. Библијата зборува за оваа власт во Исаија 9:5-6:

> *„Зашто дете ни се роди – Син ни се даде; власта е на рамењата Негови, и ќе Го наречат: Чудесен Советник, Бог силен, Отец вечен, Кнез на мирот. Неговата власт и мирот бескраен ќе растат врз престолот на Давид и во царството негово, за да го утврди Тој и да го зацврсти преку суд и правда отсега па довека. Тоа ќе го направи ревноста на Господ Саваот.“*

Исус е водачот на оваа власт и кога Го прифатиме Исус како наш личен Спасител, ние стануваме корисници на таа власт; стануваме граѓани. Не само што стануваме граѓани, стануваме и дел од Божјото семејство како синови и ќерки.

> *„А на сите што Го примија – на сите што веруваа во Неговото име – им даде моќ да станат чеда Божји; кои не по крв, ни по желба на телото, ни од похот машка, туку од Бога се родија.“*
>
> —Јован 1:12-13

> *„И така, вие веќе не сте туѓи и придојдени, туку сте им сожители на светиите и членови на Божјото семејство.“*
>
> —Ефесјаните 2:19

Како членови на Божјиот дом, ние стануваме дел од Неговото семејство и на тој начин поседуваме или сме дел од сè што Тој поседува. Исто така, ние стануваме

граѓани на Неговото големо Царство со законски права и придобивки.

## Ново царство

За подобро да го разберете она што сакам да го кажам, дозволете ми да објаснам што значи да се биде граѓанин на Соединетите Држави. Како граѓанин на Соединетите Држави, имате законски права. Вашите законски права се запишани во нашиот Устав и во законите што се донесени во рамките на нашата влада. Овие закони и бенефиции се пренесуваат на секој граѓанин, без предрасуди. Тие права не се засноваат на нашите чувства или интелигенција. Не, тие се утврдени со закон и законски се достапни за секој граѓанин што Америка ја нарекува свој дом. Можно е граѓанинот да не ги знае своите законски права, но сепак, граѓанинот едноставно има права со тоа што е државјанин на Соединетите Американски Држави.

Сега, еве нешто за што вреди да се размисли, и се надевам дека ќе го промени целото ваше гледиште за Бог и за тоа како примате од Бога. Овде, во Соединетите Американски Држави, ако знаеме дека нешто или некој се обидува да ни ги одземе нашите законски права или дека сме неправедно третирани, имаме пристап до правдата (правда значи спроведување или наметнување на законот), процес кој ги спроведува нашите законски права. Одиме на суд, а судијата не обрнува внимание на нашиот изглед, ниту на тоа колку сме богати или сиромашни. Тој го гледа законот. Тој секој пат треба да пресуди во корист на законот. Законот и судијата се таму како гаранција за нас.

Имаме законски права, а нашата влада ќе ги гарантира и ќе ги спроведува нашите законски права преку процес на правда во рамките на правниот систем на Соединетите Држави. Имајќи го тоа на ум, погледнете го подетално Исаија 9 бидејќи зборува за оваа нова власт што ја донесе Исус на Земјата.

*„Неговата власт и мирот бескраен ќе растат врз престолот на Давид и во царството негово, за да го утврди Тој и да го зацврсти преку суд и правда...“*

—Исаија 9:7

Овој стих вели дека Божјото Царство се воспоставува и се поддржува преку правда - спроведување на Божјиот закон. Спроведување значи процес на применување или бранење на вашите законски права.

Вашите законски права се она што Бог го нарекува праведност или она што Тој вели дека е исправно, Неговиот закон. За да се осигура дека го имате она што Тој вели дека е исправно во Неговото Царство, она што е законски ваше како граѓани во тоа Царство, Бог ви даде пристап до правдата, процесот или гаранција дека ќе го имате она што Тој го ветил.

Бог ни ја објави Својата волја преку Неговото Слово, Библијата, за да ги знаеме нашите законски права во Неговото Царство. Ова е добра вест! Сѐ што читате во Библијата во врска со она што ви го вети Бог е веќе легално ваше како граѓани на Неговото Царство!

Второ послание до Коринтјаните 1:20 јасно кажува дека секое ветување - СЕКОЕ ВЕТУВАЊЕ - е „Да“ и „Амин“. Веќе е одлучено; тие се веќе законски ваши.

*„Бидејќи сите ветувања Божји во Него се „Да“, и во Него „Амин“, за слава Божја преку нас.“*

—2 Коринтјаните 1:20

Самиот темел на Божјото Царство е правдата и праведноста - не може да се поколеба. Затоа размислете за тоа вака: ако го знам законот на Божјото Царство (Неговата волја) и знам дека имам пристап до правдата, процесот на спроведување што ми го гарантира она што го кажува законот, тогаш сум сигурен и не се плашам.

*„И тоа е увереноста, која ја имаме пред Него, дека ако побараме нешто по Неговата волја, Тој нѐ услишува. А кога знаеме дека ни услишува што и да побараме,*

*знаеме дека ќе добиеме, што и да сме побарале од Него.“*
—1 Јован 5:14-15

Кога овој стих вели дека Тој нè слуша, не зборува за тоа дека нè слуша звучно како кога ги слушаме нашите зборови преку звучните бранови; зборува за тоа дека Тој го презема нашиот случајот.

Размислете за судија кој го слуша случајот за да се погрижи правдата да биде спроведена. Судницата и судијата се таму за да се осигурат дека правдата е достапна за секој граѓанин. Одлуката на судијата не се заснова на неговите чувства, туку на законот, со кој тој претседава за да го спроведе за секој граѓанин. Судијата е таму за да се погрижи правдата (спроведувањето на законот) да се одвива според пишаниот закон.

Во Божјиот случај, Неговиот престол (место на власт) и Неговата моќ се таму за да обезбедат правда (спроведување на Неговата волја) на сите луѓе кои доаѓаат кај Исус и Неговото Царство.

Ве молиме прочитајте ја таа изјава повторно многу бавно и дозволете да го предизвика вашиот моментален поглед на Бог. Повеќето луѓе мислат дека Бог ги носи Своите одлуки од случај до случај, но тоа не е точно. Тој е Цар на едно Царство со закони кои не се менуваат. Тој не носи и нема да носи одлуки надвор од Неговиот закон. Можеме да знаеме каков е Неговиот одговор уште пред да побараме и можеме да бидеме сигурни дека го имаме она што го вели Неговиот закон пред да го добиеме затоа што Тој има моќ да го реализира спроведувањето на Неговиот закон.

## Нема повеќе просење

Кога Дренда и јас почнавме да дознаваме за нашите законски права во Царството, тоа драматично го промени начинот на кој размислуваме за Бог и за Библијата. Резултатот од нашето ново разбирање беше промена на начинот на кој живеевме. Немаше повеќе просење. Немаше

повеќе застапување. Го научивме она што законски веќе ни беше дадено како граѓани на Неговото Царство. И продолживме да учиме како да ги присвојуваме тие ветувања и да гледаме како тие се ослободуваат овде на Земјата. Беше големо откровение кога дознавме дека сме сопственици на сето она што го има рајот. Како граѓани, имаме правен пристап до законите на Царството. Но, како членови на самото семејство, ние сме сопственици и имаме законско права на целото наследството на Небото.

> *„А ако сме, пак, чеда, ние сме и наследници: наследници на Бога и* ***сонаследници*** *Христови, но само ако со Него страдаме, та со Него и да се прославиме.“*
>
> —Римјаните 8:17

Забележете дека текстот вели сонаследници со Христос! Тоа значи дека сè што има Христос е и наше!

Кога Бог ми зборуваше во мојата мала трошна куќа на фармата тој ден и ми кажа дека не знам како функционира Неговото Царство, Тој мислеше на законите и правната структура на Неговото Царство. Тој беше во право. Немав поим што е тоа царство и како истото функционира. Но, една работа која брзо ја сфатив, што ми помогна да го разберам царството, беше дека царството функционира според непроменливи закони. Законите не покажуваат фаворизирање. Тие не се менуваат за да фаворизираат одредена личност. Не, тие се непроменливи и постојани.

Дозволете ми да ви дадам пример. Денес уживаме во струјата и во светлината што таа ја дава во нашите домови. Ќе се согласите дека законите што ја регулираат електричната енергија отсекогаш постоеле уште од создавањето на земјата. Сепак, илјадници години немаше светла! Зошто? Никој не ги знаеше законите што ја регулираат електричната енергија и како истите можат да се користат за палење сијалица. Иако молњите и статичкиот електрицитет беа забележани како нормален дел од животот, тие останаа само тоа, забележани феномени. Никој всушност не помисли да го повтори она што го гледа бидејќи не знаеја дека она што го гледаат се

заснова на природниот закон што може да се научи.

Истиот недостаток на разбирање преовладува во црквата денес. Луѓето читаат за големите работи што Бог ги направи во Библијата, но никогаш не го надминуваат набљудувачкото разбирање на она што го читаат.

Многумина виделе како Бог прави прилично неверојатни работи во нивните животи, но како кога гледаат блесок на молња во лето, тие стојат и велат: „Леле, го виде ли тоа?", а не можат да го повторат тоа затоа што не ги разбираат законите што го регулираат она што штотуку го посведочиле. На пример, денес, можеме да поставиме светла секаде во светот, каде и да посакаме, бидејќи ги разбираме законите што ја регулираат електричната енергија.

На ист начин, денес уживаме и во можноста да патуваме илјадници километри на ден со авион насекаде во светот. Авионот може да лета поради нашето разбирање и користење на законот за кревање. Меѓутоа, тој закон е на Земјата уште од создавањето, а доказ за тоа се птиците што секојдневно го користат тој закон. Но, никој не летал со авиони илјадници години од човечкото постоење, бидејќи луѓето сè уште не го откриле законот за кревање и не научиле како да го користат истиот.

Повторно, истото е и со Царството Божјо. Повеќето луѓе просат, плачат и континуирано се обидуваат да Го убедат Бог да направи нешто за нив. Но, она што не го знаат е дека кога станале верници, сите закони и придобивки на Царството станале достапни за нивно уживање, без да мора да просат.

Да речеме дека треба да дојдам во вашата црква. Дали би сакале молитвениот тим да се моли и да пости светлата да засветат вечерта кога јас ќе стигнам таму? Се разбира дека не! Ако, случајно кога ќе стигнам светлата не се запалени, дали сите ќе почнат да викаат кон Бога, молејќи и плачејќи во обид да Го убедат да ги вклучи светлата? Не, тие ќе го побараат прекинувачот, и само ќе го вклучат и светлата ќе се запалат. Без страв, без конфузија, едноставно вклучете ги!

Но, поради некоја причина, христијаните никогаш

не пристапиле кон Царството и Божјото Слово од оваа перспектива. Повторно, поголемиот дел од времето го поминуваат во просење, надевајќи се дека нешто ќе се случи. Кога тоа нема да се случи, тие веднаш Го обвинуваат Бог, верувајќи дека Бог избрал да не го исполни нивното барање. Таквото неразбирање е причината зошто мнозинството христијани денес веруваат дека Бог дозволува да се случат лоши работи или дека Тој најдобро знае зошто се случува некоја трагедија. Пријатели, така НЕ функционира Божјото Царство! Ајде уште еднаш да го погледнеме пасусот во 1 Јован.

> *„И тоа е увереноста, која ја имаме пред Него, дека ако побараме нешто по Неговата волја, Тој нѐ услишува. А кога знаеме дека ни услишува што и да побараме, знаеме дека ќе добиеме, што и да сме побарале од Него.“*
>
> —1 Јован 5:14-15

Бидејќи знаеме дека бараме според нашето законско право, и дека Тој го презема случајот, уверени сме дека го имаме она што го бараме од Него! За жал, вистината што е откриена во овој текст не е разбрана од големо мнозинство верници. Според моето искуство, морам да кажам од повеќето. Но, токму ова разбирање буквално ми го промени животот!

### Визија наспроти опстанок

Почнав да ги читам приказните во Библијата со обновен интерес. Знаев дека во секоја приказна има духовни закони што треба да се откријат. Станав духовен научник. Во секоја приказна поставував прашања. „Зошто се случи тоа?“, „Кој закон е илустриран во оваа приказна?“ Полека почнав да ги учам начелата и законите кои се мои во Царството Божјо, и тоа буквално ми го промени животот.

Кога почнавме да ги применуваме овие закони, за две и пол години целосно се ослободивме од долговите.

Почнавме да плаќаме готовински за нашите автомобили, го изградивме нашиот дом од соништата на 55 хектари и многу повеќе. Најдобриот дел е што сега немаме финансиски притисок. Нашиот дом е платен и затоа можеме да се фокусираме на нашата задача, нашата цел, наместо само да преживуваме.

Бевме толку возбудени за она што го учевме, а сепак гледавме дека повеќето од нашите пријатели и познаници не ги уживаат истите работи што ни се случуваа нас. Бидејќи имавме желба да им помогнеме на луѓето да го научат она што ние го учевме, ја основавме црквата *Вера и Живот* во 1995 година. Се фокусиравме на споделување на законите и принципите што ги научивме од Бог, споделувајќи со луѓето како тие можат да бидат слободни и да го живеат добриот живот на Царството.

Потоа, во 2005 година, започнавме со Фејт Лајф Нау, нашата служба со медиуми. Фејт Лајф Нау ги пренесува нашите две дневни телевизиски емисии — *Решавање на проблемот со парите* и *Дренда* — во секоја временска зона во светот со Добрата вест за Царството.

Денес, не бараме железни парички паднати под седиштата во автомобилот, надевајќи се дека ќе најдеме доволно ситни пари за да купиме еден оброк од Мекдонладс за да го поделиме на три деца. Трошиме милиони правејќи го она што го правиме сега и имаме страст да им помогнеме на луѓето да научат како го постигнавме сето тоа.

Наеднаш преминавме од размислување како да преживееме на размислување засновано на визија и почнавме да сонуваме што можеме да создадеме и правиме со нашите животи. Преминавме од финансиски хаос и ропство во финансиска слобода.

Во нашите скршени и заточенички денови, секој мал проблем со готовинскиот тек беше голем итен случај. Под голем стрес, се обидувавме некако да позајмиме пари, или, пак одевме во локалната заложна куќа! Но, денес, ние уживаме во *Моќта на снабдувањето*.

Можеби ќе прашате: „Гери, што е *Моќта на снабдувањето*?“ Моќта на снабдувањето е способност

да ја пронајдете вашата цел и да избегате од животот на преживување. Секогаш запомнете дека снабдувањето е провизија.[3] Прочитајте го тоа повторно полека; тоа е еден вид игра со зборови, но значењето е очигледно.

Без снабдување живееме ропски живот, а робовите не сонуваат големи соништа! И секогаш запомнете, вие не сте роб! Вие сте член на Божјото семејство, наследници со Исус на целиот имот. Затоа, подигнете ги очите и видете нова иднина. Сакам слободно да сонувате, слободно да се забавувате создавајќи ја својата визија и да уживате во добриот живот. Верувам дека додека поминуваме низ оваа книга ќе бидете инспирирани, но не само инспирирани, туку и дека ќе станете самоуверени. Истите закони на Царството што го променија мојот живот се и ваши.

—Гери Киси

Ова е всушност четвртата книга од серијалот од пет книги со наслов, „Вашата финансиска револуција“. Ве охрабрувам да ги прочитате претходните три книги за да стекнете добро разбирање за законите на кои се повикувам и повеќе за тоа како функционира Царството Божјо. Тие се: Вашата финансиска револуција: *Моќта на верноста*, Вашата финансиска револуција: *Моќта на починката* и Вашата финансиска револуција: *Моќта на стратегијата*. Можете да ги најдете на GaryKeesee.com или на Amazon.com.

[3] На англиски Provision is pro-vision

ПРВО ПОГЛАВЈЕ

# СВЕТЛИНА ШТО СВЕТИ ВО ТЕМНИНАТА

Во *Воведот* ви кажав за повикот на адвокатот што ме натера да се соочам лице в лице со реалноста на нашата ситуација и конечно да извикам кон Бог. Исто така, ви кажав што ми зборуваше Господ додека лежев на мојот кревет и плачев, дека бев во нередот во кој се наоѓав затоа што не бев научил како функционира Неговото Царство. Но, како функционира? Што се обидуваше да ми покаже? Немав поим, но требаше да научам.

Ако се сеќавате, имав три дена да вратам 1.600 долари или адвокатот ќе покренеше тужба. Во тоа време, немавме пари и немаше изгледи навреме да ги заработиме парите од нашиот бизнис за да го вратиме долгот. Бев во невозможна ситуација, или така мислев. Наместо тоа, требаше да ја научам мојата прва лекција за Царството.

Во тоа време, возев стар Доџ караван што чадеше како оџак кога возев по патот. Таа вечер закажав состанок со едно семејство за да разговараме за нивните потреби за осигурување, а нашиот состанок беше во нивниот дом, на околу 15 минути возење од мојата канцеларија.

Во тие денови, намерно паркирав подалеку од домот на моите клиенти. Причината беше едноставна. Кога и да го

стартував автомобилот, секогаш воздухот го исполнуваше бел чад и мислев дека тоа не е добра промоција за бизнисот бидејќи бев таканаречен финансиски експерт кој ги советуваше клиентите како да инвестираат и да одберат осигурување.

Па, таа вечер, како и секогаш, се паркирав веднаш зад аголот од домот на мојот клиент. Имавме одлична средба, и јас се поздравив, но бев загрижен кога господинот тргна со мене да ме испрати до автомобилот. Иако не ми беше пријатно, не му кажав ништо, но се надевав дека нема да остане да види како ја стартувам колата, што, за жал, го направи токму тоа. Иако одвоив време да ја организирам мојата актовка и други предмети во автомобилот, обидувајќи се да му дадам време да замине, тој трпеливо стоеше таму додека не сфатив дека морам да го стартувам. Па, очекувано улицата се наполни со бел чад.

Веднаш кога посегнав по менувачот да ставам во прва за возење, тој ми даде знак да го исклучам моторот, и дојде до прозорецот. Потоа ми кажа дека поправа автомобили како дополнителна работа за да заработи повеќе пари и дека сака да го види моторот. Му реков, нема проблем, и ја отворив хаубата. Знаев дека навистина не е важно што ќе види. Во моментот немав пари за поправка на автомобилот.

За неколку минути, тој се врати и рече: „Како што се сомневав, имаш разбиена заптивка на главата. Вози дома и не го вози повеќе додека не го поправиш. Нема да чини повеќе од 700 долари".

Му се заблагодарив за советот и се упатив кон мојата канцеларија. Сѐ што можев да слушнам во мојата глава беше: „Нема да чини повеќе од 700 долари!" За мене во тој момент 700 долари беа како милион долари, а сепак требаше да ги најдам тие 1.600 долари за да ги вратам. Покрај тоа, имавме куп други сметки што требаше да се платат.

Немав одговор, но се сетив на молитвата што претходно ја молевме јас и Дренда: „Боже, научи нѐ како функционира Твоето Царство и покажи ни како да

живееме без долгови“.

Кога се враќав во канцеларијата, почнав да разговарам со Господа за мојата финансиска состојба. „Господи, знаеш дека ми требаат пари. Знаеш дека сѐ уште должам пари за овој автомобил, а сега ми требаат уште 700 долари. Господи, искрено, сметајќи ги парите што ѝ ги должам на банката за автомобилот и трошоците за поправка, веројатно ќе биде подобро автомобилот да изгори и да добијам пари од осигурителната компанија!“ Го кажав тоа гласно на фрустриран, саркастичен начин, а не во вистинска молитва.

Во моментот кога го кажав тоа, нешто ми го привлече вниманието. Не бев сигурен дали отсекогаш беше таму, но мислам дека имаше мал меур на горниот дел од предната хауба. Гледајќи кон автомобилот, се чинеше дека полека меурот стануваше сѐ поголем. Додека гледав, бев убеден дека тој навистина се зголемува. Бев во најмала рака шокиран. Не видов никаков чад освен чадот кој секогаш изгледаше како да се влече зад автомобилот, па затоа продолжив кон канцеларијата.

Влегувајќи на паркингот пред канцеларијата, предниот дел од автомобилот одеднаш пукна во огнена топка! Пламенот бликаше од моторниот простор шест метри во воздухот. Тогаш всушност ги кажав овие зборови гласно: „Господи, ме слушна кога го кажав тоа?“

Следниот ден, осигурителната компанија го покри побарувањето, а јас имав доволно пари да ги вратам тие 1.600 долари на адвокатот, како и да го отплатам автомобилот, и да имам малку кеш да купам намирници. Бевме среќни и шокирани во исто време, но без автомобил, што ни беше потребен за семејството.

Навистина не можев да објаснам што се случи во тоа време, но вниманието ми го привлече фактот што кажав

**ТОГАШ ВСУШНОСТ ГИ КАЖАВ ОВИЕ ЗБОРОВИ ГЛАСНО: „ГОСПОДИ, МЕ СЛУШНА КОГА ГО КАЖАВ ТОА?“**

гласно комбето да изгори. Морам да признаам дека никогаш претходно ниту едно мое возило не се запалило. Од друга страна, ниту јас никогаш гласно сум изговорил дека го сакам тоа.

Дали тоа беше поврзано со Царството? Дали направив нешто за да се случи тоа, или беше само случајност? Не бевме сигурни. Иако ја прославивме победата на раздолжување за автомобилот и доверителот, сепак ни требаше ново возило, но како?

### Наоѓање нов автомобил

Татко ми се јави да види како сме и да понуди помош за замена на запалениот автомобил. Татко ми имаше пари, а јас потајно се надевав дека тој ќе ни купи автомобил.

Тој предложи да одиме да погледнеме во неколку салони во околината и да побараме добро зачувано старо возило. Секако, со цело срце ја прифатив понудата.

Отидовме во неколку салони и најдов совршен Доџ караван. Стар околу една година и во добра состојба. Му кажав на татко ми дека Дренда би сакала таков автомобил, бордо убавица, надевајќи се дека ќе ми каже: „Одлично! Ајде да го купиме". Но тој не го кажа тоа. Наместо тоа, тој рече: „Ќе ти дадам 5.000 долари". Да, тоа беше многу дарежлива понуда, доволна да го покрие авансот, но остатокот требаше да го платам јас.

Веднаш се разбудив во реалноста. Немав кредитен рејтинг што ќе ми овозможеше некоја банка да ми позајми пари. И до тој момент можев да ја сокријам нашата тешка финансиска состојба од татко ми. Второ, чувствував дека едноставно не можам да преземам повеќе долгови.

Бидејќи не можев да се сетам на друга опција, донесов брза одлука барем да ја пополнам апликацијата за кредит. Сепак, знаев дека за да го сторам тоа, морав да му ја признаам на татко ми мојата финансиска ситуација за тој да потпише. Неволно му ја кажав целата приказна, тој ми понуди да го потпише заемот и го доставивме барањето. Од застапништвото ми рекоа дека ќе ме

известат следното утро.

Се разбира, знаев дека банката ќе го одобри заемот бидејќи татко ми имаше совршен кредитен рејтинг. Тоа што ќе ми беше одобрен заемот не беше она што ме мачеше додека се враќав дома. Знаев дека не можам да го земам тој заем, бидејќи имав вистинска потреба и немав пари. Што требаше да направам? Бев збунет и малку вознемирен.

Кога дојдов дома ѝ ја кажав ситуацијата на Дренда, таа исто така знаеше дека не можеме да потпишеме друг должнички лист, но каква друга опција имавме? И двајцата тешко спиевме таа ноќ, но утрото бевме убедени дека позајмувањето пари не е она што треба да го направиме.

Затоа му се јавив на татко ми и му се заблагодарив за понудата, велејќи му дека едноставно не можеме да преземеме повеќе долгови за да го платиме автомобилот. Потоа се јавив во салонот за автомобили и им кажав дека нема да дојдеме. Тие, се разбира, ми рекоа дека кредитот е одобрен и автомобилот е чист и подготвен за испорака. Им се заблагодарив, но инсистирав дека не можам да го земам автомобилот.

Спуштајќи ја слушалката, имав мир, но во исто време, не знаев како ќе купиме возило доволно големо за да го собере целото наше шестчлено семејство. Имав старо купе со пет седишта што го користев за работа и што сега требаше да го користиме додека не смислиме друг план. Поминаа околу две недели, а ние се возевме со нашето купе со пет седишта, патувајќи до местата каде што требаше да одиме сите заедно.

Потоа, еден ден, добив телефонски повик од еден господин кој се запознал со Дренда неколку месеци претходно. Таа се обидуваше да продаде неколку предмети на нејзините родители на аукцијата за антиквитети, што ја одржуваа секој месец во Атланта, каде што живееја. Тие доаѓаа во Охајо еднаш месечно за да купат предмети за нивната аукција, а Дренда постојано бараше предмети за кои сметаше дека нејзините родители ќе бидат заинтересирани. Од тоа заработуваше малку пари секој

месец, бидејќи тие ѝ даваа провизија од секоја продажба.

Како што се испостави, Дренда се сретнала со овој човек и почнале да разговараат за тоа што работат. Таа му спомнала дека ако некогаш има нешто да продаде, можеби ќе биде заинтересирана. Практично, човекот бил сопственик на прилично голем старечки дом, и одвреме-навреме, некој од пациентите морале да ги продадат своите домови или тоа што го поседувале пред да се вселат во домот. Пациентите што немале семејство да се грижи за предметите од домаќинството, тој привремено ги складирал во магацин, а потоа ги продавал.

Не го познавав, па кога се јави, запишав во бележникот и ѝ кажав на Дренда дека се јавил. Набрзо, кога таа му се јави, тој ѝ кажа дека има три полни соби со мебел и предмети за домаќинство што треба да ги продаде и ја праша дали е заинтересирана. Тој ги понуди сите предмети заедно за многу ниска цена.

Дренда и јас отидовме да погледнеме што има во собите, и иако не можевме да поминеме низ нив за да видиме сѐ бидејќи собите беа преполни од подот до таванот, видовме неколку работи за кои сметавме дека, ако се продадат, треба да ја покријат цената што ја бараше човекот. Им се јавивме на нејзините родители, и тие ги донесоа парите, дојдоа со својот камион и однесоа сѐ назад во Атланта на нивната месечна аукција.

Аукцијата беше огромен успех, а како провизија за нас тие се согласија да ни дадат Пежо караван, стар само неколку години и во одлична состојба. Сега, знам за повеќето луѓе, добивањето половен автомобил можеби не е причина за голема прослава. Но, за нас, во тоа време, беше прв пат да возиме автомобил без да должиме пари за него.

Автомобилот штотуку беше префарбан и изгледаше како нов. Бевме воодушевени.

Одеднаш почнав да го гледам тоа. Можев да Му верувам на Бог дека ќе ми даде сѐ што ми треба без да се задолжувам.

## Промена на парадигмата

Се сетив на еден настан што го имав со Господ една година порано, додека сѐ уште живеевме во Оклахома, и сега ми стана појасно. Гледајќи station наназад, можев да видам дека Господ се обидуваше да ми го привлече вниманието, но бевме толку заглавени во долгови и притисок што едноставно не гледавме дека Бог се обидува да нѐ научи нешто.

Сакам да ловам, а особено сакам да ловам елени. Но, исто така сакам да јадам  месо од срни и да имам трофеј од моите напори за лов. Се случи така што ловев неколку години, но немав што да покажам за целиот труд. Излегував на лов, седев на ладно и одев ден по ден без да видам елен. Тоа стануваше малку обесхрабрувачки бидејќи имав деца за хранење и месото сигурно добро ќе ни дојдеше. Иако имав одреден успех во минатото, поминаа години откако имав успешна сезона на лов и снабдување со месо.

Еден ден, додека размислував за претстојната сезона на лов на елени, го слушнав Господовиот глас. Тој рече: „Зошто не ми дозволуваш да ти покажам како да уловиш елен оваа година?“ Тоа ме запрепасти. „Да ми покажеш како да уловам елен? Што значи тоа?“

Молејќи се за тие зборови, почувствував како Светиот Дух ме поттикнува да посеам финансиско семе или дар со цел да уловам елен. Никогаш порано не сум посеал пари очекувајќи да пожнеам елен, и на почетокот тоа ми се чинеше малку чудно. Но, јас јасно почувствував како Господ ме води да го посеам тоа семе со некои многу детални упатства во целиот тој процес. Во срцето точно ја знаев сумата на чекот што требаше да го посеам. Требаше заедно со Дренда да ги положиме рацете врз чекот и да изјавиме дека го примаме еленот во 1987 година, тогаш и таму, кога се молевме, не подоцна кога ќе го уловам, туку кога се молевме.

Иако како христијанин, отсекогаш давав и ја поддржував мојата црква, сеењето на овој начин, со фокусирана намера и вера дека го добивам тоа за што се

молам беше ново за мене.

Затоа, зедов чек и напишав во делот за белешки: „За мојот елен во годината 1987“. Положивме раце врз чекот со Дренда, и по пошта го испратив до службата во која имав доверба, и исповедав дека штотуку го добив мојот елен додека го испраќав чекот. Зедов парче хартија и на него го напишав денот и времето во кое верував дека го примив еленот и го ставив во џебот од мојот ловечки капут.

Живеејќи во Тулса, Оклахома, во самиот град, во тоа време, навистина немав каде да ловам, но еден мој пријател од црквата ме покани во домот на неговата баба, на село, за Денот на благодарноста; и ми рече дека околу фармата има елени.

Така, утрото на Денот на благодарноста нашето семејство се упати кон селото, да уживаме во одлична храна и дружење со нашите пријатели, но и да го уловам мојот елен. Мојот пријател навистина не знаеше каде да ме упати за лов, но на имотот има пасиште што се граничи со шумата, и тој ми предложи да излезам на пасиштето и да застанам покрај големото дрво што се наоѓа таму.

Сега, замислете го ова. Додека сонцето полека се будеше и почнуваше да ја осветлува околината, видов дека седам среде свежо косено поле со сено во кое имаше едно големо дрво во средината. Чувствував дека целосно сум го погрешил местото бидејќи знаев дека ниту еден елен кој се почитува себеси нема да излезе на отворено додека јас седев покрај дрвото во полето.

Само што мислев да станам и да се упатам кон шумата, која беше на околу 130 метри пред мене, слушнав движење кај дрвјата покрај оградата лево од мене. Можев да слушнам шушкање на лисја во далечината, и знаев дека тоа е елен.

Одеднаш, на виделина се појавија три елени кои одеа во шумата покрај оградата. Имав краток поглед на нив додека се пробиваа низ густите грмушки. Елените беа премногу далеку, но одлучив да застанам и да почекам неколку минути пред да се преместам во шумата каде што чувствував дека тие ќе се движат. Потоа, без да го

знам тоа, еден елен трчаше директно кон моето дрво во полето зад мене.

Бев на спротивната страна од дрвото додека еленот се движеше низ полето кон шумата пред мене, а тој не ме виде. Еленот истрча до дрвото, го почувствува мојот мирис и застана со силно шмркање, кое ме запрепасти. Свртувајќи се десно од ненадејниот звук, бев шокиран кога го видов еленот како зјапа во мене на само пет метри оддалеченост. Сфаќајќи што се случува, еленот веднаш со високи скокови и брзо трчање полета кон шумата.

Сега, не беше лесно да се наместам со испружена пушка и да нишанам кон елен што трча со полна брзина, и знаев дека ќе имам само еден истрел пред тој да стигне до шумата. Немаше шанси да бидам во можност внимателно да нишанам бидејќи еленот скокаше со големи чекори. На само 20 метри пред шумата, го повлеков чкрапалото. По истрелот еленот падна и не мрдаше. Бев шокиран! Дали ова навистина се случи? Сè се случи толку брзо! Станав полека и тргнав до местото каде што лежеше еленот. Брзо го извадив ливчето од џебот и почнав да Му благодарам на Бога за еленот.

Слушајќи го звукот на пушката, мојот пријател излезе и ми честиташе за еленот бидејќи виде дека лежи таму. Не му кажав за она што ми го кажа Господ, но го погледнав и реков: „Мислам дека овој елен не е резултат на мојата голема ловечка способност“. Потоа му го покажав ливчето и она што го напишав на денот кога Дренда и јас се молевме за тој елен. На ливчето пишуваше: „Верувам дека добив елен за 1987 година, токму на овој датум и време кога се молев во името на Исус“. Го држев ливчето за мојот пријател да го види и потоа почнав да му кажувам што ми кажа Господ да направам.



Овој настан ми го привлече вниманието. Знаев без сомнение дека тоа е од Бога. Сè уште не ги поврзував концептот на законот на Царството и она што се случи со еленот што влијаеше на моите финансии. Добивањето на тој елен беше неверојатно, но дали ќе се случи повторно? Без концептот на законот на Царството, немаше да знам како или кои закони направија тој елен да се појави. Но, со нетрпение очекував да го тестирам повторно следната сезона на елени.

**ОВОЈ НАСТАН МИ ГО ПРИВЛЕЧЕ ВНИМАНИЕТО. ЗНАЕВ БЕЗ СОМНЕНИЕ ДЕКА ТОА Е ОД БОГА.**

### Верата функционира секој пат

Следната сезона на елени донесе промени бидејќи од Тулса се преселивме во Охајо. Овој потег беше поттикнат

еден ден додека бев на џогирање. Светиот Дух ми зборуваше и ми рече дека е време да се преселам дома во Охајо и од таму да ја вршам мојата завршна задача.

Тулса беше нашиот дом веќе десет години и навистина ми се допаѓаше животот таму, но бев многу среќен за можноста да заминеме. Нафтената рецесија што се случи една година претходно исклучително тешко ја погоди Тулса бидејќи нејзината економија првенствено зависеше од нафтата. Финансиската состојба не ни беше добра и едвај врзуваме крај со крај. Затоа бев возбуден за можноста за нов почеток. Не знаев дека следните девет години ќе ни донесат уште поголем финансиски стрес кој далеку ќе го надмине она што го видовме во Тулса.

Се преселивме во Охајо на почетокот на летото и со нетрпение очекував да видам што имаше Охајо подготвено за нас. Многу брзо дознавме дека започнувањето со бизнис одново и носењето на целиот долг со нас во Охајо беше исклучително стресно.

Се разбира, се ближеше сезоната на лов на елени, како и раѓањето на нашето трето дете, Том. Том се роди на вториот ден од сезоната на лов во Охајо, па очигледно, со бебето и со обврските околу бизнисот немав време да ги разгледам сите терени за лов. Знаев само едно место за лов.

Во близина на домот во кој пораснав, додека бев во средно училиште, поставував стапици за животни. Имотот на моите родители имаше езерце, кое се напојуваше од еден мал поток што поминуваше низ фармата на нашиот сосед, а потоа се влеваше во нашето езерце. Морам да признаам дека иако со години поминував покрај тој поток додека растев, никогаш не видов елен, ниту пак видов отпечаток од елен на таа земја. Но, се сеќавам дека еднаш додека бев на факултет ми се јави брат ми да ми каже дека видел елен и дека планира да лови таму следната есен. И двајцата бевме изненадени. Направив ментална белешка на нашиот разговор, што се случи девет или десет години претходно.

Се сетив на точното место каде што го видел еленот, бидејќи бев добро запознаен со пределот околу потокот.

Тој укажа дека го видел еленот на местото каде што се раздвојуваше потокот и имаше многу голем јавор. Потоа ми кажа дека има помал јавор веднаш до поголемиот и дека сака да го искористи помалото дрво за да се качи на поголемото, мислејќи дека ќе биде одлично место за лов на елени.

Па, брат ми не улови елен на тој поток, иако ми кажа дека еднаш за малку промашил еден. Но, ни тој се немаше вратено таму со години, па немав поим дали дрвото е сè уште таму или дали ќе можам да го најдам во мракот утрото на мојот планиран лов.

За работите да бидат малку покомплицирани, Охајо имаше закон за лов само со ловечка пушка. Не беа дозволени полуавтоматски пушки за време на сезоната на елени. Имав само двоцевка од 20-калибри во тоа време и немав доверба дека можам да погодам елен со неа, освен можеби на 20 метри. Но, тоа беше единственото дозволено оружје што го имав во тоа време, па затоа планирав да се обидам да ловам со таа пушка.

Дренда и јас го посеавме нашето семе, ги положивме рацете на чекот на ист начин како претходната година и според Марко 11:24, исповедавме дека веќе го имам еленот. Да ја скратам приказната, на четвртиот ден од сезоната на оружје во Охајо, мојот прв ден на лов, уловив елен и помала срна за 40 минути, и двете со истрели од 75 метри кои беа многу над моите можности со таква пушка. Охајо имаше ограничување на два елени годишно во тоа време, затоа и јас уловив само два елени таа година. Така е, ги уловив моите два елени за 40 минути.

Да повторам, знам дека тоа не е случајно. Но во времето на ловот, бевме во финансиска криза и под голем стрес. Всушност, никогаш не се сетив да го применам истиот принцип во нашите финансии.

### Премногу „случајности“

Таа прва зима и следните 12 месеци во Охајо беа ужасни бидејќи се борев со тешки емоционални проблеми,

напади на паника и депресија, како што споделив во Воведот на оваа книга.

**ДА БИДАМ ИСКРЕН, БОГ ЌЕ ИСКОРИСТИ СЀ ЗА ДА ГО ПРИВЛЕЧЕ ВАШЕТО ВНИМАНИЕ.**

Токму следниот ноември, непосредно пред сезоната на елени, ни се запали возилото. Иако искусив неверојатната жетва на елени во претходните две сезони на лов, сепак немав откровение за Царството. Изгорениот автомобил и зборот што ми го даде Бог за Царството ми помогнаа да сфатам дека во овие три приказни има повеќе отколку што мислев. Се чувствував многу охрабрен, но дури и во тој момент немав поим за законот на Царството.

Следната сезона на елени дојде, и јас повторно уловив елен за околу 40 минути, точно како часовник. Почнавме да гледаме како Царството функционира и во нашите финансии, за што повеќе ќе говорам во второто поглавје. Но, во текот на тие рани години, видов неверојатни работи.

Се разбира, Бог секогаш ме учеше нешто ново кога станува збор за ловот на елени. Мислам дека причината за тоа е што сезоната на елени е поврзана со жетвата, и се случува во контролирано и многу ограничено време. Сезоната на оружје во Охајо обично е отворена само две недели. Со таква фокусирана сезона на жетва, не сакате да губите време. Наместо тоа, повеќето ловци на елени се многу фокусирани и внимателни во екот на сезоната. Повеќето поминуваат часови во извидување и подготвување за таа двонеделна можност. Така, ова создава одлична лабораторија за проучување на Царството.

Затоа, се извинувам за сите приказни за лов на елени, но за мене тие беа многу значајни. Ми открија скриени закони кои инаку не би ги видел. Да бидам искрен, Бог ќе искористи сѐ за да го привлече вашето внимание. Преку риболов Бог го привлече вниманието на Петар, Јаков и

Јован во петтото поглавје на Лука кога тие фатија толку многу риби што нивните чамци тонеа. Во мојот случај Тој користеше лов на елени.

Откако тој ден Бог ми зборуваше за Царството во мојата спална соба, и откако видов дека автомобилот се запали и се сетив на ловот на елени, а потоа и како Бог ни отвори врата да го добиеме тој голем користен караван без да се задолжуваме, одеднаш, сфативме. Дренда и јас целосно се приклучивме на тоа што Бог го правеше.

Почнав да ја проучувам Библијата на сосема нов начин. Се нареков себеси духовен научник. Почнав да поставувам прашања. „Зошто се случи тоа? Зошто не се случи тоа?" Внимателно барав наговестувања за духовните закони зад приказните што ги читав во Библијата.

Бог постојано ми покажуваше нови работи; и повторно, Тој го користеше ловот на елени за да ми покаже повеќе од Царството. Следната приказна навистина ми го привлече вниманието. Тоа беше уште еден од оние „Дали го виде тоа?", моменти.

Беше вечер на Ноќта на вештерките и за околу 45 минути нашето семејство требаше да се упати кон црквата за да присуствуваме на забавата што ја одржувавме како алтернатива на традиционалната прослава инспирирана од демони.

Дренда и јас го посеавме нашето семе за елен, ги положивме рацете на чекот, го испративме на службата за која верувавме дека Бог ни кажа да ја благословиме и неколку недели претходно исповедавме дека работата е завршена според Марко 11:24. Тоа беше прв излез на лов таа сезона и ловев со лак и стрела на земјата што ја изнајмивме.

И покрај тоа што бев временски ограничен, бидејќи Бог ми кажа како да ловам со вера, обично го добивав мојот елен во рок од 40 минути. Времето беше навистина кратко, но верував дека има време да уловам елен. Тој ден, отидов на платформата на дрва на задниот дел од

боровите шуми што беа зад нашата стара фарма и се качив горе. Не бев таму подолго од 10 минути кога забележав еден елен на околу 200 метри од мене како се упатува кон шумата на мојот сосед. Знаев дека тоа беше мој елен, но се движеше во погрешна насока!

Бидејќи тоа беше само втора година како ловев со лак и стрела и навистина не знаев толку многу за тоа. Не носев камуфлажа, немав имитатор на звук, и не ни знаев да користам мириси за да привлечам елени. Платформата на дрвото беше даска што ја заковав меѓу две гранки на само околу 4 метри од земјата, и ако знаете нешто за лов со лак од платформа на дрва, тоа е навистина ниско. Но, претходната година, мојата прва година на лов со лак, уловив два елени во две излегувања користејќи ја мојата вера, и не очекував ништо поинаку оваа година.

Додека го гледав еленот како се движи во погрешна насока, не знаев што да правам, па почнав да се молам. Наеднаш слушнав како ми зборува Светиот Дух. Тој ми рече: „Кажи му на еленот да дојде кај тебе". Бев малку шокиран од тоа. Да му кажам на еленот да дојде кај мене? Знаев дека не можам да викам гласно, па со разговорен глас реков: „Елену, застани! Сврти се и дојди и застани под моето дрво". Лудо, нели? Без громогласен повик. Но, во мигот кога го кажав тоа, еленот застана, погледна во двете насоки, потоа се сврте и почна да се движи кон мене, и помина околу 200 метри. И покрај тоа што шумата во која се наоѓав беше широка околу 400 метри, тој елен се движеше директно кон моето дрво, дојде под него и застана.

Секако, не можев да промашам од толку близу. Леле! Дали го видов тоа? Еленот падна под мене со чист истрел. Погледнав во часовникот и сфатив дека ако сакам да стигнам на забавата, најдобро е да го оставам еленот таму и подоцна да се вратам и да го однесам до шталата. Морам да признаам дека размислував за тоа што го видов со недели после ловот. Но Бог не престана да ми го

привлекува вниманието.

Низ фармата што ја изнајмувавме поминуваше поток, и покрај него имаше многу гранки од дрва. Секогаш имаше добар лов на зајаци. Ноќта пред ловот паѓаше снег, а снегот секогаш го олеснуваше гледањето на зајаците. Не можев да одолеам, па мојот син Тим и јас се движевме кон дното на потокот, клоцајќи ги гранките додека одевме, кога одеднаш од нив излета еден фазан.

Охајо имаше сезона на фазани, но речиси никогаш не видов фазан на фармата, можеби одвај еднаш годишно. Додека птицата полетуваше, бев воодушевен што можев да пукам. Пукав, и птицата падна, но падна на земјата и почна да трча. Веднаш знаев што направив. Ја ранив во крилото. Птицата трчаше со полна сила по ридот од потокот, а фазаните можат да трчаат и до 50 километри на час. Се разбира, поради снегот не трчаше толку брзо, но пак се движеше брзо.

Бидејќи потокот беше на дното на долгата клисура, имав целосен поглед на секој квадратен сантиметар од ридот. Ридот се користеше за одгледување трева претходната година, така што беше многу рамен со само повремени површини со порасната трева. Додека птицата се движеше со голема брзина по ридот, знаев дека нема шанси да ја фатам и дека беше надвор од доменот за пушката. Но, одеднаш се сетив на еленот, како ме послуша кога му реков да дојде. Затоа викнав гласно: „Фазане, ЗАСТАНИ!“

Во моментот кога го реков тоа, фазанот исчезна. Имав јасен, отворен поглед на целата падина, која беше покриена со снег со само повремена површини со трева што го пробиваше снегот, но птицата ја немаше. Тим извика: „Каде отиде, тато?“ „Не знам“, одговорив.

Така почнавме да ги следиме трагите нагоре по ридот, и ја најдовме со својата мала глава под снегот. Си помислив: „Па, зарем ја погодив и бегаше додека не умре?“ Посегнав надолу и ја зграпчив птицата, а таа почна да вреска,

мавтајќи со крилјата. Беше жива! Таа ноќ, кога ја касапев птицата, ја погледнав многу внимателно. Немаше траги од сачма на птицата, но видов каде навистина го имав погодено десното крило. Така, птицата навистина беше жива, но застана во моментот кога извикав: „Застани!“

Да, Господи, го имаш целото мое внимание!

ВТОРО ПОГЛАВЈЕ

# НОВ НАЧИН НА РАЗМИСЛУВАЊЕ

Гледајќи како функционира Царството во нашите животи, Дренда и јас едноставно не можевме да престанеме да им кажуваме на луѓето за тоа. Знаевме дека сме на возбудлив пат на откривање и избавување. Сѐ уште продавав осигурување и хартии од вредност, но чувствував дека нешто се менува. Не знаев што, но знаев дека мора да има одговори за моите финансии исто како што видов промена во ловот и во случајот со тој одличен караван. Знаев дека нашите потреби беа поголеми отколку само да поседуваме одличен половен караван, иако секако бев возбуден што го имаме тоа возило.

Сѐ уште имавме многу долгови во тој период од нашата приказна. Сакав да се ослободам од нив, но не знаев што да променам. Иако не знаев што да променам, бев сигурен дека ќе дознаам. Знаев дека го открив мојот одговор, но повторно, требаше да научам повеќе за тоа како сликите што ги гледав во Библијата навистина да се манифестираат во мојот живот. Во тоа време со мојот бизнис едвај ги покривавме основните животни трошоци. Но, тоа беше подобро од времето кога секој месец влегувавме во подлабоки долгови.

Дренда и јас продолживме да ја читаме Библијата и да бараме повеќе примери за тоа како функционира

Царството. Ги посеавме нашите пари и за финансиите што ни беа потребни.

Потоа, една ноќ, имав сон. Во сонот видов гасеница како полека лази по стебленцето на едно растение. Потоа лазејќи по стеблото исплете кожурец. Одеднаш, од кожурецот излезе прекрасна пеперутка, која потоа одлета. Еден глас потоа рече: „Така ќе биде и со вашиот бизнис".

Се разбудив и сфатив што значи сонот. Гасеницата може само да ползи и е многу ограничена во тоа како го живее својот живот, обично живее на истото растение целиот свој живот. Но, се случува трансформација која го менува потенцијалот и целиот живот на таа гасеница. Се трансформира во пеперутка, а тоа ѝ овозможува да лета каде и да сака. Некои, како монархот, можат да летаат илјадници километри за да ги избегнат зимските месеци на северната хемисфера. Иако во времето на сонот не знаев како ќе се случи оваа трансформација, знаев дека Бог ми покажува дека тоа ќе се случи. Бев охрабрен.

## Чудесно откритие

Според мојата пракса откако се вратив во Охајо, секое утро за бизнисот правев по 90 така наречени ладни повици. Би сакал да ви кажам дека имав одличен систем за тоа, но искрено кажано, само поминував низ телефонскиот именик секој ден (тоа беше пред да биде додадена опцијата Забрането јавување).

Бидејќи бев регионален потпретседател на компанијата во која работев, мојата главна функција беше да вработувам и обучувам нови претставници за продажба. Се јавував и велев дека мојата компанија се проширува во Охајо, и прашував дали знаат некој што можеби е заинтересиран. Најчесто се вклучуваше телефонска секретарка и оставав порака. Ако имаа интерес, ќе се јавеа. Од 90 повици дневно, можев да очекувам две до три интервјуа и можеби една продажба.

Преку овој процес го запознав Дејв. Во разговорот со

него по телефон, тој изрази желба да најде нова кариера и беше заинтересиран да види што имам да понудам. Му понудив да дојдам до неговиот дом таа вечер, а тој се согласи. Седнав со него и неговата сопруга, и почнав да ги поставувам сите нормални прашања за тоа каде работи сега, зошто сака промена во кариерата и како стојат финансиски. Обично секогаш ги прашував потенцијалните кандидати за нивните лични финансии, бидејќи ако всушност одлучат против влез во компанијата, тогаш се обидував да им продадам осигурителна полиса. Така, собирањето финансиски податоци ми овозможи да добијам претстава за тоа каква полиса им треба и да видам кои други осигурителни производи можеби веќе ги имаат.

На мое изненадување, додека разговаравме за нивната моментална финансиска состојба, сопругата почна да плаче од очај. Нивната финансиска состојба не беше најсјајна и немаа поим што да прават или што да променат. Сфатив дека нивниот проблем не е осигурувањето. Требаше да го зголемат својот готовински тек и да се ослободат од долговите, па го спомнав Божјото Царство и тоа како јас и Дренда учевме како тоа функционира. Ги уверив дека ќе направам сè што можам за да им помогнам и договоривме да се сретнеме повторно за една недела за да разговараме за потенцијалните промени што можеби ќе треба да ги направат.

На пат до канцеларијата по тој состанок, бев возбуден. Сигурно можев да направам нешто!

Откако се вратив во канцеларијата, седнав на мојата столица и одеднаш ми дојде идеја. Можам да ги истражам опциите за сите производи или услуги што ги користеа и да се обидам да ја најдам истата услуга на друго место по пониска цена. Целта ми беше да видам колку пари можеме да заштедиме и пренасочиме кон намалување на долгот. Тоа беше пред деновите на интернет, па целото мое истражување мораше да биде преку жолти страници и телефонски повици.

По една недела, ја проверив цената на секој производ или услуга што ја користеа и навистина бев изненаден

од она што го открив. Со преуредување или замена на нивните сегашни снабдувачи со снабдувачи или компании што беа поевтини, ќе заштедеа повеќе од 600 долари месечно. Потоа користејќи дигитрон пресметав како тие заштедени финансии може да се пренасочат за враќање на долгот.

Кога ја видов цифрата на екранот, се запрепастив. Сигурно некаде сум направил грешка. Мојата пресметка покажа дека без промена на приходите овој брачен пар може целосно да ги врати сите долгови за помалку од седум години, вклучувајќи ја и станбената хипотека. *Невозможно*, си помислив. Така, повторно ги проверив цифрите и повторно ги добив истите резултати.

Потоа ја отворив фиоката за досиеја и извадив неколку досиеја на мои клиенти обидувајќи се да ја повторам истата процедура. Исто како и мојот сегашен клиент, секој од нив би можел целосно да остане без долгови за пет до седум години, вклучително и нивната хипотека – повторно, без промена на тековниот приход. Ако тоа беше можно, а сега знаев дека е, зошто никој не говореше за тоа? Составив податоци за моите клиенти за да видат дека можат да се ослободат од долговите за помалку од седум години. Бев многу возбуден што повторно ќе се сретнам со нив за да им покажам што открив, и бев љубопитен како тие ќе ги примат тие информации.

Додека седев со Дејв и неговата сопруга, детално им ги презентирав бројките, објаснувајќи им како може да се заштедат парите. Намерно ги криев конечните резултати додека не им кажав за секоја ставка што може да го ослободи готовинскиот тек. За време на мојата презентација, моите клиенти седеа речиси во шок. Од нивна перспектива, немаше пари и начин да се ослободат од долговите - никогаш! Додека ја прелистував последната страница, откривајќи дека тие можат да бидат слободни од долговите за помалку од седум години, вклучувајќи ја и нивната станбена хипотека, одеднаш, сопругот скокна со солзи во очите. Беше толку возбуден. И двајцата сега се расплакаа и ми се заблагодаруваа одново и одново што дојдов. Потоа поминав некое време кажувајќи им за сето

она што Бог ми го откриваше и она што досега го научив во врска со Божјото Царство. Тие слушаа внимателно!

Не заработив ниту денар од нив, но бев најсреќен што некогаш сум бил со клиент; и сега мојот ум работеше милион километри на час. Сакав за секој клиент да го направам тоа што го направив за Дејв, и се молев Бог да ми даде мудрост како да заработувам од тоа. Знаев дека тоа ќе биде мојот нов бизнис модел ако можам да сфатам како да заработувам од тоа. По неколку обиди и грешки, најдовме начин да ги понудиме нашите планови бесплатно на секој што ќе побара, а сепак тоа да донесе паричен принос за нашиот бизнис преку системот за упатување што го дизајниравме. Беше премногу добро за да биде вистина, а јас и Дренда бевме многу возбудени.

Знаев дека тоа е трансформацијата што ја видов во сонот. Иако знаев дека сме само во фазата на кожурец од сонот, бев подготвен да летам! Имаше уште многу да научам за навистина да летам, но знаев дека сум на вистинскиот пат.

Ја воспоставивме нашата нова компанија и ја нарековме Фејтфул фемили финансес (Faith-Full Family Finances) бидејќи знаевме дека со вера, вашите финансии ќе останат целосни; и тоа беше пораката што навистина сакавме да ја пренесеме, повеќе и од финансиските одговори што ги нудевме. Го задржавме тоа име повеќе од 20 години, но сфативме дека името е очигледно христијанско и сакавме да допреме до повеќе неверници, па решивме да го смениме нашето име во Форвард финаншал груп (Forward Financial Group), име што остана до денес. (Патем, ние сè уште вршиме бесплатни консултации за излез од долговите како и консултации за заштита од пазарниот ризик на пензиските фондови.)

Иако сè уште бевме во сериозни долгови во моментот на основањето на нашата компанија, знаевме дека одиме по вистинскиот пат. Компанијата постигна огромен успех,  а јас и Дренда ги вративме сите долгови за околу две и пол години. Не можам да ви кажам колку беше тоа прекрасно! Наеднаш, нашите животи не се трошеа во борбата за преживување, напротив, во нас се раѓаше

визија за иднината.

Беше прекрасно да можеме да купиме автомобил без да се задолжуваме. Беше неверојатно да платиме во готово за 55 хектари дел од најубавото земјиште во Охајо. Изградбата на нашиот дом од соништата од 700 квадратни метри без никакви долгови исто така беше неверојатно! Никогаш нема да го заборавам моментот кога стоевме таму со Дренда гледајќи како се копа подрумот на нашиот нов дом. Самиот подрум беше поголем од целата мала куќа на фармата во која живеевме претходно. Двајцата само стоевме и гледавме со солзи во нашите очи. Гледајќи како деветте пеколни години од нашиот живот на Земјата остануваат во минатото. Знаевме дека работите никогаш нема да бидат исти. Го откривме Божјото Царство и сега знаевме зошто пророкот Исаија го нарече добра вест.

*„Духот на Господ Бог е врз Мене, зашто Господ Ме помаза за да им благовествувам на бедните.“*

—Исаија 61:1

Да бидам искрен, јас и Дренда моравме да се штипкаме одново и одново, убедувајќи се дека не сонуваме, затоа што се случуваа такви неверојатни работи. Да бидеме целосно без долгови за нас некогаш беше само невозможен сон, но сега стана реалност!

Слушнете, јас не сум толку добар! Ја видовте мојата историја. Давав сè од себе на свој начин и со свои сили со години без никаков напредок освен болка во срцето и стрес. Учев како да живеам на Божји начин, и тоа функционираше. И затоа ја читате оваа книга, да го дознаете она што го дознав јас, и ќе дознаете. Но, прво мора да сфатите дека преминав во еден нов систем, ново Царство и еден сосема нов начин на живеење. Тоа е и вашиот одговор. Одговорот што ви е потребен и вам. Ова е добрата вест што ја чекавте. Знам, знам, вашата црква не поучува такво нешто. Па, ниту мојата не поучуваше за таа вистина, но ја има во Библијата.

## Бог е добар - секогаш

Затоа, дозволете ми да ви дадам еден од главните клучеви за да разберете што велам - отфрлете ја религијата! Ова не е прашање на религија. Станува збор за Бог, за тоа што Тој сака да имате и како ја плати цената преку Исус за да ви го даде Царството. Значи, ајде да навлеземе во Царството и да дознаеме како тоа функционира.

Кога Дренда и јас почнавме да гледаме како Божјото Царство функционира во нашите животи, многу пати бевме шокирани од она што го гледаме. Сфативме дека мнозинството верници не разбираат како тоа функционира.

На пример, неодамна прочитав наслов за седумгодишно дете кое починало на операциона маса за време на тонзилектомија. Иако тоа е исклучително честа и обично многу безбедна операција, срцето на девојчето едноставно застанало за време на операцијата, што навистина е исклучително трагичен исход. Мислам дека сите ние бевме трогнати кога слушнавме дека тоа се случило. Сепак, колку и да беше трагичен настанот, имаше уште еден трагичен дел од приказната што може да влијае на ова семејство до крајот на нивниот живот. Дозволете ми да ја цитирам изјавата на таткото во едно интервју, еве ја изјавата:

> *„Човек не може да разбере зошто се случуваат овие работи, но знаеме дека тоа беше Божји план. И тоа е единственото нешто што може да ни помогне во овие тешки денови, бидејќи знаеме дека тоа беше Божја волја.“*[4]

Дозволете ми да го цитирам и бекот на Грин Беј Пекерс, Арон Роџерс, чија приказна се појави на 22 јануари 2020 година во списанието People.

---

[4] https://nypost.com/2020/02/26/7-year-old-south-carolina-girl-dies-during- tonsillectomy

*Роџерс објасни дека како дете се сомневал во религијата и оттогаш, како што стареел се поврзал со „друг вид на духовност". „За повеќето луѓе што ги познавав, црквата беше само... место каде што мораше да одиш". Тој исто така рече: „Не знам како можеш да веруваш во Бог што сака да го осуди поголемиот дел од планетата на огнен пекол. Каков вид на добро, чувствително, сеприсутно, семоќно суштество сака да го осуди своето прекрасно создание на огнен пекол на крајот од сето ова?"*[5]

Навистина луди коментари! Но, ако тие го веруваат тоа за Бога, сигурно ќе се согласите, кој може да верува или да сака да Му служи на Бог што сака да ја земе нивната седумгодишна ќерка? Никој! И кој сака да Му служи на Бог што „сака" да го осуди поголемиот дел од планетата во пекол? Никој! Но, во тоа веруваат мнозинството христијани. Сте го слушале тоа цел живот: „Господ го дозволи тоа", „Господ го направи тоа", „Тоа беше Божји план", „Време беше да си оди" и многу други изјави. Всушност, ќе се обложам дека веројатно и вие размислувате на ист начин. Па ќе бидам многу искрен. Ако навистина верувате дека Бог е таков, дека доброволно би убил дете или некому би му дал рак, тогаш треба сериозно да разговараме. Дозволете ми да кажам вака:

**НИКОГАШ НЕМА ДА МУ ВЕРУВАТЕ НА НЕКОЈ ВО КОЈ НЕМАТЕ ДОВЕРБА!**

Ако ве учеле да немате доверба во Бог, дека Тој убива невини луѓе и ако истовремено се согласувате дека Тој е Семоќниот Творец на универзумот, тогаш најдобро за нас е многу да се трудиме за да останеме на Неговата страна.

Тоа го правеле луѓето во минатото во многу примитивни култури. Тие принесувале секакви жртви за да го смират гневот на Бог. Тие се ставале себеси под секакви ограничувања, дури и трпеле разни видови болка, за да покажат дека навистина му се покорни на Бог, со надеж дека ќе го избегнат Неговиот гнев. Но, дали

---

[5] https://people.com/sports/aaron-rodgers-opens-up-about-religion-to-danica-patrick-i-dont-know-how-you-can-believe-in-a-god

е ова навистина карактерот на библискиот Бог? Дали треба да живееме во страв од Бог? Не, се разбира не. Концептот дека Бог е против нас или дека не можеме да Му веруваме е резултат на лошото учење што започна во градината со Адам и Ева.

> *Но змијата беше полукава од сите ѕверови полски, што ги создаде Господ Бог; па ѝ рече на жената: „Вистина ли е дека Бог рекол да не јадете од ниедно дрво во рајот?“*
>
> *А жената ѝ рече на змијата: „Ние јадеме род од секое дрво во рајот; – само од родот на она дрво среде рајот, – рече Бог, – не јадете од него и не допирајте се до него, за да не умрете!“*
>
> *Тогаш змијата ѝ рече на жената: „Не, нема да умрете! Но Бог знае дека оној ден кога ќе вкусите од него, ќе ви се отворат очите, па ќе станете како богови и ќе знаете што е добро, а што зло.“*
>
> *Кога жената, виде дека родот на дрвото е добар за јадење, и убав на изглед, и дека дрвото е пожелно поради тоа што дава знаење, набра род од него и го изеде, па му даде и на мажот свој, та и тој јадеше.*
>
> —Создавање 3:1-6

Уште од почетокот на времето сатаната фрла сомнеж на Божјиот карактер. Чудно, Ева веќе ја имаше мудроста што можеби мислеше дека ѝ недостига во нејзиниот однос со Бог. Сепак, сатаната ја убеди дека има нешто што ѝ недостига и што Бог не ѝ го дава. Адам и Ева поверуваа во лагата за Бога и доброволно ги отфрлија своите позиции во Неговото Царство за да се стремат кон друго царство. Тие веруваа дека сатаната има подобра иднина за нив. Се разбира, нивната одлука донесе само болка, тага и смрт.

Тактиката на сатаната не е променета и не е чудо што неговата најголема цел е самата црква. Бидејќи црквата веќе има овластување да го стави сатаната под нејзините нозе и да го порази на секој фронт, неговото единствено оружје, како што беше и тогаш, се измамата и лагите.

## Божјиот карактер

Што се однесува до вашата иднина и вашето снабдување, ова е најважната тема што треба прва да ја разгледаме, карактерот на Бог. Ако не го решиме ова прашање, тогаш можете да ја ставите оваа книга настрана како само уште една книга за помош за збогатување. Мојата надеж е дека ќе ми дадете време да ве прошетам низ оваа тема. Се надевам дека навистина сакате да бидете финансиски слободни и дека копнеете по мудрост и знаење. Овој пат учењето не е од лажливецот, сатаната, кој ги измами Адам и Ева, туку од Самиот Бог.

Прво, можам да разберам зошто мислите дека Бог дозволува да се случат лоши работи. Мислам, ако Тој е Бог, тогаш Тој има моќ да направи сè, нели? Значи, ако седумгодишното дете умре, а Бог има моќ да го спречи тоа, тогаш сигурно Бог го дозволил тоа. Хм, таа изјава е само делумно вистинита. Иако Бог имаше моќ да ја спречи смртта во случајот, Тој немаше правна јурисдикција да го направи тоа. Во следното поглавје ќе зборувам повеќе за јурисдикцијата, но прво треба да се осврнам на проблемот со карактерот, а потоа да се уверам дека знаете, без никакво колебање или сомнеж, дека Бог е добар и Неговото Слово е вистина.

Можеби се прашувате зошто е ова толку важно. Како што одиме понатаму во оваа книга, ќе зборувам за законите на Царството, нивната функција и како тие закони ме ослободија од финансискиот пекол во кој живеев. Ако не Му верувате на Царот, тогаш Неговите закони нема да ви значи ништо.

Запомнете, моето прво откритие на ова патешествие беше дека Царството Божјо е Влада. Оваа Влада има Цар што ги поставува законите на Царството. Овие закони ги покажуваат достапните придобивки и одговорности на граѓаните што живеат во Царството. Тие ја штитат и гарантираат волјата на Царот за сите жители на Царството. Разбирањето на карактерот на Царот е предуслов за разбирање на самите закони.

Како што реков претходно, откако разбрав дека

Царството Божјо е Влада со закони и бенефиции што законски му припаѓаат на секој граѓанин на Царството, станав духовен научник. Тогаш знаев дека зад секоја пројава на Царството се крие духовен закон што ја претходи. Тогаш имав надеж. Можев да ги научам законите! Секој може! Ова го открија Кит и Кети.

### Четирите години што го променија нивниот живот

Кит и Кети имале нормални плати, и живееле нормален живот. Кога Кит останал без работа тие само што биле купиле нов дом. Меѓутоа, една година порано Кит дознал за нашата ТВ-емисија *Решавање на проблемот со парите* и почнал да ги проучува и да размислува на моите материјали, учејќи за Царството и неговите законски права како граѓанин.

Кога останал без работа, се молел и решил наместо да бара друга работа, да основа сопствена компанија за камиони.

Тој бил свесен дека навистина не знаел многу за бизнисот, но чувствувал дека може да научи. Тој го започнал својот бизнис со транспорт со само еден камион и пренесувал автомобили и сè друго што можел да пренесува. Продолжувајќи да учат за тој бизнис, за Кит и Кети се отворила нова можност за соработка со една национална компанија на која ѝ требало бизнис партнер. Ова било голем чекор за Кит и од него барало да поседува свој камион и да научи многу повеќе закони во врска со бизнисот со транспорт - но истапил верувајќи дека Бог го води.

**СЕКОЈ ШТО ЌЕ ВИ КАЖЕ ДЕКА БОГ НЕ Е ДОБАР, ВЕ ЛАЖЕ!**

Оттогаш, неговата компанијата многу напредувала. Сега, тој има осум камиони што секој ден возат. Кит ми кажа дека со неговата поранешна работа заработувал околу 1.500 долари неделно. Во првата година како сопственик на компанија за камиони, Кит ми

рече дека заработувал речиси 4.000 долари неделно. Втората година, заработувал преку 15.000 долари неделно. Следната година приходите му пораснале на 25.000 долари неделно, а следната година на над 38.000 долари неделно. За само четири години примањата на Кит пораснале од 78.000 долари годишно на два милиони годишно!

Добив текст од Кит додека го пишував ова поглавје. Тој ми кажа дека тукуштo вработил четворица нови возачи, и неговиот паричен тек сега е 70.000 долари неделно. Од 78.000 долари годишно до 70.000 долари неделно во период од четири години! Такви нешта ми го привлекуваат вниманието! Кит и Кети сметаат дека им претстојат уште поголеми работи бидејќи сега планираат да основаат уште две компании.

Ако ги прашате Кит и Кети како го постигнале тоа, ќе ви кажат дека сето тоа е резултат на запознавањето со Божјото Царство и како тоа функционира.

Првото нешто што Кит и Кети ќе ви го кажат е дека морале да отфрлат многу од религиозното ѓубре што го учеле цел живот за Бог и за тоа како Тој работи. Еден од клучевите на кој морале да се фокусираат бил дека Бог е добар, СЕКОГАШ ДОБАР и дека НИКОГАШ не лаже. Секој што ќе ви каже дека Бог не е добар, ве лаже!

> *„Не мамете се, браќа мои возљубени. Секој добар дар и секој совршен подарок иде озгора, симнувајќи се од Отецот на светлината, во Кого нема промени ни сенка од измена.“*
>
> —Јаков 1:16-17

Второ, тие ќе ви кажат дека морале да научат да бидат дарежливи на сосема нов начин. Поддршката на Божјите задачи со парите што тие ги заработуваат е суштински клуч за нивниот успех.

Библијата е јасна. Не е исправно да Го обвинуваме Бог за ужасните работи што им се случуваат на луѓето. Библијата вели дека сатаната е тој што доаѓа да убие, украде и уништи.

*„Крадецот доаѓа само да украде, да убие и да погуби. Јас дојдов за да имаат живот и да го имаат во изобилие.“*
—Јован 10:10

И забележете што вели Исус после таа прва изјава: „Дојдов за да имаат живот и да го имаат во изобилие“, или некои верзии велат живот во „полнота“. Бог не е ваш непријател. Но, ако мислите дека Тој ви е непријател, тогаш според Јаков 1:16, некој ве измамил. Кој ви кажа дека Бог лаже? Кој ви кажа дека Господ го уби тоа седумгодишно дете? Кој ви кажа дека Бог понекогаш исцелува, а понекогаш не? Веројатно можам да погодам — некој проповедник што не знае подобро. Но, еве една вистина за која треба да се држите доколку сакате да примите нешто од Бога. Господ не лаже! Всушност, Библијата вели дека е невозможно Тој да лаже (Евреите 6:18).

Повторно, причината зошто луѓето веруваат дека Бог не е секогаш добар е затоа што не го разбираат правниот систем на Царството овде, на земното царство. Како што спомнав претходно, ќе го продлабочиме тоа во следното поглавје и ќе одговори на еден куп ваши прашања. Но, ако сакате да разберете како функционира Царството, мора да знаете дека Бог е добар и Тој никогаш не лаже.

## Константите во Божјото Царство

Во средно училиште научив една лекција што мислам дека може да се примени во нашиот контекст. Учевме дека кога се справуваме со физички супстанции, треба да знаеме дека постојат одредени атрибути што никогаш не се менуваат и се постојани. Токму така! Овие закони во физиката се нарекуваат константи. На пример, температурата што предизвикува замрзнување на водата е 0 целзиусови степени. Тоа е константа; никогаш не се менува. На ист начин, фактот дека Бог е добар е константа. Значи, во однос на водата, ја користиме константата на

температурата на замрзнување на водата секогаш кога тоа е потребно.

Истото важи и за разбирањето на Божјиот карактер. Ако знаете дека Бог е добар и никогаш не се менува, ќе можете да ги толкувате пасусите од Светото Писмо низ објективот на таа константа. Како пример, да го разгледаме Излез 4:11-12.

> *А Господ рече: „Кој му дал уста на човекот? Кој го прави нем, или глув, да гледа, или да е слеп? Зар не сум тоа Јас, Господ?“*
>
> —Излез 4:11-12

На прв поглед, изгледа дека Бог намерно ги прави луѓето слепи и неспособни да слушаат. Но, мора да ја запомниме нашата константа - Бог е секогаш добар. Ајде да го разгледаме истиот стих од друг превод.

> *Тогаш Господ го праша Мојсеј: „Кој ја прави устата на човекот? Кој одлучува дали луѓето зборуваат или не зборуваат, слушаат или не слушаат, гледаат или не гледаат? Зар не јас, Господ?“*
>
> —Излез 4:11 (Динамичен превод)

Контекстот на овој пасус е дека Бог го повикува Мојсеј да оди кај својот народ, Евреите, и да им каже дека Бог го повикал да оди кај фараонот за да бара Евреите да бидат ослободени. Но Мојсеј Му одговори на Бога: „Што ако Евреите не веруваат дека Ти ми се објави?“ Бог му кажа на Мојсеј неколку начини да им го докаже тоа. Но, тогаш Мојсеј Го моли Господа:

> *„Господи, јас не сум многу добар со зборови. Никогаш не сум бил, и  не сум сега, иако Ти зборуваше со мене. Ми се врзува јазикот, а зборовите ми се плеткаат“.*
>
> *Тогаш Господ го праша Мојсеј: „Кој ја прави устата на човекот? Кој одлучува дали луѓето зборуваат или не зборуваат, слушаат или не слушаат, гледаат или не гледаат? Зар не сум Јас, Господ? Сега оди! Јас ќе бидам*

*со тебе додека зборуваш, а Јас ќе те поучам што да кажеш“.*

—Излез 4:10–12 (Динамичен превод)

Дозволете ми да ги парафразирам зборовите на Бог до Мојсеј. Дали ја направив устата на човекот да зборува или да не зборува? Дали ги направив очите на човекот да гледаат или да не гледаат? Одговорот е очигледен. Устата е создадена да зборува, а очите да гледаат. Тоа се обидува Бог да му го каже на Мојсеј. Во основа, Бог вели: „Ако ја создадов устата, тогаш сигурно ќе ти помогнам да ја користиш!“ Бог се обидува да му помогне на Мојсеј да разбере дека може да Му верува дека ќе му помогне да зборува кога ќе оди кај Евреите.

Но, без правилно гледиште за Бог, можеме погрешно да ја протолкуваме Неговата намера овде. Мислам дека сите сме слушнале дека Мојсеј пелтечел. Повеќето луѓе ќе го наведат тоа како апсолутен факт, но дали е така? Како одговор, ќе речете: „Дефинитивно. Самиот Мојсеј вели дека не зборува добро“. Се согласувам, тој го кажува тоа, но во врска со што? Ако Мојсеј не можел добро да зборува, тогаш треба да го објасниме Дела 7:22.

*„Така Мојсеј се запозна со целата мудрост на Египќаните и се стекна со големо теоретско и практично знаење.“*

—Дела 7:22 (Динамичен превод)

Всушност, гледаме дека Мојсеј бил токму спротивното од некој кој не умее со зборови. Тој бил моќен во говорот. Затоа, што мислел Мојсеј кога вели: „Господи, јас не сум многу добар со зборови. Никогаш не сум бил, а не сум сега, иако Ти зборуваше со мене. Се врзувам со јазикот, а зборовите ми се плеткаат?“

Кога читаме во Излез 4 дека Мојсеј бил бавен во говорот, тоа се однесува на фактот дека Мојсеј не го зборувал добро хебрејскиот јазик. Тој не бил воспитан со Евреите. Тој бил воспитан како Египќанец и првенствено го зборувал египетскиот јазик. Бог го уверува Мојсеј дека

бидејќи ја создал устата на човекот, ќе му помогне да зборува со Евреите. Но, повторно, Мојсеј има што да каже.

> *Но тој пак рече: „Те молам, Господи, избери друг, што ќе го испратиш.“ И се разгневи Господ на Мојсеј, и рече: „Нели ти е брат Арон левитот? Знам дека е способен да зборува; и еве тој ќе те сретне, и, кога ќе те види, ќе се зарадува во срцето свое. Нему ќе му говориш и ќе ги ставаш зборовите во устата негова; а Јас ќе бидам со устата твоја и со устата негова и ќе ви покажам што да правите. И тој место тебе ќе му зборува на народот; и така тој ќе ти биде тебе уста, а ти ќе му бидеш нему место Бога.“*
>
> —Излез 4:13-16

Заклучокот е дека Арон многу добро го знаел хебрејскиот јазик, бидејќи бил воспитан како Евреин и можел да разговара со Евреите за Мојсеј, а не дека Мојсеј пелтечел.

**ВО БИБЛИЈАТА ИМА НАД 7.000 ВЕТУВАЊА КОИ ГИ ДЕФИНИРААТ ВАШИТЕ ЗАКОНСКИ ПРАВА КАКО БОЖЈИ ДЕЦА.**

Така, сега гледате колку е важно да се има правилно и константно гледиште за Божјиот карактер. Знаејќи дека Тој е секогаш добар, ни овозможува да го преиспитаме претпоставеното значење на текстот и да копаме подлабоко за правилното толкување. Значи, повторно, вашата основа во Царството е да го знаете карактерот на самиот Цар. Ако тоа не го знаете, тогаш сатаната може да ве измами, како што направи со Ева, да верувате дека Бог не ја кажува целата вистина или, уште полошо, дека ве излажал.

## Разбирање на Божјите ветувања

Во Библијата има над 7.000 ветувања кои ги дефинираат вашите законски права како Божји деца. Секое ветување ви е дадено од самиот Цар и може да Му се верува. Или не може? Ако може да се покрене сомнеж во врска со Божјата добрина, тогаш може да се покрене сомнеж и за Неговите ветувања.

Дозволете ми да ви дадам пример. Да речеме дека сум ви дал чек од 1.000 долари. Ќе ми се заблагодарите и во вашиот ум вие знаете дека имате 1.000 долари. Ќе се однесувате како да имате 1.000 долари и ќе зборувате како да имате 1.000 долари, и повторно ќе ми се заблагодарите за парите. Но, факт е дека уште ги немате тие 1.000 долари; имате само обврзница. Чекот е само ветување, наведувајќи дека имате законско право да добиете 1.000 долари од мојата банка. Сѐ уште треба да го материјализирате чекот за да ги имате парите! Но, бидејќи мојата намера кон вас е позната, бидејќи јас доброволно ви го давам чекот со потпис, и бидејќи верувате дека имам 1.000 долари, можете да говорите дека имате 1.000 долари иако имате само ветување.

Бог е секако поголем од мене. Неговото Слово не лаже. Тој ни ги дава Своите големи и скапоцени ветувања. Ако Бог ви го даде Своето ветување, тоа е веќе завршена работа! Единственото нешто што сатаната може да го направи за да го спречи ветувањето да се оствари е да ве натера да се сомневате во Божјиот Збор. Затоа е од витално значење да знаете дека Бог е добар и не лаже.

Дозволете ми да ви дадам уште еден пример. Знам дека многумина зборуваат дека чудата поминаа и дека Бог не ги прави истите работи што ги правеше Исус додека одеше по земјата. Јас пораснав во многу традиционална црква и да бидам искрен, никогаш не видов манифестација на Божјата сила, барем не можам да се сетам на тоа. Значи, само затоа што немам видено исцеление, дали тоа значи дека Бог повеќе не лекува? За да одговориме на тоа, не можеме да одиме според нашето искуство. Треба да дознаеме што вели Библијата, што вели законот на Царот

за исцелението.

> *„Како Го **помаза** Бог со Дух Свети и со сила Исус од Назарет, и како Тој одеше вршејќи добри дела и исцелувајќи ги сите што беше ги нападнал ѓаволот, **зашто Бог беше со Него**.“*
>
> —Дела 10:38

Како што можеме да видиме, исцелувањето беше клучен потпис на Исусовата служба.

Текстот вели дека Исус ги исцели сите затоа што Бог беше со Него. Сега таа фраза „Бог беше со Него“ е изјава што треба да ја разберете. Се разбира, Бог беше со Исус во текот на целиот Негов живот на земјата. Но, оваа фраза всушност се однесува на моментот кога Исус се крштеваше во вода и Светиот Дух слезе врз Него како гулаб. До тој момент, Исус не направи никакви чуда. Немаме никаков запис дека додека беше дете Исус ги умножуваше житарките за појадок или дека исцелуваше болни. Неговата служба всушност започна дури откако беше помазан од Светиот Дух. Бог беше со Него и ги вршеше делата.

Па, може да речете: „Да, Исус исцелуваше, но Тој сега не е тука“. Па, се согласувам, во право сте, но Тој ја остави таа задача на црквата. Знаете, истата таа моќ што дојде на Исус ѝ беше дадена на црквата. Додека Исус се подготвуваше да ја напушти земјата, Тој им го кажа следното на Своите ученици:

> *„Но ќе примите сила од Светиот Дух, Кој ќе слезе на вас и ќе Ми бидете сведоци во Ерусалим и во цела Јудеја и Самарија, и сè до крајот на земјата.“*
>
> —Дела 1:8

Истата сила, Светиот Дух, дојде на црквата за да ги прави истите чуда што ги правеше Исус.

Не можете да ми кажете поинаку. Мојата ќерка Ејми имаше тумор во стомакот тежок околу 6 килограми. Сите се молевме за нејзиното исцелување засновано на Божјиот

Збор, едно утро таа се разбуди целосно исцелена. Туморот тежок 6 килограми го немаше, а нејзиниот грб (кој беше заврзан и искривен) беше целосно реконструиран. Нејзината приказна можете да ја видите и прочитате во нејзината книга *Исцелена преку ноќ.*

Мојата снаа имаше тумор со големина на портокал на телото, за кој лекарите рекоа дека ќе треба да се отстрани со операција. Тие рекоа дека има ретка форма на рак и дека има уште еден до два месеци живот. Таа, исто така, веруваше во Божјите ветувања и едно утро се разбуди целосно исцелена. Туморот го немаше.

Мојата сопруга Дренда, исто така, имаше огромен израсток на грбот со големина на паричка од 50 денари. Таа почна да му заповеда на израстокот да го напушти нејзиното тело, и за две недели израстокот целосно исчезна.

Дали Бог избра да ги излечи овие дами? Дали тоа беше нешто што Бог мораше да избере да го направи? Дали Бог ги сака овие три дами повеќе од вас? Не! Тие едноставно ги разбраа законите и придобивките од Царството и се држеа за нив. „Па, тогаш, зошто“, можеби ќе прашате, „толку многу луѓе се болни?“ Зошто почесто не гледаме исцелени луѓе во нашите цркви?

Мило ми е што прашавте. Ајде да го разгледаме тоа во следното поглавје.

ТРЕТО ПОГЛАВЈЕ

# ПРАШАЊЕ НА ЈУРИСДИКЦИЈА

Како што кажав претходно, живеам во рурална средина на 60 хектари земја, еден од најубавите предели во Охајо. Првично имав 55 хектари, но мојот сосед ми продаде парче земја што се граничи со мојата земја, и сега имам 60 хектари. Во последните 22 години навистина уживавме во нашиот имот. Голем благослов е што имаме шуми за ловење елени, мочуриште за ловење патки и полиња за ловење зајаци и фазани, како и земјиште да ги возиме нашите мотори на четири тркала. Но, ако внимателно го погледнете имотот, на самата граница ќе забележите знаци ЗАБРАНЕТ ВЛЕЗ. Знаците се таму за луѓето да знаат каде започнува линијата на мојот имот.

Законот во Охајо вели дека лицето кое сака да биде на мојата земја мора да има писмена согласност во секое време кога е на имотот. Доколку некој нема писмена согласност, тогаш тоа е прекршок, и тие можат законски да бидат гонети и да добијат казни и парични казни во процесот. Законот вели дека секој што ќе избере да оди по мојата земја без јас да знам за тоа, тоа го прави нелегално, бидејќи тоа не е нивна земја. Ако им кажам да ја напуштат мојата земја, тогаш немаат друг избор!

Така, накратко, не можете да заземете нешто за што немате правна јурисдикција.

Оваа илустрација за прекршување на територијалната сопственост ќе одговори многу прашања за тоа зошто работите се случуваат или не се случуваат во Божјото Царство. Разбирање на прашањето за јурисдикција во Царството е предуслов за ефективно работење во Царството.

### Зошто не беа исцелени?

Сигурен сум дека веројатно сте слушнале ваква приказна. Се разболува некоја позната личност и за неа се упатува јавен повик за молитва. Милиони луѓе се придружуваат на молитвата за исцеление на оваа личност, а сепак личноста на крај умира. Зошто? Или некој ви кажал дека нивната баба умрела иако се молеле за неа, а тие сакаат да знаат зошто. Или некој ви кажува дека посеале финансиско семе за некоја нивна потреба, но и понатаму се без пари. Дали има одговори на овие прашања?

Пред да одговорам, да признаеме дека не знаеме сѐ што се случува во доменот на Духот, и јас не се преправам дека знам сѐ. Меѓутоа, врз основа на Божјото Слово, знаеме Исус ја плати цената за исцеление на болните. Знаеме дека ако сме дарежливи и даваме, Библијата вели дека ќе добиеме. Сепак, секојдневно гледаме како наизглед Божјото Слово не функционира во животите на многу луѓе. Дали Бог е виновен?

Додека го разгледуваме она што го научивме во последното поглавје, и додека разговараме за оваа тема во ова поглавје, ќе увидите дека одговорот е категорично не. Ако одговорот е не, тогаш во што е проблемот? Ова е големо прашање. За мнозинството луѓе кои немаат ниту најосновно разбирање дека Бог е секогаш добар, на прашањето дали Бог е виновен за некоја трагедија, тие претпоставуваат дека е Тој е виновен. Повторно, затоа што знаат дека Тој има моќ да ги спречи лошите работи, а очигледно, не ја употребил, тие мислат дека Тој сигурно го дозволил тоа. Но, кога би знаеле дека Бог е добар и не

може да лаже, би знаеле дека проблемот мора да лежи на друго место и би започнале потрага по одговорот.

Учениците демонстрираа таков начин на размислување кога не можеа да го истераат демонот од опседнатото момче. Наместо да прашаат: „Зошто Бог одлучи да го остави демонот таму?“ Го прашаа Исуса: „Зошто не можевме да го истераме?“

**ЦАРСТВОТО БОЖЈО Е ЦАРСТВО И ФУНКЦИОНИРА СО ЗАКОНИ И ПРИНЦИПИ ШТО НИКОГАШ НЕ СЕ МЕНУВААТ.**

Кога се чини дека околностите се косат со Божјото Слово тоа треба да биде нашето прво прашање. Значи, повторно, од витално значење е, пред сè, да знаеме дека Бог е добар и, второ, дека не лаже. Ова е, исто така, причината зошто потрошив толку многу време за да го изложам она што ми се чини дека е очигледно, но изненадувачки, мистерија е за поголемиот дел од црковниот свет. Ако сакате да научите како функционира Царството мора да поставувате прашање кога ја читате Библијата.

Запомнете, тие одлични библиски приказни се таму со причина. Исус се обидува да ви покаже нешто. Значи, да продолжиме со тоа зошто некои не го примаат она што го пишува во Божјото Слово. Па, може да има многу нешта што влијаат врз надлежноста на Небото. Некои нешта не се веднаш очигледни, а некои се лични и скриени.

Царството Божјо е Царство и фунцкионира со закони и принципи што никогаш не се менуваат. Тие принципи, како што реков, можат да се научат и да се применуваат исто како што земјоделецот ги разбира законите за времето на сеење и жетва во земното царство и ги користи тие закони за да напредува. Бидејќи Царството функционира со закони, кои се дадени на секој граѓанин да ги разбере и применува, секој може да ги научи. Понекогаш, да се знае како функционираат овие закони може да биде прашање на живот и смрт.

## Одлука што значи живот или смрт

Марк и Хана дојдоа во нашата црква и сакаа да имаат бебе. Дотогаш, докторите на Хана ѝ велеа дека поради различни проблеми во нејзиното тело, речиси е невозможно да забремени или да носи бебе. Но, слушајќи за Божјата добрина и учејќи го законот за Царството во црквата *Вера и Живот*, таа остана бремена. Хана беше воодушевена, без зборови. Но, набргу почна да има силни болки во стомакот. Неколку пати тие болки беа толку големи што дури се онесвести.

По една таква епизода, таа сакаше да ја прегледаат па отиде во ординацијата на нејзиниот доктор. Нејзиниот матичен доктор не бил на работа, но докторот на замена сакал да направи ехо за да види што се случува. Докторот забележал големо згрутчување во крвта, но забележал и дека нема срцево отчукување. Тој проценил дека таа имала спонтан абортус. Докторот ѝ понудил да дојде следниот ден за да го извадат мртвото бебе од утробата, но Хана одбила. Наместо тоа, нејзиниот сопруг, Марк, ја охрабрил Ана со Божјото Слово и Божјите ветувања и ја охрабрил да не ја отфрла својата доверба во врска со бебето. Тој викенд ние се молевме за неа во црква и таа беше убедена дека ќе роди здраво бебе и покрај тоа што ѝ го кажал докторот.

Следниот понеделник, таа отиде кај нејзината матична докторка, бидејќи таа не бил таму при нејзината прва посета. Нејзината докторка ѝ предложила да направи уште еден ехо преглед. Хана рече дека докторката била шокирана додека гледале во мониторот споредувајќи го тоа што го гледа со снимките направени неколку дена претходно. Потоа таа ѝ ги кажала следните зборови на Хана: „Ова го работам 30 години и никогаш порано не сум имала ваков случај. Можам да го видам големото згрутчување во крвта на минатонеделните снимки и отсуството на отчукување на срцето. На денешниов преглед, целото згрутчување на крвта го нема, и гледам совршено бебе, живо, со совршено чукање на срцето". Неколку месеци подоцна, Хана роди здраво девојче, и ѝ го

дадоа името Евелин. Љубопитна за значењето на името Евелин, еден ден таа погледнала и се изненадила кога дознала дека името всушност значи живот!

Оваа неверојатна приказна очигледно е дело на Бога, но како духовни научници, треба да си поставите неколку прашања. Зошто се случи тоа? Дали Хана е само едно од Божјите омилени деца? Дали Бог случајно избра да го излечи нејзиното бебе? Ова се прашања на кои мора да се одговори. Повторно, за просечниот христијанин, се случи чудо. Но, ги охрабрувам луѓето да го преиспитаат зборот чудо бидејќи тој имплицира нешто невообичаено. Во Царството, ова едноставно беше функционирање на законите на Царството.

Ако земам камен и го пуштам па истиот падне на земја, ќе помислите дека сум луд доколку викам: „Леле, го видовте ли тоа? Каменот падна на земја – тоа е чудо!“ Нема да се согласите дека тоа е чудо затоа што знаете дека така функционира законот на гравитацијата, а тој закон функционира исто секогаш и за секого. Каменот секогаш ќе паѓа на земја. Значи, како духовни научници, мора да барате наговестувања за тоа што се случило, духовни наговестувања кои ќе го откријат законот или законите на Царството што биле присутни во приказната.

## Откривање на клучот

Ајде да преминеме на друга приказна каде што можеме да дознаеме повеќе за функцијата на Царството во однос на овие прашања. Една од најголемите приказни во Библијата која ќе ни помогне да најдеме одговори се наоѓа во Лука, поглавје осум.

> *Зашто имаше една единствена ќерка на дванаесет години и таа умираше. А кога одеше Исус, народот се туркаше во Него. И една жена, која страдаше дванаесет години од крвавење, и сиот свој имот го беше потрошила по лекари, а ниеден не можел да ја излекува, пристапувајќи одзади, се допре до крајот на Неговата*

*облека и наеднаш ѝ престана крвавењето.*
*И рече Исус: „Кој се допре до Мене?“*
*А бидејќи сите порекнуваа, Му рече Петар и оние што беа со Него „Учителе, народот Те опколил и Те притиска, а прашуваш: ‚Кој се допре до Мене?‘“*
*Но Исус рече: „Некој се допре до Мене, зашто сетив дека излезе сила од Мене.“*
*Жената, штом виде дека не може да се сокрие, со трепереење пристапи, па како падна пред Него, Му кажа пред сиот народ зошто се допрела и дека веднаш оздравела. А Тој ѝ рече: „Не бој се, ќерко, верата твоја те спаси; оди си во мир!“*

—Лука 8:42-48

Во оваа приказна читаме за жена која долго била болна и не можела да оздрави. Доаѓајќи до Исус, таа од позади се допрела до Неговата наметка и веднаш оздравела. Сега, има неколку многу длабоки вистини за тоа како функционира Царството во оваа приказна од кои можеме да научиме многу и кои ќе изнесат на виделина некои од одговорите што ги бараме.

Најпрво, толпата што Го опкружуваше Исус се допираше до Него. Како што се вели во приказната, Тој речиси беше турнат од толпата што Го притискаше. Кога Исус праша: „Кој ме допре?“ Петар се зачуди од прашањето бидејќи, повторно, сите Го допираа. Но, Исус рече дека оваа личност Го допрела на поинаков начин бидејќи почувствувал како силата на Светиот Дух тече од Него.

Откако ќе ја прочитате оваа приказна, во вашиот дух треба да активира многу аларми и ѕвона што ќе ве поттикнат да застанете и да размислите што всушност се случило. Вашиот ум би требало веднаш да започне со истражување барајќи одговор на многуте прашања. Како духовни научници, ние треба да знаеме зошто оваа жена беше исцелена, а други не беа. Можам да претпоставам дека таму имаше многумина што физички Го допираа Него, кои исто така беа болни, но не беа излечени. Затоа, треба да прашаме: „Зошто помазанието течеше само врз оваа жена, а не врз сите други што Го допреа Исус во тој

момент?“

Традиционалниот религиозен одговор е дека таа беше исцелена затоа што ја исцели Исус. Но, дали тоа е точно? Дали Исус намерно ѝ служеше кога таа беше исцелена? Дали ги положи рацете врз неа? Дали Тој заповеда болеста да го напушти нејзиното тело? Одговорот е не. Всушност, Исус не ни знаеше дека таа беше таму. Мораше да праша кој Го допре. Значи, дали Исус всушност избра да ја исцели во тој момент? Повторно, Тој не ни знаеше дека таа е таму. Па, како таа беше исцелена? Зошто беше исцелена?

Како духовни научници, можеме да ја исклучиме мислата дека таа беше едно од Божјите посебни деца или дека имаше посебна врска со Исус, бидејќи во Дела 10:34 пишува дека Бог не гледа кој е кој. Можеме да претпоставиме и дека бидејќи Исус не ни знаеше дека таа е таму, Тој немаше никаков удел во нејзината одлука да биде исцелена тој ден. Се согласуваме дека Тој беше резервоарот на помазанието, но Тој не беше дел од одлуката што таа ја донесе да биде исцелена во тој момент.

Исус точно ни кажува како таа го искористи авторитетот и силата на Царството. Тој рече: „Ќерко, твојата вера те спаси. Оди си во мир.“ Оваа реченица ни кажува сѐ што треба да знаеме и одговара на нашето прашање зошто и како таа го прими исцелението тој ден. Како духовни научници, да почнеме да ја разгледуваме оваа приказна подетално и да видиме дали можеме да откриеме какви било индиции за тоа зошто таа доби исцеление.

Прво, Исус ја нарекува ќерка, што значи дека таа беше Израелка, потомок на Авраам. Како дете на Авраам, таа го поседуваше благословот даден на Авраам и придобивките од заветот што Бог го склучи со Авраам.

> *И му рече: „Ако го послушаш добро гласот на Господ твојот Бог, ако правиш што е угодно пред очите Негови, ако ги слушаш заповедите Негови и ако ги пазиш сите наредби Негови, нема да ти пратам ниедна од болестите, што ги пратив над Египет. Зашто Јас*

*сум Господ, твојот исцелител.“*

—Излез 15:26

Значи, кога Исус ја нарекува ќерка, тоа значи дека таа имаше законско право на сè што беше вклучено во заветот на Авраам што го склучи со Бог. Сепак, овој факт сам по себе не може да биде единствената причина за нејзиното исцелние, бидејќи тој ден сите таму што Го притискаа Исус го имаа истото легално право. Мораше да има нешто друго што направи да тече силата на Царството Божјо. Потоа Исус ни кажува уште една причина зошто таа доби исцеление. Всушност, Исус вели дека токму тоа е точната причина зошто таа доби исцеление. Тој рече дека нејзината вера ја исцели.

Значи, сега ни се познати причините зошто таа можеше да прими. Прво, законски таа имаше право да прими бидејќи беше Авраамова ќерка, и второ, нејзината вера беше прекинувачот што дозволи таа сила да тече лично во нејзиното тело токму во тој момент. Фактот дека таа беше ќерка може да се спореди со електродистрибуција што ја снабдува струјата и каблите што ја носат во вашиот дом. Напојувањето е достапно, но тоа не значи дека вашите светла ќе бидат вклучени. Мора да го вклучите и прекинувачот пред да се запалат светлата.

Така, како законски потомок на Авраам, оваа жена имаше законско право да биде исцелена. Меѓутоа, бидејќи таа имаше јурисдикција на земјата и на сопствениот живот, таа мораше лично да го вклучи прекинувачот за да се ослободи таа моќ. Но, каде е прекинувачот? Како да го вклучиме? За да дознаеме, треба да ги дефинираме овие поими.

**ВЕРАТА Е ПОИМ ШТО ХРИСТИЈАНИТЕ МНОГУ ЛАБАВО ГО КОРИСТАТ.**

### Што е вера?

Верата е поим што христијаните многу лабаво го користат. И јас сум убеден дека многумина, ако не и повеќето, не знаат што всушност е

вера, зошто е потребна, како да знаат дали се во верата и како да добијат вера. Ако верата е прекинувачот што направи помазанието да тече врз таа жена и да ја исцели, тогаш треба многу внимателно да ја разгледаме верата! Дефиниција за верата наоѓаме во Римјаните 4:18–21.

> *Авраам, без никаква основа за надеж, поверува со надеж дека ќе стане татко на многу народи, според реченото: „Такво ќе биде твоето потомство.“ И откако не ослабна верата негова, тој не помисли дека телото негово е веќе безживотно, зашто беше речиси стогодишен, и дека утробата Сарина е речиси веќе безживотна; и во ветувањето Божјо не се посомнева со неверие, туку остана со цврста вера и Го прослави Бога, наполно уверен дека Тој е силен да го изврши она што го ветил.“*
>
> —Римјаните 4:18-21

Ајде да ја разбереме поставката на оваа приказна. Авраам и Сара не можеа да имаат деца. Со ова не велам дека тие требаше да продолжат да се обидуваат. Мислам, тие беа стари скоро 100 години, и веќе беше готово. Нивните тела не можеа да имаат деца; тоа беше невозможно! Сепак, Бог му вети на Авраам дете, иако човечки гледано, тоа беше сосема невозможно. Библијата вели дека Авраам беше целосно убеден дека Бог има моќ да го направи она што го ветува и покрај природните факти кои наведуваат поинаква приказна.

Еве ја нашата дефиниција за верата: „Да се биде целосно убеден дека Бог има моќ да го изврши она што го ветил“. Јас тоа вака го формулирам: „**Вашето срце е во согласност со Небото**“. Тоа не е само ментално согласување со она што го вели Бог, туку и целосно убедување. Дозволете ми да повторам уште еднаш за да бидеме сигурни дека го разбираме ова.

**Нашата дефиниција за вера е**: Верата е целосно убедување во она што го вели Бог! Нашите срца и умови се во согласност со Небото, целосно убедени.

## Зошто е потребна верата?

Зошто Бог не може да ги излечи сите во болница кога сака? Зошто Тој не може да ги запре војните? Зошто Тој не може да испрати ангели да ни го проповедаат Евангелието? Сигурен сум дека сте ги слушнале сите овие прашања некогаш. Одговорот е дека Тој не може. Не станува збор дека Бог нема моќ да го стори тоа, но Тој нема јурисдикција да го направи тоа. За да разберете што велам, да погледнеме во Евреите 2:6-8.

*Туку, напротив – некој посведочил зборувајќи:*
*„Што е човекот да мислиш на него, синот човечки, та да се грижиш за него? Си го направил за кратко малку подолен од ангелите, но со слава и чест си го овенчал и си го поставил над делата од Твоите раце; сè си потчинил под нозете негови.“*
*А кога сè му потчини, ништо не му остави непотчинето; но сега уште не гледаме дека сè му е потчинето.*

—Евреите 2:6-8

Бог на човекот му даде целосна правна надлежност над целото земно царство кога го создаде. Немаше ништо што не беше под негова надлежност. Тој владееше со ова царство со апсолутна јурисдикција и авторитет. Неговата способност да владее со авторитет беше поддржана од власта што го постави овде. Во суштина, тој владееше со делегирана власт на Царството Божјо. Тој ја носеше круната на таа власт, која ја претставуваше славата Божја, помазанието и положбата на чест или авторитет што ја носеше.

Сега, се разбира, тој навистина не носеше вистинска метална круна, но сепак имаше круна во смисла на она што симболизира круната. За да добиете добра слика за тоа како изгледа ова, замислете вистински цар. Иако тој е човек и нема вистинска моќ во своето природно битие, тој носи круна, што значи дека стои како претставник не само за себе, туку и за целото царство и власт. Неговите

зборови носат авторитет само затоа што се поткрепени со целата моќ и природни ресурси на власта и царството што тој го претставува.

Еден сообраќаец што го насочува сообраќајот може да запре огромен камион со приколка со изјавата: „Застани во името на законот".

Да, камионот е многу поголем од човекот - а човекот сам по себе не може да се спореди со камион - но камионот застанува, не поради човекот, туку поради значката што ја носи човекот, што ја претставува власта. Во овој случај, власта е многу поголема од човекот што ја носи значката. За камионџијата не постои страв од човекот, туку постои страв од власта која човекот ја претставува, која прави камионџијата да застане.

Истото важи и овде. Адам владееше над сѐ што беше создадено во земното царство. Божјата моќ и владеење, претставени со круната на славата и честа, му дадоа на човекот уверување дека неговите зборови владеат во име на Божјото Царство.

Многу е важно да се забележи дека кога Адам ја изгуби способноста да владее со земјата со тоа што изврши предавство против Божјото владеење, тој ја изгуби својата круна, својата позиција на авторитет во Божјото Царство, но не го изгуби своето законско право на земјата. Човекот сѐ уште беше законски одговорен за земјата. Бог му даде да владее над неа. Ако се вратиме на нашиот текст од Евреите, можеме да го видиме тоа.

> *Туку, напротив – некој посведочил зборувајќи:*
>
> *„Што е човекот да мислиш на него, синот човечки, та да се грижиш за него? Си го направил за кратко малку подолен од ангелите, но со слава и чест си го овенчал и си го поставил над делата од Твоите раце; сѐ си потчинил под нозете негови."*
>
> *А кога сѐ му потчини, ништо не му остави непотчинето; но сега уште не гледаме дека сѐ му е потчинето.*

—Евреите 2:6-8

Иако овој текст зборува за времето кога беа создадени Адам и Ева, текстот вели, „Ништо не му остави непотчинето“.

*„Небесата се Господови небеса, а земјата Тој им ја* **даде на синовите човечки***.“*

—Псалми 115:16

**Човекот Го исфрли Бог**

Иако човекот има правна јурисдикција над земјата, тој го изгуби својот авторитет да владее духовно. Во суштина, во градината Адам Го исфрли Бог од животот на луѓето; и падот фрли дамка врз земното царство. Смртта влезе на земјата, а сатаната сега имаше законско право да влијае врз човечките работи. Но, иако сето тоа се случи, многу е важно да разберете дека човекот сè уште е законски жител на земјата.

**ТОКМУ ЗАТОА БОГ МОРА ДА УПОТРЕБУВА ЛУЃЕ ИСПОЛНЕТИ СО ДУХОТ ЗА ДА ЈА СПРОВЕДЕ СВОЈАТА ВОЛЈА ВО ЖИВОТОТ НА ЛУЃЕТО.**

И во паднатата состојба тој сè уште е на чело. Да, тој повеќе ја нема својата круна на Божјата власт за да го поддржи. Нема овластување да владее со Божјата сила и слава, и ја изгуби својата почесна положба. Но, тој сè уште е единственото живо суштество што има законско право да владее со земното царство односно со земјата.

Токму затоа Бог мора да употребува луѓе исполнети со Духот за да ја спроведе Својата волја во животот на луѓето. На ист начин, сатаната користи луѓе инспирирани од темнината за да ја наметне својата волја на земјата. Овој принцип на човечка јурисдикција над земјата е од витално значење за вашето разбирање на законот на

Царството и, особено, зошто е потребна вера за Бог да добие правна надлежност во некоја ситуација.

Можеби ќе речете: „Но јас мислев дека Бог ја поседува земјата и сè што е на неа?“ Точно, Тој ја поседува земјата. Се надевам дека овој пример ќе ви помогне да разберете што велам. Ако ви го изнајмам мојот стан, иако легално го поседувам, законски се откажувам од правото да доаѓам кога сакам. Во повеќето договори за закуп има клаузула која одредува кога сопствениците можат легално да влезат во изнајмените простории - на пример, да се справат со некој итен случај или да направат поправки - и временската рамка во која треба да го најават тоа. Ако се обидам да влезам во домот надвор од овој договор, тоа ќе се смета за кршење и нарушување, иако законски јас го поседувам имотот. Ако го прекршам законот како што е наведен во договорот за закуп, тогаш законски оние што живеат таму смеат да ме принудат да ги напуштам просториите иако јас сум сопственикот на домот.

Ова илустрира зошто сатаната мораше преку Адам да добие пристап до земното царство. Само Адам го имаше клучот! Сатаната мораше да помине низ вратата и мораше да го прими клучот од оној што легално го поседуваше и кој легално имаше право да го изборка сатаната.

На ист начин, штом Адам ја исфрли Божјата власт, Бог мораше да најде начин легално да ја врати Неговата власт на земјата. Повторно, за таа цел беше потребен човек од земјата. Во случајот, вратата ја отвори човекот по име Аврам.

> *И му рече Господ на Аврам: „Излези од својата земја, и од родот свој, и од домот на татко си, па појди во земјата што ќе ти ја покажам Јас! А од тебе ќе направам голем народ, и ќе те благословам, и името твое ќе го прославам и ти ќе бидеш благословен. Ќе ги благословам оние, што тебе ќе те благословуваат, и ќе ги проколнам оние, што тебе ќе те проколнуваат <u>и преку тебе ќе бидат благословени сите народи на земјата</u>.“*
>
> —Создавање 12:1-3

Авраам е наречен татко на нашата вера затоа што тој е човекот што му ја отвори вратата на земното царство на Бога преку што ќе бидат благословени сите народи на земјата. Се разбира, ова се однесува на Исус Христос и на Божјиот план за спасение на човештвото. Верата на Авраам отвори легална врата која Бог трајно ја отклучи со склучувањето правен договор меѓу Авраам и Себе. Овој договор беше обврзувачки и за семето на Авраам, и токму тоа е пораката во Создавање 12: „Преку тебе ќе бидат благословени сите народи на земјата". „Благословени преку тебе" значи дека Исус дојде преку лозата на Авраам и го врати она што Адам го изгуби.

Дозволете ми да го парафразирам тоа што го кажувам. Секој маж или жена што имаат правна јурисдикција на земјата мора да бидат во единство или во договор со Небото за Небото да има правен пристап на земното царство. Овој договор со Небото се нарекува вера. Ова е истиот принцип со кој сатаната доби легален пристап до земното царство преку човекот што го држеше клучот, Адам.

> *Потоа ѓаволот Го одведе на една висока планина и Му ги покажа за миг сите царства во светот. И Му рече ѓаволот: „Тебе ќе Ти ја дадам сета оваа власт и нивната слава, зашто мене ми е предадена, и ја давам кому што сакам. Ако ми се поклониш, сето тоа ќе биде Твое."*
>
> —Лука 4:5-7

Во овој стих можете да видите дека сатаната тврди дека власта и раскошот (богатството) на царствата на земјата му се дадени нему. Тој тврди дека има апсолутен авторитет над земјата во однос на човештвото. Па кој му ја даде таа власт? Оној што ја имаше, а тоа беше Адам! Така Бог не може само да упадне во животот на луѓето без легален влез, тоа би било нелегално. Сатаната ќе тврди дека тоа е прекршување. Не, Бог мора да помине низ истата врата како и сатаната, преку некој маж или жена на земјата.

## Исус не можеше да ги излечи – откривање на една моќна лекција

*А Исус им рече: „Пророкот никаде не е без почест, освен во својата земја, меѓу роднините и во својот дом.“* ***<u>И не можеше тука да изврши никакво чудо</u>****; освен што излекува малку болни, полагајќи ги рацете врз нив. И се чудеше на нивното неверие. Па одеше по околните села и поучуваше.*

—Марко 6:4-6

Ако прашам некој на улица дали Исус може да направи нешто, тие веројатно ќе одговорат дека може. Ако потоа прашам дали има некое место во Библијата каде што Исус се обиде, но не можеше да направи чуда, каков одговор ќе добијам? Ве уверувам дека ќе ми кажат дека такво место не постои во Библијата. Но, ние само што прочитавме еден таков пример. Исус не можеше да ги излечи. Како духовен научник, сакам да знам зошто. Одговорот е едноставно затоа што не можеше, а сега знаете зошто. Тоа беше затоа што тие немаа вера, што значи дека немаше договор со Небото, а со тоа и Небото немаше правна надлежност во таа ситуација. Внимавајте добро да го разберете она што го учиме сега.

**Небото нема надлежност на земјата освен ако срцето на луѓето не е целосно убедено во она што го кажува Небото, а тоа се нарекува ВЕРА.**

Ако се вратиме на прашањата што ги поставив во првиот дел од ова поглавје за неодговорените молитви, можеме да ги добиеме нашите одговори сега. Сетете се, спомнав можна ситуација кога милиони луѓе се молат за некого, а сепак личноста за која се молат да умре. Зошто? Како што рековме, главната причина е немањето вера. Повеќето луѓе погрешно ја поистоветуваат големата врева со вера.

*„Кога се молите, не говорете многу како незнабошците, зашто тие мислат дека за своите многубројни зборови ќе бидат услишени; вие, пак,*

*немојте да бидете како нив, зашто вашиот Отец небесен знае од што имате потреба уште пред да Го помолите.“*

—Матеј 6:7–8

Многу луѓе веруваат дека колку повеќе луѓе се молат, толку е поголема шансата Бог да слушне и да биде поттикнат да помогне. Се надевам дека досега кажавме доволно за да знаете дека тоа воопшто не е точно. А кога велиме дека немало вера, првенствено, зборуваме за оној што треба да прима од Бог со вера.

Во нашата приказна од Марко, поглавје 6, ќе треба да се согласите дека Исус имаше многу вера, но сепак не можеше да ги излечи. Значи, ако јас и вие зборуваме за болниот пријател за кој се молат милиони, ќе ве прашам: „Што вели болниот?“ Знаете, никој нема духовна власт над друга личност. Можеме да имаме 20 милијарди луѓе кои се молат за некого, но ако тој човек нема вера и вели дека ќе умре, ќе умре.

Повторно, да го разгледаме нашиот пример што штотуку го разгледавме во Марко 6. Знаеме дека Исус имаше вера да исцели, но не можеше да направи ништо за луѓето без нивната вера да биде вклучена.

Многу луѓе ми имаат кажано дека се молеле за нивните болни баба или дедо или некој роднина, но сепак ништо не се променило. Секогаш прашувам: „Што вели бабата? Што вели дедото? Дали тие имаат вера?“ Знаете, вие немате духовна власт над друга личност. Можете да им служите, но тие мора да бидат вклучени во тоа. Така, прво нешто што им велам на луѓето да направат ако сакаат да видат ефективно служење е да ја сменат сликата. Зборувам за сликата што ја гледа болниот за сопствената ситуација. Не им давајте многу религиозни цитати; дајте им слика. Дозволете ми да ви покажам за што зборувам.

*И му соопштија на Јован учениците негови за сето тоа. Јован, пак, повика двајца свои ученици и ги испрати кај Исус, говорејќи: „Ти ли си Оној што треба да дојде, или друг да чекаме?“*

> *И кога дојдоа кај Него, тие Му рекоа: „Јован Крстителот нè прати кај Тебе, велејќи: ,Ти ли си Оној што треба да дојде, или друг да чекаме?‘“*
>
> *Во тој час Тој исцели мнозина од болести, и од рани, и од демони, и на мнозина слепи им подари вид. И им одговори Исус и рече: „Одете и кажете му на Јован што видовте и што чувте: слепи прогледуваат, куци проодуваат; лепрозни се очистуваат, глуви прослушуваат, мртви воскреснуваат и на бедни им се проповеда Евангелието.“*
>
> —Лука 7:18-22

Забележете дека Исус не цитираше некој стих од Светото Писмо. Можеше да рече: „Вратете се и кажете му на Јован тој стих или тој стих “. Не, Тој им кажа за сите добри работи што се случуваа во Царството Божјо. Вие може да го направите истото. Кажете му на вашиот пријател кој е болен сведоштво за тоа како Исус исцелил некој друг. Ако е можно, раскажете им приказна за некој што бил излечен од истата болест што го напаѓа нивното тело. Оваа слика ќе ги инспирира и ќе донесе надеж. Надежта секогаш носи слика со себе, а тоа е сликата што сакате да ја види вашиот пријател, дека има исцелување за таа болест.

**„ЗАТОА, ВЕРАТА ДОАЃА ОД СЛУШАЊЕТО НА ПОРАКАТА, А ПОРАКАТА - ОД БОЖЈОТО СЛОВО.“**

**— РИМЈАНИТЕ 10:17**

Штом вашиот пријател ќе види дека е можно да се излечи, тогаш ќе ве праша како е тоа можно. Тоа е моментот што го чекате. Наместо да им проповедате, тие сега се отворени да бидат поучени во врска со Божјото Слово и начелата на Царството. Прво, ќе сакате да ги доведете во Царството ако не се новородени; и второ, ќе треба да поминете некое време со нив објаснувајќи им што вели Божјото Слово во врска со исцелувањето. Ако е можно, оставете им литература што го потврдува она

што сте им го кажале.

Сега знаеме што е вера (договор со Небото) и зошто верата е законски потребна, но сепак треба да знаеме како да добиеме вера и како да знаеме дали имаме вера.

## Како да добиеме вера?

*„Затоа, верата доаѓа од слушањето на пораката, а пораката – од Божјото слово.“*

—Римјаните 10:17

Како доаѓа верата од слушањето на Божјото Слово? Каков е процесот? Дали само слушањето од Словото е сè што е потребно за да се развие верата во човечкиот дух? За да разбереме како доаѓа верата и за што зборува Римјаните 10:17, можеме да погледнеме во Евангелието по Марко, четвртото поглавје. Секогаш велам дека доколку ја фрлите Библијата во вис, таа ќе падне отворена во Марко 4; толку е важно тоа поглавје! Исус рече во Марко 4:13 дека ако не разберете што поучува во тоа поглавје, нема да можете да разберете ниту една друга парабола во Библијата. Така што, јас мислам дека е многу важно!

Зошто ова поглавје е толку важно? Затоа што ни кажува како Небото се поврзува со земното царство, како добива јурисдикција и каде се случува тоа. Нема ништо поважно за вашиот живот од тоа да знаете за што зборува целото ова поглавје.

Во ова поглавје, Исус ни кажува три параболи во врска со тоа како се создава верата во човечкиот дух, што, пак, како што знаете сега, е услов за Небото легално да навлезе на земјата. Трите приказни во ова поглавје се параболата за сејачот, параболата за човекот што расфрла семе и приказната за синаповото семе. Да започнеме разгледувајќи ја втората приказна што ја раскажува Исус во Марко 4, приказната за човекот што расфрла семе.

*Па рече: „Царството Божјо прилега на човек што фрлил семе в земја, па спие, и станува ноќе и дење;*

*а како никнува и како расте семето, тој не знае. Зашто земјата сама од себе донесува плод, најнапред стебленце, па клас, а потоа и полно зрно во класот. А кога ќе узрее плодот, веднаш испраќа срп, зашто дошло времето за жетва.“*

—Марко 4:26–29

Најпрво треба да ги дефинираме нашите поими. Што е семето за кое зборува Исус и што е земјата? Исус всушност ги дефинира тие два поима во претходната парабола за сејачот во истото поглавје. Семето е Словото Божјо, а земјата е срцето на човекот или духот на човекот.

Така, во оваа парабола, Исус вели дека еден човек го расфрла Божјото Слово во неговото срце. Тогаш почвата, или срцето на човекот, сама по себе, почнува да произведува вера, или договор, со Небото. Сега, ова е природен процес и функција на вашиот човечки дух. Тоа што го ставате таму се инкубира. Пред да продолжам, важно е да се сетите на нашата дефиниција за верата: цврста убеденост во срцето во нештата што ги кажува Небото. Сега, тоа што треба да се запамети овде е дека договорот со Небото не е исто што и ментално согласувањето со Божјото Слово. Библијата вели дека Авраам беше целосно убеден.

## Целосно убедени

За да ви помогнам да добиете јасна слика за тоа како изгледа и што значи да се биде целосно убеден, да речеме дека ви кажав да скокнете од врвот на Емпајер Стејт Билдинг во Њујорк. За да ве убедам да го пробате тоа, ви реков дека ако доволно силно мавтате со рацете, можете безбедно да слетате на земјата. Ќе ми се насмеете во лице затоа што знаете што ќе ви се случи. Вие сте целосно убедени во резултатот. Така изгледа да се биде целосно убеден. Знаете дека сте убедени; нема друга можност. Ќе умрете ако скокнете.

Значи, да земеме друга ситуација како пример и да

видиме како ќе постапите со неа. Да претпоставиме дека имате многу видлив, голем израсток на вашето тело, а докторот вели дека имате уште еден месец живот: имате рак. Всушност, докторот вели дека вашата форма на рак е толку ретка што никој до сега со истата дијагноза не преживеал. Сега, да претпоставиме дека знаете што вели 1 Петар 2:24.

> *Тој сам ги носеше нашите гревови на крстот во телото Свое, та ослободени од гревовите да живееме за правдата: „Преку Неговата рана се исцеливте".*
>
> —1 Петар 2:24

Светото Писмо ни го кажува одговорот, но јас и вие имаме сериозен проблем. Ние пораснавме во царството на темнината, а перверзијата и смртта беа насекаде околу нас. Ние пораснавме во царството на стравот, целосно убедени во она што го кажува стравот.

Затоа, во горната илустрација, ние сме научени дека ракот може да убие. Имаме докази во секое медиумско емитување дека тоа е вистина. Па, како ќе го промениме нашиот договор; како можеме целосно да се увериме во она што го вели Бог? Па, во реалноста, не можеме сами. Но, Словото Божјо е живо и полно со сила, и со тоа што ќе го всади во вашиот дух, сам од себе, вашиот дух и Словото почнуваат да создаваат согласност со она што го кажува Небото.

## Согласност со Небото

> *Па рече: „Царството Божјо прилега на човек што фрлил семе в земја, па спие, и станува ноќе и дење; а како никнува и како расте семето, тој не знае. Зашто <u>земјата сама од себе донесува плод</u>, најнапред стебленце, па клас, а потоа и полно зрно во класот. А кога ќе узрее плодот, веднаш испраќа срп, зашто дошло времето за жетва."*
>
> —Марко 4:26-29

Сама од себе, почвата (вашето срце) произведува договор. Забележете дека не можете да се молите за вера; тоа е функција на вашето срце и на Словото. Како што забележуваме во текстот, можеме да видиме дека договорот на нашето срце со Небото е процес бидејќи не се случува веднаш.

Оваа илустрација ни кажува дека на почетокот кога нашето срце го прима Словото, верата почнува да расте, исто како што расте никулецот од ново засадено семе. Потоа продолжува да расте како стебленце, а потоа ја формира главата. Главата е местото каде што почнува да се формира семето или плодот. Во оваа фаза од животот на растението, сè уште нема плод за јадење. Растението сè уште го нема произведено својот зрел, стасан плод, но расте.

Така е и со Словото Божјо. Сè уште нема видливи промени во природната област кога верата расте. Сè уште нема договор, но бидете сигурни дека растението расте, се произведува вера и се случува договор. Исус понатаму објаснува дека кога семето во главата е целосно зрело или стасано, жетвата е дојдена, договорот е таму, а сега и верата е таму.

Значи, тука е разбирањето. Кога ќе засадите семе во земја, преку процесот на ’ртење растението почнува да расте, но плод сè уште нема. Растението продолжува да расте додека е во вистинската средина; и како што созрева, го исфрла својот плод. Да претпоставиме дека одгледувате пченка. Растението дава пченка, но на почетокот тоа е само мало зрно без зрела пченка што можете да ја јадете. Но, по некое време, пченката станува зрела и стасана. Сега, видете го ова! Во моментот кога зрното пченка на стеблото се совпаѓа со зрното пченка што е посеано во земјата, постои согласност.

**Кога семето што е во главата на растението ќе созрее, тоа ќе изгледа точно — <u>ТОЧНО</u> — како семето што е посеано.**

Засадете пченка, а зрелото семе во увото ќе одговара на семето што сте го засадиле. Тие се исти. Тие изгледаат исто и имаат ист вкус; не можете да ги разликувате.

Затоа, дозволете ми да го парафразирам она што Исус го кажува. Кога го слушаме Божјото Слово (Римјаните 10:17), ние всушност го расфрламе Божјото Слово во нашиот духовен човек, нашето срце. Ако го чуваме тоа Слово во нашите срца, тоа ќе расте и созрева; и кога ќе биде зрело, нашите срца ќе бидат целосно убедени во она што го вели Небото. Небото и земјата се поклопуваат, а Небото добива правна јурисдикција на земјата преку личноста која е целосно убедена. Нашите мисли и верувања точно одговараат на она што го кажува Небото со целосна доверба. Ова не е ментална работа. Ова сега стана она во што всушност веруваме исто толку сигурно како што веруваме дека каменот ќе падне ако го пуштиме. Небото го сее Словото на земјата каде што и носи договор и волјата на Бог. Ако Небото вели дека сте исцелени, тогаш кога тоа Слово ќе созрее во вашето срце, ќе го видите она што го вели Небото. Нема повеќе страв. Кога ќе ги затворите очите, ќе видите дека сте исцелени! Еве зошто Евреите 11:1 вели:

> *„А верата е подлога за увереноста во она на кое се надеваме – <u>убеденост во она што не се гледа</u>.“*

Можеби сè уште не го гледате во природното, но сте го виделе во вашиот дух, и тоа е исто толку реално како да го држите во рака. Тој договор се вика вера и таа вера ќе донесе таа слика да помине овде во земното царство, во вашиот живот!

## Вклучување на прекинувачот

Но, тука не застанува Марко поглавјето четири. Бидејќи нè учи како нашите срца се согласуваат со Небото и нè учи дека верата е веќе таму, ни дава инструкции како да го береме тој плод.

> *„А кога ќе узрее плодот, **<u>веднаш испраќа срп</u>**, зашто дошло времето за жетва.“*

—Марко 4:29

Забележете дека иако срцето е во согласност со Небото и има вера, сè уште ништо не се случува. Зошто? Како што кажуваме цело време, вие ја имате правната јурисдикција овде во земното царство, односно на Земјата. Дали се сеќавате на нашата дискусија за Лука 8 во врска со жената со крвотечение? Се сеќавате дека Исус ѝ рече: „Ќерко, твојата вера те спаси?" Ви реков тогаш дека таа ќерка заклучи дека има законска положба пред Небото, бидејќи беше ќерка на Авраам, таа имаше законски права.

Оваа вистина ја споредувам со поврзување на струја во еден дом. Електричната енергија е тука и достапна, но сепак треба лично да ги вклучите светлата. Ова е истото.

Откако ќе се воспостави верата, моќта е достапна, но сè уште ништо не се случува затоа што треба да го вклучите прекинувачот. Мора да ја ослободите моќта на Царството Божјо овде на Земјата затоа што само вие, маж или жена, можете легално да го направите тоа. Токму според овој принцип и бевте спасени, како што е споменато во Римјаните 10:10.

**МОРА ДА ЈА ОСЛОБОДИТЕ МОЌТА НА ЦАРСТВОТО БОЖЈО ОВДЕ НА ЗЕМЈАТА ЗАТОА ШТО САМО ВИЕ, МАЖ ИЛИ ЖЕНА, МОЖЕТЕ ЛЕГАЛНО ДА ГО НАПРАВИТЕ ТОА.**

*„Бидејќи со срцето се верува за оправдание, а со устата се исповеда за спасение."*

—Римјаните 10:10

Со срце човекот верува во Словото и е оправдан. Оправдан е правен термин што значи примена на правото. Така, кога срцето на еден маж или на една жена е

во согласност со Небото, кога тие веруваат во она што го кажува Небото, тие се оправдани пред Небото и Земјата. Сега е легално Небото да тече во нивните животи и низ нивните животи и да влијае на Земјата во име на Божјото Царство. Но, чудно, иако сега е легално и тие се во верата, сепак ништо не се случува. „Но, Гери, мислев дека рече дека ако сум во верата, тоа му дава на Небото правна надлежност овде." Точно, но некој мора да го ослободи Небесниот авторитет овде штом постои верата. Да го погледнеме уште еднаш стихот од Римјаните.

> *„Бидејќи со срцето се верува за оправдание, <u>а со устата се исповеда за спасение</u>."*
>
> —Римјаните 10:10

Штом сте во верата, или оправдани, Небото има легално права до дејствува на Земјата, но забележете дека Павле вели дека со устата се исповеда за спасение. Дали ги гледате двата дела? Небесниот дел е внесување на Словото во вашето срце каде што го инкубира договорот овде на Земјата. Потоа, штом ќе се постигне договор или вера, мора да дејствувате според тој договор и да го ослободите Небесниот авторитет во вашата ситуација за да го добиете всушност она што го кажува Небото. Во Марко 4:29, пишува дека кога ќе дојде жетвата, човекот (на земјата) го користи српот. Човекот мора да дејствува согласно Словото Божјо кога веќе верата е присутна, и така ја прима жетвата.

## Примање во Божјото Царство

Дозволете ми за кратко да се навратам на српот од Марко четири. Верувам дека поголемиот дел од црковниот свет не знаат како да го користат српот, што значи дека не биле научени како да го соберат она што им треба. И јас не го знаев тоа додека Господ не почна да ме учи како функционира Царството. Еве ја приказната за тоа како се случи моето прво откровение на овој витален

процес во Царството.

Бев поканет да зборувам во една црква во Атланта. Тоа беше богослужба во среда навечер; и црквата не беше полна, и јас сметав дека тоа не е проблем. Само сакав да поучувам за Царството. Кога стигнав во црквата, ми беше чудно што вратите беа заклучени и немаше никој. Само десет минути пред да започне богослужбата. Слушнав навистина гласен камионет зад мене, и кога погледнав, здогледав стар пикап како се паркира во уличката зад црквата. Не мислев ништо за тоа; на крајот на краиштата, бев во центарот на Атланта.

Додека чекав, еден човек дојде од зад зградата и се претстави како пастор. Тој рече дека му е жал што доцни, но неговиот стар камионет не стартувал. Тој ми рече дека морал да го бутка по ридот за да стартува, бидејќи куплунгот бил расипан. Тој потоа ми кажа дека некогаш воопшто не ни може да го стартува возилото при што мора да пешачи 7 километри до црквата. Морам да признаам дека малку ме изненади овој муабет.

Понатаму, тој објасни дека нивната црква првенствено е мисиско ориентирана црква и дека секој месец хранат илјадници луѓе, обично делејќи над 10.000 оброци месечно, од таа локација. Додека пасторот зборуваше, се налутив. Пред мене стоеше божји човек кој храни 10.000 луѓе месечно, а нема ниту пристоен автомобил? Можев да се погрижам за тоа. Имав прилично нов автомобил со 35.000 поминати километри што мислев да му го дадам. Му кажав за мојот план и дека ќе испратам некој од мојот персонал со возење да го донесе автомобилот до Атланта. Тој, се разбира, беше воодушевен.

Таа вечер ја поминав поучувајќи го него и неговата мала црква за Царството Божјо и како тоа функционира во однос на парите. Знаев дека е многу важно тие да почнат да го покажат Царството за да го видат оние на кои очајно им треба тоа.

Кога отидов дома, договорив автомобилот да биде испорачан во Атланта. Кога мојот вработен дојде да ја земе колата, знаев дека правам духовна трансакција на Небото. Знаев дека кога го пуштив тој автомобил во Божјото

Царство, можев да Му верувам на Бог за возило што ќе ми треба и мене. Јас не сум голем љубител на автомобили, што значи дека навистина не сум многу по автомобилите. Некои луѓе се, но јас не сум. Така, ја положив раката на тој автомобил кога човекот од мојот тим дојде да го земе, и во основа реков: „Татко, го пуштам овој автомобил на оваа задача во Атланта. Додека го пуштам, го сеам како семе и верувам дека добивам ______________“. Не можев да се сетам на автомобил што го сакам. Затоа реков: „Дополнително ќе ти кажам каков автомобил сакам!

Па, во следните неколку месеци, навистина не размислував многу за автомобили, но едно утро ја прашав Дренда каков автомобил би сакала да има. Откако размисли малку, рече дека би било убаво да имам кабриолет. Па, ја прашав каков вид на кабриолет сака, и ниту еден од нас не можеше да се сети на некој модел. Бидејќи го купував автомобилот за Дренда, сакав да бидам сигурен дека таа ќе го добие автомобилот што ѝ се допаѓа. Ѝ реков да провери на интернет или да погледне по салони и да ме извести кога ќе најде кабриолет што ѝ се допаѓа. Никому не кажавме за нашата желба за нов автомобил, но во меѓувреме ги државме очите отворени додека се возевме низ град, барајќи автомобил што може да ни го привлече вниманието.

Еден ден, додека паркиравме пред ресторанот каде што требаше да имаме ручек, одеднаш Дренда извика: „Еве го!“ „Што зборуваш?“, прашав. „Автомобилот што ми се допаѓа.“ Таа покажуваше кон другата страна на паркингот, па направив круг и застанав зад БМВ кабриолет, од серијата 6 Ci, преубав автомобил. Може ли да додадам и скап автомобил. Ја пофалив за нејзиниот вкус и ѝ кажав дека тоа е убав автомобил.

Треба да знаете дека јас и Дренда не трошиме големи суми за автомобили. Како што реков, никогаш не сум бил голем љубител на автомобили. Бидејќи работам во областа на финансии, знаев и колку брзо се амортизираат и дека секогаш е најдобро да се купи автомобил стар една до две години. Така, тоа беше мојот план; да барам добро сочуван автомобил.

По една недела ми се јави еден дечко од црквата и ми ги кажа овие зборови: „Ја најдов колата на Дренда!“ Бев збунет бидејќи никому не му кажавме за БМВ-то што го видовме тој ден на ручек. Затоа го прашав за каков автомобил станува збор, а тој ми рече БМВ кабриолет, Серија 6. Тој ми кажа дека додека возел, го видел и Господ му рекол дека тоа е автомобилот на Дренда. „Добро, сега го имаш моето внимание“, му реков. Автомобилот беше стар една година и беше во одлична состојба. На крајот платив во готово, и Дренда го доби својот автомобил.

Леле, како се случи тоа?

Ајде да ја споредиме приказната со она што го научивме за тоа да бидеме во верата и да го користиме српот. Кога го дадов мојот автомобил, го сторив тоа во вера. Но, кога Дренда гласно рече: „Тоа е тоа!“, таа го користеше српот, а неколку дена подоцна се појави автомобилот. Иако ја слушнав како гласно вели: „Тоа е тоа!“, никогаш не ја поврзав нејзината изјава со Марко 4 и српот. Меѓутоа, следната приказна многу јасно ми го покажа тоа.

## Силата на вашите зборови

Како што реков, поседувам 60 хектари земја, од кои околу 10 хектари се мочуришни. Сакам да ловам наесен, и иако ловев патки уште во средно училиште, навистина немав ловено патки овде во Охајо. Но, таа година, мочуриштето беше полно со вода, и многу често долетуваа големи јата патки. Стотици на ден доаѓаа да преноќат во мочуриштето. Така, една вечер ја зедов мојата пушка и излегов да уловам неколку патки за вечера. Беше забавно, и ловот беше успешен.

Таа есен, моите синови и јас уживавме во добар лов на патки. Едно нешто што забележав, сепак, беше дека многу пати патките ми беа на максимален дострел. Кога ловите патки, законски е дозволено да користите само челични зрна за разлика од традиционалните оловни. Истрелот од олово е потежок и ја задржува својата сила многу подалеку од челичниот истрел, што, пак, претставува

проблем при лов на патки со истрели од далечина.

Но, таа есен, додека разговарав со неколку колеги ловци на патки, тие ми кажаа за нов дизајн на пушки наменети само за лов на патки. Тие можеа да пукаат потешки сачми, а беа и камуфлажни. Бев многу заинтересиран да купам таква пушка, но беше декември, и сезоната на патки беше на самиот крај, така што не размислував повеќе за тоа.

На почетокот на јануари, случајно застанав кај Кабела (нашата локална продавница за спортска опрема) за нешто и се сетив на тие пушки за патки. Сакав да видам една. Затоа, на заминување поминав покрај одделот за пушки и видов комплетен дел од нови пушки специјално наменети за лов на водни птици. Се сеќавам, без да размислувам за тоа, дека покажав со прст кон пушката што мислев дека изгледа најдобро и гласно кажав, „Господи, таа ќе ја земам". Не размислував многу додека го изговорив тоа; едноставно ми излезе од уста. Сезоната на патки почнуваше дури наесен, така што не планирав да ја купам пушката многу пред сезоната.

Две недели подоцна, бев поканет да зборувам на една деловна конференција. Кога завршив, извршниот директор излезе да ми се заблагодари и рече дека купиле подарок за мене. И за чудо, тој ја извади истата пушка, истиот модел, што го гледав пред две недели во Кабела. Се разбира, бев целосно изненаден од таквиот дарежлив подарок, но знаев дека тоа не е случајност. Тогаш се сетив на зборовите што ги кажав кога бев во продавницата за спортска опрема и сфатив што направив. Го употребив српот!

> *Па рече: „Царството Божјо прилега на човек што фрлил семе в земја, па спие, и станува ноќе и дење; а како никнува и како расте семето, тој не знае. Зашто земјата сама од себе донесува плод, најнапред стебленце, па клас, а потоа и полно зрно во класот. А кога ќе узрее плодот, веднаш испраќа срп, зашто дошло времето за жетва."*
>
> —Марко 4:26-29

Користењето на српот го илустрира истиот принцип во врска со верата што го разгледавме претходно во Римјаните 10:10.

> *„Бидејќи со срцето се верува за оправдание, а со устата се исповеда за спасение.“*
>
> —Римјаните 10:10

Со моето срце верував, и со мојата уста го ослободив Царството во земното царство. Имам дадено повеќе од 30 пушки, но ова беше прв пат, колку што се сеќавам, дека кажав гласно: „Ќе ја земам таа пушка“. Но, размислувајќи за тоа, се сетив дека сепак го имав сторено истото во една прилика претходно - но во тоа време, немав поим како функционира Царството.

Кога Дренда и јас се вративме во Охајо, дојдовме од Оклахома каде што ловот на елени се вршеше со пушка. Но, во Охајо, пушките не беа легални; беа дозволени само ловечки пушки. Во тој период имав само двоцевка, 20 калибри, со која успеав да уловам два елени првата година кога се преселивме. Но, навистина сакав добра пушка која е дизајнирана специјално за лов на елени. Се сетив дека по првата сезона на елени во Охајо, искоментирав на Дренда дека навистина сакам модел на Ремингтон 11-87 12-калибри со црна синтетичка маса за лов на елени. Неколку недели подоцна беше Божиќ, а јас бев изненаден кога татко ми ми ја даде токму таа пушка како поклон. Не ни му спомнав дека ми треба пушка. Се сеќавам дека помислив: „Човече, ова е навистина чудно“. Го користев српот без да бидам свесен за тоа.

ЧЕТВРТО ПОГЛАВЈЕ

# ЗАРЕМ НЕ СЕ СЕЌАВАТЕ?

Во раните денови кога првпат учев како функционира Царството, бев шокиран од работите што ги видов. Тоа беше главно затоа што никој не поучуваше ништо за работите што ги гледав. Но, како што реков во првиот дел од книгата, мислам дека Бог го користеше мојот лов на елени за да ме научи многу лекции. Во основа сум прилично едноставна личност и претпоставувам дека тоа беше одличен начин да го привлече моето внимание. Откако научив како да сеам за лов и почнав да жнеам елени — обично за само околу 40 минути од излегувањето на лов, Бог почна фино да ми покажува и детали како поголем увид во функционирањето на Царството.

Бев во Тулса, Оклахома, кога Бог ми покажа како да ги ловам со вера младите елени. И како што ви кажав, следната година се вративме во Охајо. Во Охајо има многу елени и државата дозволува лов на два елени по сезона од кои само еден може да биде мажјак. Така, кога дојдов во Охајо, почнав да сеам за два елени, еден мажјак и една женка секоја година. И секоја година го добивав токму тоа.

Но, една година забележав нешто што ме збуни. Си помислив: „Не, ова не може да се случува“. Кога

завршуваше сезоната на елени, забележав дека елените доаѓаа по редоследот што ги пишував на чековите кога го сеев семето. На пример, ако напишав „за мажјак и женка“, прво ловев мажјак потоа женка. Размислувајќи за изминатите неколку сезони на лов во Охајо, мислам дека тоа се случуваше секоја година. Не бев сигурен бидејќи никогаш не обрнував многу внимание на тоа, но поради некоја причина, се прашував дали тоа е навистина така

Затоа, следната година едноставно морав да дознаам. Се согласувам дека беше луда идеја, но мислев дека тоа е редоследот што го забележав и доколку не направев експеримент никогаш немаше да знам. Затоа, таа година го сменив распоредот кога го посеав семето. Овој пат, прво пишав женка. Дотогаш секогаш кога го сеев семето прво пишував мажјак па женка. Секако, токму тоа беше редоследот по кој ги уловив. Затоа следната година го направив тоа повторно, и тогаш уловот се случи според редоследот што го запишав. Никогаш не ни помислив дека вакво нешто може да се случи. Мислам, дали Царството беше толку специфично?

За да дознаам дали ова навистина се случува или беше само случајност, решив да дознаам сигурно и да направам експеримент кој беше малку подлабок. Таа година посеав семе за мажјак со седум рокчиња. Знаев дека нормален, типичен елен има парен број рокчиња, па избрав непарен и точен број. Ете, јас и Дренда посеавме за таков елен, колку и тоа да звучи чудно. Се молевме и го ослободивме нашето семе за елен со седум рокчиња.

## Колку специфична е верата?

Конечно стигна октомври и сезоната за лов со лак и стрела почна. Обично, едвај чекав да влезам во шумата со мојот лак, но забележав дека овој пат се чувствував чудно пред почетокот на сезоната. Немав желба да излезам на лов. Чувството беше силно и, чудно, знаев дека сè уште не треба да излегувам. Во тоа време, мислев дека тој недостаток на желба да одам на лов ќе си замине како што одминуваше сезоната и лисјата почнуваат да паѓаат.

Но не, едноставно не можев да го објаснам тоа. Немав желба за лов, никаква. Се сеќавам дека мислев: „Дали ова се случува кога ќе остариш, едноставно престануваш да бидеш активен?“ Мислам, не можев да го објаснам ова чудно чувство што го имав. Мислам дека воопшто не ми беше грижа дали некогаш повторно ќе одам во лов на елени. Дојде ноември и веќе почнував да се грижам. Веќе го пропуштив најубавото време за лов, и најтоплото, да додадам. Потоа дојде и средина на ноември, и јас сè уште немав никаква желба да одам на лов. Се прашував дали воопшто некогаш повторно ќе ловам; така се чувствував.

Родителите на Дренда дојдоа од Алабама за да останат со нас неколку дена. Додека седевме и разговаравме во дневната соба, одеднаш, знаев дека треба да бидам во шумата следниот ден. Како да беше вклучен некој прекинувач. На сите им кажав дека морам да одам на лов следното утро. Одеднаш, бев возбуден и полн со очекување додека ја подготвував опремата за следното утро.

Знаев дека мојот елен со седум рокчиња ќе биде таму. И тогаш се сетив. Еленот што го посакував сигурно не беше таму во октомври, а ниту ден претходно. Сигурно тоа беше причината поради која не се чувствував расположено за лов на елени. Можам да замислам колку тешко ќе ми беше да чекам месец и половина знаејќи дека сè уште не беше време да одам на лов. Тоа ќе беше депресивно. Во тој момент, целата работа беше само теорија, но веќе следното утро требаше да ја тестирам.

Беше уште темно кога станав тоа утро, и се молев во текот на ноќта за Бог да ме упати до правата платформа. На мојот имот имам неколку платформи изградени на некои од дрвата, и додека се молев за тоа, почувствував сигурност дека треба да се упатам кон мочуриштето. Ние ја нарекуваме платформата кај мочуриштето бидејќи се наоѓа во средина на предел од десет ари, од едната страна мочуриште а од другата каллива почва. Знаев дека елените понекогаш доаѓаат околу мочуриштето. Вредеше што ја изградивме таа платформа, таму имавме уловено многу елени, а јас верував дека повторно ќе имам

успешен лов тој ден.

Додека се движев кон платформата, размислував за она што Бог ми го покажа во минатото во врска со Неговото Царство преку ловот на елени и чувствував дека ме поучува повеќе. Со нетрпение очекував да го видам резултатот од мојот експеримент.

Утринската светлина полека се разгоре, а вообичаените звуци и мириси на есенското утро беа добредојдена промена на темпото за мене. Навистина ми недостигаше тоа искуство. Веќе бев еден час на лов, а немаше ниту трага од елен. Сепак, знаејќи ја трасата на движење на елените на мојот имот очекував тие да се појават подоцна во утрото бидејќи за нив тоа беше ударен термин за парење. Иако бев на платформата околу еден час, според законот, светлината дозволена за лов беше достапна само околу 40 минути

Седејќи таму, слушнав како некој силно тресна врата од автомобил од нашиот двор. Потоа се сетив дека тоа утро родителите на Дренда требаше да тргнат за Алабама, па сакав да одам да ги поздравам. Неволно, се симнав од платформата, мислејќи дека ќе морам да излезам друг ден да го уловам мојот елен.

Кога стигнав до куќата, сите беа станати и подготвени за појадок. Јас секогаш спремам појадок во семејството, готвам скоро секој ден за Дренда и за мене и за секој друг што е во нашиот дом. Затоа, веднаш почнав да спремам појадок додека родителите на Дренда го носеа својот багаж во автомобилот. Се разбира, тие ме прашаа дали уловив елен, а јас морав да им кажам дека одлучив да се откажам од мојот план за да можам да го поминам утрото со нив. Да, бев малку разочаран. Очекував дека ќе заминат малку подоцна тоа утро, оставајќи ми време да го уловам еленот што го сакав.

Но, додека стоев над шпоретот подготвувајќи го омлетот, погледнав низ прозорецот од кујната кој гледаше кон задниот дел од шумата и полињата. Забележав мажјак елен како брка женка низ тој дел од земјиштето, упатувајќи се директно кон мочуришната област каде што беше платформата. Едноставно знаев дека тоа е

мојот мажјак елен со седум рокчиња. Одеднаш викнав гласно некој да ме замени во кујна бидејќи штотуку го видов својот елен. Знаев дека немам многу време.

Морав да трчам околу имотот од спротивна насока за да не ме забележат елените. Мислев дека тие ќе се движат по патеката кон мојата платформа. Трчав колку што можев побрзо низ земјиштето и стигнав до платформата без да видам елен, што беше добро. Тогаш знаев дека сум стигнал таму пред нив, доколку секако, тие одберат да се упатат кон платформата. Додека брзо се качував на платформата моето срце чукаше забрзано и пот ми течеше по лицето.

Одеднаш, само што седнав, тие се појавија. Женката се движеше директно под платформата, и јас бев подготвен знаејќи дека мажјакот не е далеку зад неа. Секако, тој дојде. Немав време да проверам дали тоа навистина беше мажјак со седум рокчиња или не. Едвај имав време да го подигнам лакот за да го зададам ударот. При самото исфрлање на стрелата знаев дека го погодив еленот, но погодив малку ниско, што ме загрижи. Еленот скокна во дрвата кога го погодив. Чекав на платформата околу 20 минути и конечно се симнав од дрвото, желен да ја проверам стрелата дали направила контакт. За жал, имаше многу малку крв на стрелата и на земјата.

Бев малку лут поради мојот истрел, но знаев дека еленот ќе падне на земја во плевелот, и затоа не сакав сè уште да одам да го барам. И порано сум погодил елени со стрела на која имало малку крв и знаев дека најдобро е да оставам да помине некое време. Така, се вратив во куќата и го довршив појадокот, на сите им ја раскажав приказната, а потоа им реков на моите синови да ми помогнат да го истражиме теренот и да се обидеме да го најдеме еленот. Се надевав дека еленот е подобро погоден од она што стрелата укажуваше, и дека можеби веќе беше мртов. Но, знаев дека постои и можност да е погоден премногу ниско, и еленот да биде само ранет.

Откако чекавме неколку часа, излеговме, и тројцата се раширивме низ теренот. Со себе носев лак и бев подготвен доколку имаше потреба. Одеднаш, на далечната страна

од теренот, Тим го виде еленот, кој уплашен трчаше во моја насока. Трчајќи, наеднаш го забележа Том и застана не знаејќи по кој пат да оди.

Еленот беше оддалечен околу 65 до 70 метри, предалеку за добар истрел со низок нишан, но јас знаев дека тоа е мојата единствена шанса. Брзо го подигнав лакот и нишанев кон горниот дел од еленот и ја исфрлив стрелата. Зачудено, стрелата се упати кон еленот и го погоди точно во центарот на вратот. Еленот веднаш се спушти по ридот надвор од видното поле. Бев запрепастен. Леле. Полека се движевме во правецот каде што бегаше еленот, и го видов како лежи околу 100 метри пред нас. Ја имаше подигнато главата, но не нѐ виде, па се повлековме и решивме да се вратиме подоцна.

Кога велам подоцна, мислам навистина подоцна, бидејќи бев цел ден во црква, и се вратив дома дури кога се стемни. Јас и Тим земавме батериска ламба и појдовме да го бараме еленот каде што последен пат видовме да лежи. Го најдовме само на неколку метри од тоа место. Набрзина го погледнав во роговите, и пред мене лежеше елен со седум рокчиња. Гледав со воодушевување. Јас и Тим се заблагодаривме на Бог за еленот, и влечејќи го накај дома разговаравме за Царството и за она што го видовме.

Да, Царството беше многу конкретно! Никој претходно ми немаше кажано дека Царството функционира на тој начин, дека Царството е толку конкретно, и дека ние всушност имаме таков авторитет.

**ДА, ЦАРСТВОТО БЕШЕ МНОГУ КОНКРЕТНО! НИКОЈ ПРЕТХОДНО МИ НЕМАШЕ КАЖАНО ДЕКА ЦАРСТВОТО ФУНКЦИОНИРА НА ТОЈ НАЧИН, ДЕКА ЦАРСТВОТО Е ТОЛКУ КОНКРЕТНО, И ДЕКА НИЕ ВСУШНОСТ ИМАМЕ ТАКОВ АВТОРИТЕТ.**

## Ново откритие

Се сеќавам на уште еден лов на елени каде што претходно посеав семе за срнак. Срнаците имаат помали рогови. Бидејќи се толку мали, на далечина, тие може да изгледаат како женки елени. Поради ова, во Државата Охајо срнаците се сметаат како женки елени. Ве молиме имајте во предвид дека тие не се елени. Тие не се големи како целосно израснат елен, но се скоро толку големи.

Така, на овој конкретен ден, бев качен на платформата на дрвото, и здогледав цела група елени, околу девет или десет. Тие беа малку надвор од опсегот на мојот лак, но полека се движеа кон мене. Одеднаш, се слушна звукот од моторот на четири тркала на мојот сосед. Од звукот, целото стадо полета оддалечувајќи се од мене. Реков гласно: „Срнецу, ти заповедам да се вратиш и да застанеш под моето дрво". Затоа, замислете го ова. Беше сезона на жнеење на жито, и сите девет елени – срнци бегаа од мене. На мојот збор, еден срнак го напушти стадото, се заврти и продолжи да трча директно кон мојата платформа и застана! Го уловив тој елен и го однесов дома, и да, тој беше од фамилијата срнци.

Имам безброј вакви сведоштва. Подоцна во книгата ќе зборувам повеќе за тоа колку е неверојатно детално и специфично Царството, но засега, сакам само да сфатиме дека нешто неверојатно се случува овде.

Царството ни го промени животот и не можевме да престанеме да им кажуваме на луѓето за тоа. Имаме толку многу приказни, и сме виделе толку многу Божји дела. Сме виделе воскресенија на мртви, исчезнување на тумори, чудесни финансиски интервенции и неверојатни приказни за избавување и насока. Со глад да им кажеме на луѓето за добрината на Божјото Царство, Дренда и јас се чувствувавме водени да ја основаме црквата *Вера и Живот* во 1995 година за да им помогнеме на луѓето да го разберат Царството. Потоа, во 2006 година, Бог нè упати да започнеме со Фејт лајф ноу, нашата телевизиска служба, која секојдневно се емитува во секоја временска зона на планетата. Дознавме дека луѓето насекаде сакаат

да знаат како да го живеат животниот стил на Царството на слобода и победа.

## Божјото Царство функционира насекаде

Седнувајќи да го пишувам ова поглавје ова утро, ја проверив мојата е-пошта. Секојдневно добиваме е-пошта од луѓе што ни кажуваат како Божјото Царство ги менува и нивните животи. Ќе ви дозволам да бидете дел од мојот ден читајќи ја оваа порака што стигна само пред неколку минути.

> Кој сум јас што Тој внимава на мене? Пред неколку години почнав да ги слушам вашите учења и оттогаш гледам чуда. Сум видел исцеленија и финансиски чуда. Во моментов, навистина сум вчудовиден гледајќи ја Неговата добрина. Гледам луѓе во потреба и отворени врати за Евангелието и вистината. Гледам отворени врати за вистината! А она што ме одушевува е тоа што ја гледам мојата каса полна. Тој ме збогати за да можам да давам, за да можат другите да Го видат Него! Јас сум самовработен домашен инспектор. Редовно советувам помлади инспектори и основав бизнис група на христијани каде што зборуваме за повикот да се биде дарежлив и да се подигне следната генерација… дека начинот на Царството не е конкуренција, туку изобилство. Сериозно, вашето учење ми го промени животот и сега им се пренесува на другите; и како што Тој ме утврди, другите сега ја слушаат и ја гледаат Неговата слава. Понизен сум гледајќи што прави Бог и како продолжува да снабдува. Ви благодариме за вашето служење!
>
> Понизно,<br>Б.Ф.<br>Ноксвил, Тенеси

Постојано добиваме вакви пораки. Но, добиваме и многу прашања за функцијата на Царството. Луѓето прашуваат

како да живеат во Царството и како да ги видат работите што јас и Дренда ги гледаме. Тоа е целта на оваа книга, четврта од серијалот „Вашата финансиска револуција“. Ако ги имате моите други книги, тогаш знаете дека ми требаше малку време да стигнам до овој момент и дека одвоив време да размислам за клучните концепти што секој што сака да функционира во Царството треба да ги знае.

Но, сега сакам да навлезам малку подлабоко во функцијата на Царството и, се надевам, ќе ви помогнам да разберете повеќе за тоа како да живеете во Царството и да имате резултати. Сакам да започнам со изложување на она што ме научи Бог, а јас го нарекувам петте основни чекори за да го добиете потребното снабдување од Царството Божјо.

## Петте основни чекори за да го добиете потребното снабдување од Царството Божјо

Да започнеме со една случка од евангелието по Марко 8:14–21.

*А тие, пак, беа заборавиле да земат леб и во коработ имаа само еден леб. А Тој им заповеда и рече: „Внимавајте, чувајте се од квасот фарисејски и од квасот Иродов!“*

*И си размислуваа меѓу себе, велејќи: „Тоа е затоа што немаме леб.“*

*А Исус, кога ги разбра, им рече: „**<u>Зошто зборувате за тоа што немате леб</u>?** Зар уште не знаете и не разбирате? Уште ли е скаменето вашето срце? Очи имате, не гледате ли? Уши имате, не слушате ли? **<u>И не помните ли</u>**? Кога ги раскршив петте леба, за пет илјади души, колку полни кошеви со парчиња собравте?“*

*Му рекоа: „Дванаесет.“*

*„А седумте – за четири илјади, колку кошници со останати парчиња собравте?“*

*Тие одговорија: „Седум.“*

*И им рече: „Па како тогаш не разбирате?“*

—Марко 8:14-21

Во основа, Исус велеше: „Еј, момци, не се сеќавате ли? Ние веќе ја поминавме оваа лекција, и веќе видовте како се справивме со недостигот на леб во минатото". Но, учениците едноставно не можеа да го разберат тоа. Затоа, Исус им рече да размислат за она што се случи во минатото. Тој им даваше сериозна трага. „Потсетете се на последниот пат кога се справивме со истата ситуација, и таму ќе го најдете одговорот." Јас би сугерирал дека ова е и нашиот одговор. Да, гледаме дека лебот и рибата се намножија, секој може да го види тоа, но како духовни научници сакаме да погледнеме подлабоко. Како се случи тоа? Затоа, да се вратиме на приказните што ги спомнува Исус и да бараме во нив индиции.

> *И бидејќи веќе времето поизмина, учениците Негови пристапија кон Него и рекоа: „Овде е местово пусто, а и доцна е; распушти ги за да отидат по околните села и колиби и да си купат леб, зашто нема што да јадат."*
> *Тој им одговори и рече: „Дајте им вие да јадат!" А тие Му рекоа: „Да појдеме и да купиме за двесте денарии леб, па да им дадеме да јадат?"*
> *Потоа Тој ги праша: „Колку лебови имате? Отидете и видете!" И кога видоа рекоа: „Пет леба и две риби."*
> *Тогаш Исус им рече на сите да поседнат на купчиња по зелената трева. И поседнаа во групи по сто и по педесет. Тој ги зеде петте леба и двете риби, па, погледна кон небото, ги благослови лебовите и ги прекрши, и им ги даде на учениците Свои, за да им ги ставаат пред нив; исто така им ги раздели и двете риби на сите. И јадеа сите и се наситија. И собраа парчиња, од лебот и од рибите, полни дванаесет кошеви. А оние, што јадеа од лебовите, беа околу пет илјади мажи."*
>
> —Марко 6:35-44

Сигурен сум дека учениците беа шокирани од одговорот на Исус кога Му рекоа да ги испрати луѓето да најдат храна, Тој всушност им рече: „Дајте им вие да јадат".

Во случајот всушност станува збор за повеќе од 5.000 луѓе. Библијата вели дека таму имаше 5.000 мажи, така што можеме да претпоставиме дека со нив имаше и жени и деца, со што вистинската бројка се проценува на 15.000 до 20.000 луѓе. Мислам дека ќе се согласиме дека тоа е голема бројка на луѓе за хранење, особено без претходна подготовка.

Се разбира, верувам дека Исус сакаше да ги нахрани луѓето, но мислам дека повеќе од сè Тој повеќе сакаше да го искористи моментот да ги научи Своите ученици една многу важна лекција. Верувам дека затоа им рече: „Дајте им вие да јадат“. Тие Го гледаа Исус како прави многу чуда, но сега дојде и нивниот ред. На крајот на краиштата, Тој за кратко требаше да замине, а Исус сакаше да биде сигурен дека тие ќе знаат како да се справат со животот од една друга перспектива, перспективата на Царството.

**ИСУС САКАШЕ ДА БИДЕ СИГУРЕН ДЕКА ТИЕ ЌЕ ЗНААТ КАКО ДА СЕ СПРАВАТ СО ЖИВОТОТ ОД ЕДНА ДРУГА ПЕРСПЕКТИВА, ПЕРСПЕКТИВАТА НА ЦАРСТВОТО.**

**Чекор 1: Што имате?**

*„Колку лебови имате? Отидете и видете!“*

*И кога видоа рекоа: „Пет леба и две риби.“*

Еве еден главен клуч. Исус не кажа: „Да ги претвориме камењата во леб“. Тоа беше духовно нелегално. Наместо тоа, Тој ги праша што веќе имаат. Поточно, Тој прашуваше колку од она што им треба веќе го имаат. Тој знаеше дека нема доволно леб и риба таму за да го нахрани тоа мноштво, и тоа не беше целта на Неговата истрага. Сега,

за природниот ум, самата помисла за хранење на тие луѓе звучеше како налудничава. Учениците знаеја, без да гледаат, дека нема да има доволно храна за да нахранат 20.000 луѓе. Можете ли да замислите што мислеа кога Исус им рече да одат и да видат колку леб и риба всушност има? А потоа да се вратат со нивниот извештај дека најдоа само пет леба и две риби? Лудо, нели?

Дозволете ми ви дадам една поширока перспектива на она што сакам да го кажам. Како пастор, имам помогнато на многу семејствата во тешки финансиски околности, помагајќи им да платат месечна рата за хипотека или кирија, да платат сметки за комунални услуги или да купат намирници. Но, да претпоставиме дека знаев дека вистинскиот одговор не е да им помогнам материјално, туку да им го покажам Царството.

Муабетот ќе одеше вака. „Еј, пастор Гери, овој месец навистина сме во финансиска криза и можеби ќе треба да го напуштиме станот каде што сега живееме. Дали црквата може да ни помогне?“ „Секако, можам да ви помогнам. Еве го мојот совет. Само отплатете го домот и повеќе нема да имате никакви рати за кои треба да се грижите.“ Тие би ме погледнале и би ми рекле, „Пасторе, мислам дека не разбирате. Немаме пари да ја платиме следната рата, а камоли да го исплатиме целиот долг“. „Знам, и затоа ви велам да ја отплатите куќата за да немате повеќе рати за исплата.“

И тогаш, ако им кажам да одат и да видат колку пари всушност имаат што може да се пренасочат за исплата на куќата, тие навистина би помислиле дека сум луд. Но, ако од послушност кон мене, тие всушност го сторат тоа, и се вратат со одговор: „Проверивме двапати, пасторе. Најдовме само 20 долари, но нашата хипотеката е 360.000 долари“. Мислам дека ја разбирате сликата. Тие би помислиле дека сум полудел, нели?

Сигурно и учениците се почувствуваа така тој ден, целосно збунети. Пет лебови и две риби за 20.000 луѓе?

## ШТО ЌЕ ПОСЕЕТЕ ТОА ЌЕ ЖНЕЕТЕ

Па, пред да навлеземе подлабоко во оваа приказна, за момент би сакал само да погледнеме еден друг закон на Царството што се пројавува овде. Лебот се умножува со леб, а рибата се умножува со риба. Затоа запишете го ова.

**МОРА ДА ПУШТЕТЕ ВО ЦАРСТВОТО НЕШТО ОД ОНА ШТО ВИ ТРЕБА ЗА ТОА ДА СЕ УМНОЖИ!**

Дозволете ми да преминам на друг пример во Библијата, а потоа ќе се вратам на нашата приказна во Марко 6. Ајде да одиме во 2 Царевите 4:1-7.

> *Една од жените на пророчките синови со плачење му говореше на Елисеј: „Твојот слуга, мажот мој, умре; а ти знаеш дека твојот слуга имаше страхопочит кон Господ; сега дојде заемодавачот да ги земе двете мои деца за робје.“*
>
> *Елисеј ѝ рече: „**Што да направам за тебе? Кажи ми што имаш дома**?“*
>
> *Таа одговори: „Слугинката твоја ништо нема во домот свој, освен еден сад со масло.“*
>
> *А тој рече: „Оди и побарај садови однадвор, од сите твои соседи, празни садови; собери доволно,“ „Потоа оди и затвори ја вратата зад себе и зад синовите свои и налевај во сите тие садови; полните ставај ги настрана.“ Таа си отиде од него и ја затвори вратата зад себе и зад синовите свои. Тие ѝ подаваа, а таа налеваше. Кога беа наполнети садовите, таа му рече на синот свој: „Дај ми уште еден сад.“*
>
> *Тој ѝ рече: „Нема повеќе садови.“ И маслото престана да тече.*
>
> *Таа дојде и му раскажа на Божјиот човек. Тој ѝ рече: „Оди, продај го маслото и исплати ги долговите свои; а со тоа што ќе остане, ќе живееш со синовите свои.“*
>
> —2 Царевите 4:1-7

Забележете дека пророкот не кажа: „Па, да одиме во ризницата и да видиме што имаме“. Не, тој знаеше подобар начин да го реши ова. Тој рече: „Што можам да

направам за тебе?“ Жената можеби беше малку збунета кога одговори: „Што можеш да направиш за мене? Ми требаат пари!“ Но, тој не се обидуваше да ја омаловажи. Тој поставуваше многу важно прашање за кое знаеше дека ќе ја доведе до нејзиниот одговор. Тоа е истото прашање што ќе ве доведе до вашиот одговор.

**„Што можам да направам за тебе? Кажи ми, што имаш дома?“**

**Што имате?**

Што имате дома? Сигурен сум дека таа беше малку шокирана од прашањето бидејќи веќе објасни зошто е таму. „Слугинката твоја ништо нема во својот дом освен еден сад со масло“.

Забележете го нејзиниот нагласок: „Ништо“. Но, дали таа навистина немаше ништо?

Не, нејзината изјава не беше технички точна. Таа го кажа тоа иако имаше мала тегла со маслиново масло. Бинго! Токму тоа пророкот чекаше да го слушне.

**КОГА ПРЕДАВАТЕ НЕШТО НА БОЖЈОТО ЦАРСТВО, ТОА ЈА МЕНУВА ЈУРИСДИКЦИЈАТА, СТАНУВАЈЌИ ДЕЛ ОД БОЖЈА ЗАКОНСКА ВЛАСТ И ТОГАШ МОЖЕ ДА СЕ РАЗМНОЖУВА.**

И тоа е сѐ што треба да се запрашате. На Бог само Му треба нешто што е под ваша законска јурисдикција за да направи нешто.

Значи, да го разгледаме првиот чекор. Ќе треба да Му дадете на Бог дел од она што ви треба. Кога предавате нешто на Божјото Царство, тоа ја менува јурисдикцијата, станувајќи дел од Божја законска власт и тогаш може да се размножува. Да се потсетиме дека умножувањето можеби нема да се случи како што видовме во оваа приказна,

и лебот всушност нема едноставно да се умножи сам од себе додека седи во сандачето за леб, иако имам видено и таков вид на чуда. Но, обично, Бог прави пат лебот да се умножи преку интеракција со другите луѓе. Некој може да биде дарежлив кон вас, или да добиете покачување на работа или може неочекувано да ви вратат пари. Постојат безброј начини на кои Бог може да ви го умножи лебот што ќе го дадете.

## Можете да ги именувате вашите пари

Сакам да истакнам една многу важна точка за парите.

**Парите може да се користат како семе за сè.**

Секој ден од животот на парите им давате име кога и да купите нешто. На пример, кога сте во самопослуга и купувате леб, ги менувате вашите пари за тој леб, или во реалноста, ги нарекувате вашите пари „леб". Ајде да разгледаме малку подлабоко. Ако ви треба леб, сега го разбирате законот на Царството наречен сеење и жнеење. Со примена на тој закон знаете дека ако посеете леб ќе добиете леб. Но, да претпоставиме дека ви треба леб, но немате леб да посеете. Што ќе направите тогаш? Можете да посеете пари и да ги наречете леб додека ги сеете. Запомнете, парите се едноставно систем на размена. Секој ден ги именуваме за сè што ни треба, од млеко и кирија до чевли и храна. Така, можете да ги именувате парите кога ќе ги дадете исто така.

**Можете да ги именувате вашите пари кога ќе ги дадете.**

Црквата *Вера и Живот*, во Њу Албани, Охајо, е црква што Дренда и јас ја основавме пред повеќе од 25 години. Го изградивме Нау центарот, кампусот каде што се наоѓа црквата во 2008 година. Беше тоа голем проект, што во тоа време чинеше 6.5 милиони долари. Зградата можеше да собере околу 550 луѓе.

Па, во последните 10 години, ние ја надраснавме таа зграда. За викендите имавме повеќе од 3000 луѓе. Имавме четири богослужби во еден викенд, и навистина не можев

повеќе од тоа да дадам. Затоа решивме да доградиме нов дел до нашата сегашна зграда. Тоа требаше да биде проект од 10 милиони долари, а новиот аудиториум и новата просторија за деца требаше да ни овозможат да растеме како црква. Во исто време, сфативме дека времето потребно да се соберат парите, а потоа и времето потребно за изградба на зградата ќе биде проблем. Тоа значеше дека ќе треба да поминат две и пол години пред да можеме да го користиме додадениот простор.

Имајќи го тоа на ум, сметавме дека треба да продолжиме со доградба на нашата зграда, но во исто време да почнеме да бараме локација за нов кампус, сметајќи дека ќе можеме да го оспособиме за користење за околу шест месеци. Верувавме дека тоа ќе го отстрани притисокот од главниот кампус, а во исто време ќе помогне црквата да расте. Така, составивме тим што ќе ја започне потрагата по локација за нов кампус. Ја проучивме нашата демографија и одлучивме за област од градот за која сметавме дека ќе биде одлична локација за нас. Гледавме и гледавме и во неколку наврати за малку ќе потпишевме договор за различни локации, но кога седнавме да донесеме конечна одлука, сите бевме согласни дека нешто не е во ред. Сите чувствуваме во духот дека не треба да ги купуваме тие имоти.

Шест месеци подоцна, бевме исто толку далеку од наоѓање на нова локација за кампус како на првиот ден. Морам да признаам, Дренда и јас бевме во искушение малку да се обесхрабриме во потрагата. Ја разгледавме секоја достапна опција во нашата област и сѐ уште не можевме да најдеме зграда што навистина би била идеална. Да, го посеавме нашето семе на почетокот на патешествието и знаевме дека Бог ја има совршената зграда за нас, но не очекувавме дека потрагата ќе трае толку долго. Еве еден совет: понекогаш патот до совршенството е подолг!

Во тоа време, требаше да бидеме дел од добротворен настан за собирање средства за нова ТВ мрежа. Тоа требаше да биде тридневен настан кој ќе биде емитуван во живо наутро и навечер сите три дена. Мислам дека беше

на третиот ден, кога за време на емисијата Го слушнав Господ како ми зборува. Тој ми рече: „Напиши чек од 100.000 долари како семе за оваа ТВ служба со цел да се поместат нештата во врска со новиот кампус! За чекот ќе се молите како црква на сите четири богослужби, и заедно ќе ја прогласите потрагата по кампус завршена“. Тој потоа ми кажа кога ќе се молам да го прекорам сатаната и да заповедам збунетоста и одложувањето да престанат. Тоа го направивме следниот викенд на нашите саботни и неделни богослужби.

Следниот ден, беше понеделник, ми се јави тимот задолжен за новиот кампус и ми соопшти дека добиле повик од агентот за недвижности, кој штотуку дознал дека во продажба е пуштен кампусот на едно средно училиште. Тие одлучиле да го погледнат кампусот. Кога пристигнале на местото, тие можеле да видат комплетен кампус оспособен за настава, вклучувајќи и предучилишна установа. Наведената сума беше многу повисока отколку што ние сакавме да дадеме за нов кампус, всушност, сакавме да го изнајмиме тој кампус за да го зачуваме готовинскиот тек за доградбата на нашиот главен кампус. Иако цената не ни дозволуваше ниту да размислуваме за тоа, сепак јас и Дренда решивме да одиме и да го видиме местото во вторник наутро.

Она што го видовме беше неверојатен кампус од 88.000 квадратни метри, четири згради, патека за трчање, фитнес сала, четири тениски игралишта, уметничка зграда, научни лаборатории и во основа сè што му треба на еден училиштен кампус. Неверојатниот дел од приказната е тоа што беше целосно наместен и снабден со залихи. Дренда и јас бевме воодушевени, но не гледавме како би можеле да го купиме имотот.

Сосема случајно таа вечер имавме договорена вечера со еден од нашите партнери. Во последните два месеци повеќепати ја презакажувавме таа средба бидејќи и тие и ние бевме многу зафатени. Но, таа вечер успеавме да се видиме. Додека седевме на вечера, почнавме да зборуваме за доградбата на главната црква. Парот нè праша како напредуваат работите, а ние им кажавме дека

се соочуваме со повеќе проблеми вклучувајќи и големи доцнења во набавувањето на дозволите и плановите. Им рековме дека според тоа како се движат работите изгледа дека нема да успееме да ја завршиме доградбата до крајот на 2022 година или пролетта 2023 година.

Веднаш прашаа дали некогаш сме помислиле да отвориме нов кампус, а ние рековме да. Објаснивме дека веќе шест месеци бараме без да најдеме соодветна локација. Потоа им кажавме за прекрасното училиште што го видовме тоа утро, кажувајќи им дека кампусот би бил совршено место за нас, но дека е проценет на милионска сума.

Тие седеа и нè слушаа, и без ниту да трепнат рекоа: „Што ако кампусот е бесплатен?“ Навистина не ги разбравме првиот пат, па тие повторно прашаа: „Што ако кампусот е бесплатен?“ Повторно, мислевме дека се шегуваат, но овој пат господинот рече: „Дренда, што ако кампусот не чини ништо?“ „Не разбираме?“, рековме. Тие рекоа: „Ќе ви дадеме чек!“ Седевме и се чудевме на тоа што го слушаме. Но, да ја скратиме приказната, тие платија за кампусот.

Така, само два дена откако го посеавме тоа семе за нашиот кампус, Бог нè упати на совршеното место. Сега поседуваме кампус од 12 милиони долари без да должиме некому за тоа! Кој некогаш би помислил или, искрено, воопшто би го замислил тоа? Откако го видовме тоа, јас и Дренда се согласивме дека и покрај сето она што го имаме посведочено во животот, треба уште повеќе да ги рашириме нашите видици. Бог може навистина да направи прекрасни нешта!

Претпоставувам дека истото чувство го имаа и учениците тој ден кога нахранија 20.000 луѓе со пет леба и две риби. Се обложувам дека си легнаа велејќи: „Леле, го видовте ли тоа?“

ПЕТТО ПОГЛАВЈЕ

# ОСПОСОБУВАЊЕ НА ВАШЕТО СНАБДУВАЊЕ

Во претходното поглавје говоревме за првиот чекор во вклучувањето на законот на Царството за вашето снабдување.

**МОРА ДА ДАДЕТЕ НЕШТО ОД ОНА ШТО ВИ Е ПОТРЕБНО ВО ЦАРСТВОТО ЗА ТОА ДА СЕ УМНОЖИ!**

Тогаш ви реков дека ќе одговорам на неколку прашања во врска со таа изјава, а првото е: „Што значи да се даде нешто во Царството за тоа да се умножи?

Ајде повторно да се вратиме на нашата приказна во Марко 6 и да откриеме неколку вистини.

*И бидејќи веќе времето поизмина, учениците Негови пристапија кон Него и рекоа: „Овде е местово пусто, а и доцна е; распушти ги за да отидат по околните села и колиби и да си купат леб, зашто нема што да јадат.“*

*Тој им одговори и рече: „Дајте им вие да јадат!“ А тие Му рекоа: „Да појдеме и да купиме за двесте денарии леб, па да им дадеме да јадат?“*

*Потоа Тој ги праша: „Колку лебови имате? Отидете и видете!“ И кога видоа рекоа: „Пет леба и две риби.“ Тогаш Исус им рече на сите да поседнат на купчиња по зелената трева. И поседнаа во групи по сто и по педесет. Тој ги зеде петте леба и двете риби, па, погледна кон небото, ги благослови лебовите и ги прекрши, и им ги даде на учениците Свои, за да им ги стават пред нив; исто така им ги раздели и двете риби на сите. И јадеа сите и се наситија. И собраа парчиња, од лебот и од рибите, полни дванаесет кошеви. А оние, што јадеа од лебовите, беа околу пет илјади мажи.*

—Марко 6:35-44

Сакам да видите неколку работи во оваа приказна што можеби не сте ги забележале претходно. Кога Исус рече: „Дајте им нешто да јадат“, нивниот одговор и Неговата реакција ни покажуваат еден од најважните клучеви за нашето разбирање на Царството во однос на снабдувањето. Кога тие Му одговорија, всушност Му рекоа дека ќе биде потребно шестмесечна плата за да се прехранат толку луѓе. Забележете како нивните умови ги поврзаа потребните средства со трудот кога се соочија со тој проблем. Па, факт е дека сите го правиме тоа. Но, овој менталитет на заработка не беше секогаш дел од свеста на човекот. Тоа се случи после падот на Адам. Треба да се вратиме на текстот каде што е опишан Адамовиот пад и каде што јасно можеме да видиме како се случи сè.

## Менталитет на заработка

*Па потоа му рече на Адам: „Бидејќи ја послуша жената твоја и вкуси од дрвото, од кое ти забранив и реков: – не јади од него – затоа земјата нека биде проклета за тебе; со мака ќе се храниш од неа сè до крајот на својот живот; трње и бодлики ќе ти раѓа; и ти ќе јадеш трева полска. Со пот на лицето свое ќе јадеш леб, сè дури не се вратиш во земјата, од која си земен; зашто си земја, и во земја ќе се вратиш!“*

—Создавање 3:17-19

Доколку се сеќавате, Адам и Ева беа поставени на земјата за да владеат во име на Божјото Царство. Тие владееја со делегирана власт. Сатаната, кој веќе беше на земјата, ги презираше и го посакуваше нивниот авторитет. Иако Адам и Ева имаа целосна власт над него тој успеа да ги измами дека Бог не е на нивна страна и затоа не може да Му се верува. Тој им понуди навидум подобра иднина, и затоа тие одлучија да го следат сатаната наместо Бог. Поради нивното бунтовништво, тие ги изгубија своите легални позиции во Царството Божјо, и во суштина Го избркаа Бог од нивните животи и на сатаната му дадоа легална надлежност врз целата земја во однос на човекот. Во 2 Коринтјаните Павле го нарекува сатаната бог на овој свет.

> *„За оние, на кои богот од овој свет им ги заслепил нивните безверни умови, за да не ги осветли светлината на Благовестието за славата на Христос, Кој е слика на (невидливиот) Бог.“*
>
> —2 Коринтјаните 4:4

Соочен со неговиот грев, Бог му вели на Адам: „*Земјата нека биде проклета за тебе; со мака ќе се храниш од неа сè до крајот на својот живот*“. Потоа уште вели: „*Со пот на лицето свое ќе јадеш леб*“.

Бог му кажува на Адам дека поради неговиот бунт, Земјата нема да дава плод како во минатото. Божјите раце сега се врзани и Адам ќе мора да се пробие во животот со сопствена пот и болен труд. Ве молам имајте во предвид дека Адам е тој што ја проколна земјата, а не Бог. Адам имаше целосна правна јурисдикција над земјата, и кога се побуни против Бог, Божјиот благослов беше принуден да се повлече. Затоа Бог му вели на Адам: „**Земјата нека биде проклета за тебе**“. Градината во која беше создаден да живее Адам, која беше полна со храна, повеќе ја немаше. Пред неговиот бунт, Адам никогаш немаше помисла или грижа за снабдувањето на неговите потреби; секаде каде

што ќе погледнеше имаше изобилно од сè. Но, тоа се смени и тој требаше сам да си бара храна со мака и пот. Јас тоа го нарекувам земен систем на мака и пот.

**Потребите сега се снабдуваа со мака и пот!**

Не беше променета само земјата. Адам и целото човештво беа променети. Адам го изгуби својот идентитет, својата цел и своето снабдување и стана роб на преживувањето. Така пораснавме и јас и вие, под системот на мака и пот.

**ОД ВРЕМЕТО НА АДАМ, МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ БЕА РОБОВИ НА ОПСТАНОКОТ, ИЛИ ТРЧААТ ПО ХРАНА ИЛИ БАРААТ НАМИРНИЦИ, БИДЕЈЌИ ПАРИТЕ СЕ ЕДИНСТВЕНОТО БЕГСТВО ОД БОРБАТА ЗА ПРЕЖИВУВАЊЕ.**

Секоја одлука според овој проколнат земен систем е одлука за опстанок и обично се врти околу наоѓање пари или справување со други финансиски проблеми. Каде и како да ги најдеме нештата што ни се потребни, е мислата што владее со нашите мисли и животи. Нашите идентитети, што некогаш беа уникатно дизајнирани од Бог за нашите цели и задачи на земјата сега се киднапирани и заменети со нашата потреба да ги најдеме парите што ни се потребни за да преживееме, секогаш гледајќи на снабдувањето за наредниот ден.

## Систем на ропство

Неодамна прочитав во една анкета дека над 70% од луѓето во Соединетите Американски Држави не ја сакаат својата работа.[6] Можеби ќе прашате: „Тогаш зошто одат на работа ако тоа не им се допаѓа?“ Едноставно кажано, тие робуваат на следната плата!

Под проколнатиот земен систем на мака и пот, секој сонува да биде милионер, за бегство од бескрајната трка на преживување и притисокот да се обезбедат потребите. Луѓето сонуваат да добијат на лотарија, сонуваат да бидат богати и да можат да бидат слободни да го прават она што го сакаат наместо она што мора да го прават. Од времето на Адам, мажите и жените беа робови на опстанокот, или трчаат по храна или бараат намирници, бидејќи парите се единственото бегство од борбата за преживување.

Дозволете ми да ви дадам пример за тоа како овој систем нè обучува сите нас како да размислуваме. Ако ви кажам дека треба целосно да се ослободите од долговите во наредните 12 месеци, автоматски ќе почнете да пресметувате како да вложите поголем труд и пот за да го решите проблемот. Ќе разгледате можност да најдете и две или три работни места, ако е потребно, што и да треба само да ги заработите парите. А за тоа секако е потребно повеќе мака и пот. Болниот труд и потта е именителот кој се пресметува во секој сон. Ако ви треба нов автомобил, ги пресметувате трошоците и трудот што треба да го вложите да ги заработите средствата и велите: „Не, не можеме да си го дозволиме тоа“. „Поголема куќа? Не, не можеме да си го дозволиме тоа.“

## Невозможните ситуации за Бог се само прилики

Според проколнатиот систем на земјата, соништата се заменуваат со кратко патување до Тинекс, а на враќање до дома можеби до некоја сендвичара да си

---

[6] https://returntonow.net/2017/09/22/85-people-hate-jobs-gallup-poll-says

купиме сендвич. И ако немате доволно време или сила за да го остварите вашиот сон, се откажувате од истиот признавајќи си себеси дека, како и сите други, треба да продолжите да одите на таа работа што ја мразите. За повеќето луѓе равенката за мака и пот обично го има зборот невозможно по знакот за еднаквост.

А токму така учениците гледаа на нивната ситуација: „Да ги нахраниме овие 20.000 луѓе? Невозможно! За тоа ќе ни треба повеќе од шест месечни плати!" Платите во овој случај значеа повеќе мака и труд отколку што можеа да ги дадат за да се задоволат потребите. Повторно, нивната единствена перцепција за снабдување на потребите беше преку труд. На овој начин функционира земјиното царство. Сите го знаат тоа, но Исус ќе им покаже нов начин на живеење, ново Царство со нови закони. Да, навистина има излез од земниот систем на мака и пот. Навистина има!

Да се вратиме на тој момент кога учениците рекоа дека ќе биде невозможно да се нахрани тоа мноштво и да видиме како Исус реагираше. Веројатно треба да имате кожна нараквица DWJD (Правете го она што Исус го направи), за да не го заборавите она што Тој ќе ви го покаже, како што направија Неговите ученици. Наместо да се согласи со дијагнозата на Неговите ученици за ситуацијата, Исус ја презема контролата давајќи им наредба: „Одете и видете колку лебови имате". Сега, тие знаеја уште пред да погледнат дека нема да има доволно за да ја нахранат целата толпа. Затоа тие првенствено дојдоа кај Исус и побараа од Него да ги испрати луѓето сами да најдат храна. Но, за да бидат послушни, отидоа, погледнаа и се вратија со извештај дека пронашле скудни пет леба и две риби.

Сега, тука се случува нешто што мора да го видите, уште еден голем знак! Но, за да го видите, сакам уште еднаш да ја прочитаме приказната, овој пат од евангелието според Матеј.

> *Но Исус им рече: „Нема потреба да одат; дајте им вие да јадат!" А тие Му рекоа: „Ние имаме само пет*

*леба и две риби.“*

*Тој им рече: „Донесете Ми ги тука!“ И откако му заповеда на народот да седне по тревата, ги зеде петте леба и двете риби, погледна кон небото, ги благослови, ги прекрши и им ги даде лебовите на учениците, а учениците – на народот. И јадеа сите и се наситија; и кренаа дванаесет кошеви полни со останати парчиња. А оние што јадеа беа околу пет илјади мажи, покрај жените и децата.“*

—Матеј 14:16-21

Забележете во стих 18 дека Исус бара од учениците да Му ги донесат лебот и рибите. Потоа, на крајот од стих 19, гледаме дека Тој им ги враќа лебот и рибите на Своите ученици. Нешто се случи помеѓу тие два дела од Светото Писмо што требаше да ви го привлече вниманието и да го поттикне прашањето: „Зошто Исус побара од учениците да Му ги донесат лебот и рибите, ако планираше да им ги врати веднаш во следниот момент?“ Исус не прави ништо религиозно, па мора да има причина зошто ги побара лебот и рибата. Како духовни научници, ние треба да знаеме што се случи кога Тој ги зеде лебот и рибата од учениците.

***„Ги зеде петте леба и двете риби, погледна кон небото, ги благослови, ги прекрши и им ги даде лебовите на учениците, а учениците – на народот.“***

Библијата ни кажува дека Тој се заблагодари. Некои верзии велат дека Тој ги благослови лебот и рибите. Но, што значи тоа? Грчкиот збор што се користи овде за благодарност или благослов буквално значи да се посвети нешто, да се бара Божји благослов за нешто или да се моли Бог да благослови нешто за нечија употреба. Да одиме еден чекор понатаму, да се посвети нешто значи да се прогласи за свето, формално посветено за Божествена цел.

Значи, во основа, кога Исус ги благослови рибите и лебот, тие беа одвоени од јурисдикцијата на земното

царство и преминаа под надлежност на Небото.

**Исус искажа зборови на благослов, лебот и рибата преминаа во друго царство.**

## Спроведување на работите под нова јурисдикција

Лебот и рибите претходно беа под надлежност на луѓето на земјата и надвор од Божјата способност да направи нешто со нив. Но, сега гледаме дека преку великодушноста на малото момче, тие Му беа понудени на Исус, при што беа префрлени под јурисдикција или надлежност на Царството Небесно. Мораме да сфатиме и дека лебот и рибите, оставени под надлежност на земното царство, никогаш не можат да се умножат.

Како духовни научници, треба да обрнеме големо внимание на деталите. Кога всушност се случи овој трансфер? Можеби најпрво ќе помислите дека промената на јурисдикцијата се случи кога малото момче им ги даде рибите и лебот на учениците. Тоа, се разбира, беше дел од процесот, а фактот што момчето го направи тоа доброволно е исто така важен знак за да се земе во предвид. Но, вистинскиот трансфер не се случи при предавањето на лебот и рибите на учениците. Трансферот всушност се случи во моментот кога Исус изговори благослов врз лебот и рибите, ете тогаш се случи легалното пренесување. Сакам да потенцирам дека иако Исус ги зеде лебот и рибите и ги држеше во Своите раце, тие немаше да се умножат додека Тој не изговори специфична наредба за тоа.

Ајде да го ставиме тоа во перспектива на нашата лекција за вера што ја научивме претходно. Дознавме дека иако вашето срце може да биде во верата, што овозможува легален пристап на Небото овде на Земјата, ништо не се случува додека вие, имајќи правна јурисдикција на земјата, не го ослободите Небесниот авторитет овде.

> *„Бидејќи со срцето се верува за оправдание, а со устата се исповеда за спасение.“*

—Римјаните 10:10

Иако зборовите на Исус не се запишани во Библијата во врска со она што Тој го кажа кога ги благослови лебот и рибите, сигурен сум отприлика Тој го кажа следното: „Татко, Ти благодарам за Твоето снабдување и ги примам овие лебови и риби во Твоето Царство за Твоја слава. Овие лебови и риби сега ќе се умножат за да ја нахранат оваа огромна толпа со повеќе од доволно, за да најдат одмор и сила и да ја видат Твојата слава“. Се разбира, како што реков, Неговите зборови не се запишани. Но, сигурен сум дека Тој им заповеда на лебот и рибите откако беа донесени во Неговите раце. Како го знам тоа? Затоа што Тој веќе го знаеше планот и им заповеда да седнат во групи.

*Но Исус им рече: „Нема потреба да одат; дајте им вие да јадат!“*
*А тие Му рекоа: „Ние имаме само пет леба и две риби.“*
*Тој им рече: „Донесете Ми ги тука!“ И откако му заповеда на народот да седне по тревата, ги зеде петте леба и двете риби, погледна кон небото, ги благослови, ги прекрши и им ги даде лебовите на учениците, а учениците – на народот.*

—Матеј 14:16-19

Забележете дека Тој веќе им даде упатства да седнат во тревата пред да ги благослови лебот и рибите. Тој точно знаеше кој е Неговиот план. Сигурен сум дека им заповеда на лебот и рибите откако беа донесени кај Него. Давањето заповед кога го сеете вашето семе е витален аспект на сеењето. Дали ви кажав колку е тоа витално? Да, затоа обрнете внимание. Во овој момент сметам дека треба да кажам збор два во врска со заповедта кога сеете.

*А Тој им рече: „А вие, што мислите, Кој сум Јас?“ Симон Петар одговори и рече: „Ти си Христос, Синот на живиот Бог.“ Тогаш Исус му одговори и рече: „Блажен си ти, Симоне, сине Јонин, зашто тело и крв не ти го*

*открија тоа, туку Мојот Отец, Кој е на Небесата. А Јас тебе ти велам: ти си Петар и на тој камен ќе ја изградам црквата Своја, и вратите на пеколот нема да ја надвладеат. <u>И ќе ти ги дадам клучевите од Небесното Царство, и што ќе сврзеш на земјата, ќе биде сврзано на Небесата; а што ќе разврзеш на земјата, ќе биде разврзано и на Небесата.</u>“*

—Матеј 16:15-19

**ИМАМЕ АВТОРИТЕТ ДА ГО ВРЗИМЕ ЃАВОЛОТ И ДА ЈА ОДВРЗЕМЕ НЕБЕСНАТА ВОЛЈА НА ЗЕМЈАТА.**

Овие стихови јасно ни кажуваат дека нашата способност да владееме на земјата во име на Царството Божјо е возобновена преку Исус Христос. Имаме авторитет да го врзиме ѓаволот и да ја одврземе Небесната волја на земјата. Верувам, или, барем се надевам, дека повеќето христијани веќе знаат што значи да се врзе ѓаволот. Многу едноставно, да се врзе ѓаволот значи да се спречи во извршувањето на своите злобни намери. Тоа се случува кога ги изгонувате демоните од луѓето, кога ставате раце на болните луѓе и тие оздравуваат, и едноставно кога кажувате, „Престани во името на Исус!“ Го применувате авторитетот на Царството Божјо за да ја воспоставите победата што Исус ја извојува над ѓаволот.

## Употребувајте го вашиот авторитет

Сметам дека многу малку луѓе знаат како да го ослободат Небото на земјата. Веќе зборував за 1 Јован 5:14-15 како пример за ефективна молитва.

*„И тоа е увереноста, која ја имаме пред Него, дека ако побараме нешто по Неговата волја, Тој нѐ услишува. А кога знаеме дека ни услишува што и да побараме,*

*знаеме дека ќе добиеме, што и да сме побарале од Него.“*
—1 Јован 5:14-15

Верувањето во срцето или вербата не е крајот на нештата. Како што веќе видовме, кога верувате во она што го кажува Небото, вие сте оправдани. Сега легално Небото може да тече на територијата на земјата, но ништо нема да се случи додека не го ослободите тој авторитет на земјата. Вие сте седнати со Христос на Небесните места од десната страна на Таткото. Вашите зборови се зборови на Царот, а Небото не може да се манифестира на земјата додека не го повикате со зборови! Тоа може да биде прокламација или договор изговорен во молитва, но вие ги држите клучевите на Царството. Бог не може да дејствува без вас!

Не се работи за тоа само да знаеме како да се молиме за нештата да се случат; потребно е да знаеме како да дадеме заповед. Запомнете, ако не го одврзете Небото овде на земјата, тоа нема да се пројави. Затоа, многу е важно да разбереме како да ја одврземе Небесната волја во нашите животи и во нашиот свет.

Еден од најдобрите примери за давање заповед се учи во Господовата молитва. Во Господовата молитва постојат неколку важни клучеви кои треба да ги знаете. Прво, текстот вели дека Бог веќе знае што ви треба, затоа престанете со просењето. Просењето не е вера, и покажува незнаење во однос на тоа како функционира Царството и вашите права како граѓанин на истото. Давањето заповед во молитвата е всушност реквизиција. Реквизицијата е многу детален список на она што ви треба. Таквата молитва не ги бара тие нешта, туку едноставно правно ги присвојува.

*„Кога се молите, не говорете многу како незнабошците, зашто тие мислат дека за своите многубројни зборови ќе бидат услишени; вие, пак, немојте да бидете како нив, зашто вашиот Отец Небесен знае од што имате потреба уште пред да*

> *Го помолите. Туку молете се вака: Оче наш, Кој си на Небесата, да се свети името Твое; да дојде Царството Твое; да биде волјата Твоја, како на Небото, така и на земјата; лебот наш насушен дај ни го денес.“*
>
> —Матеј 6:7-11

Исус започнува со: „Оче наш на небесата, нека се свети (многу почитуван и ценет) Твоето име (одраз на Неговата власт и авторитет)“. Исус ја поставува законската позиција на молитвата во оваа прва реченица. Ајде да го споредиме со првата реченица што се кажува во судница.

Судскиот чиновник стои и вели: „Ве молам станете. Судот во (тогаш го именува судот)...“ Може да биде Основниот суд во Скопје, Основниот суд во Велес, или кој било друг суд. Но, на почетокот се случуваат неколку работи. Судскиот чиновник вели: „Ве молам станете“, повикувајќи на чест на судот, како и на судијата што ќе претседава со судот. Името на судот се споменува за да се воспостави соодветна јурисдикција, за да знаете дека сте во вистинската судница која има надлежност за вашиот случај.

Ајде да продолжиме со она што го кажува судскиот чиновник. „Ве молам станете. Основниот суд за жалби при ОС на град Скопје сега заседава, и со истиот претседава почесниот судија Ковачевски.“

Целата прва реченица, „**Оче наш, кој си на небесата, да се свети името Твое**“, ја одредува позицијата на Оној што треба да владее со овој случај и нè овластува да бидеме таму. Тој е наш Татко, а ние имаме легален пристап до овој суд. Оваа прва реченица, исто така, ја лоцира јурисдикцијата на судот како Небесен суд, највисокиот суд на сите власти.

Во Господовата молитва потоа следува, „**Нека дојде Царството Твое, нека биде волјата Твоја.**“

Оваа фраза бара од судот да одлучува според законот на Царството. Ќе поднесете барање или ќе поднесете жалба до судот очекувајќи од Судијата да го спроведе она што го вели Неговата волја (законот) во врска со тој случај. Потоа вели: „**На земјата како што е на Небото**“.

Повторно, вие изјавувате дека сакате пресудата на Небото да се спроведе на земјата како што е на Небото. Сега, сето тоа се случи за да ве позиционира и постави пред судот. Сѐ уште ништо не е побарано или презентирано. Но, следува барањето.

**НО, ПОВЕЌЕТО ХРИСТИЈАНИ ВЕЛАТ: „ОХ, ШТО Ѝ ДА САКА БОГ ДА МИ ДАДЕ Е ВО РЕД. ТОЈ НАЈДОБРО ЗНАЕ“. ПОГРЕШНО, ПОГРЕШНО, ПОГРЕШНО!**

„**Лебот наш насушен дај ни го денес**“. Оваа изјава навистина нема многу врска со лебот, освен ако не ви треба токму леб. Наместо леб можете да вметнете сѐ што ви треба. Запомнете, целиот овој разговор започна кога Исус ги поучуваше Своите ученици како да се молат за да ги задоволат нивните потреби. Ова е местото каде што го поднесувате вашето барање, но како што реков, подобар збор во контекстот е реквизиција. Се разбира, и двата збора се добри, а зборот барање е споменат во Филипјаните 4. Но, поентата што сакам да ја разберете е дека барањето всушност е попрецизно изнесување на вашата потреба. Запаметете го тоа, детално изнесување на потребата. Вие давате наредба во молитвата; наредбата мора да биде детална и прецизна. Филипјаните 4:6-7 ни го кажува истото.

*„За ништо не грижете се, туку во сѐ преку молитва и барање со благодарност изнесувајте ги пред Бога своите молби, и мирот Божји, што надвишува секој ум, ќе ги запази вашите срца и вашите мисли во Исус Христос.“*

—Филипјаните 4:6-7

Забележете дека молитвите и барањата се различни. Нашите молитви ги носат нашите барања, но молитвите

се возилото што ги носи кај нашиот Татко. Повторно, барањето е многу детално и прецизно. Но, повеќето христијани велат: „Ох, што ѝ да сака Бог да ми даде е во ред. Тој најдобро знае“. Погрешно, погрешно, погрешно!

**Бог ВАМ веќе ви ги даде клучевите на Царството!**

Ако сте ги читале моите книги, знаете дека во нив има безброј детални приказни за Царството. Оваа книга исто така содржи многу сведоштва што се надевам ви помагаат да видите колку е детално Царството и колку детални треба да бидат вашите зборови. Како поткрепа на мојата мисла, дозволете ми евентуално да ви досадувам со неколку постари сведоштва што можеби сте ги слушнале претходно. Но, чувствувам дека треба да одвојам онолку време колку што е потребно за да имате подобро разбирање за тоа колку е специфично Царството. Дозволете ми само да ве потсетам на некои од сведоштвата што веќе ги споделив со вас.

### Царството на дело

Прочитавте претходно како ми се запали автомобилот откако гласно реков: „Господе, можеби е најдобро овој автомобил да изгоре“. Дали тоа беше случајност? Ајде да продолжиме. Ви кажав за елените и како Господ ми покажа дека треба да сеам за нив и како немам уловено ниту еден елен од платформата за кој претходно не сум посеал. Вистинскиот елен, еленот за кој имав посеано, доаѓаше секој пат. Тогаш ви кажав како Бог ми покажа дека ги ловам елените според редоследот по кој ги запишував. Ајде; зарем претходно сте чуле такво нешто? Знам дека јас никогаш претходно не бев слушнал такво нешто сè додека не видов со свои очи. Царството е толку прецизно што ви кажав за експериментот со еленот со седум рокчиња и за друг елен со шест рокчиња за кој семе посеа Тим. Ви кажав како Бог ме научи да зборувам со авторитет, и еленот што се оддалечуваше од мене на 200 метри застана во мигот кога му заповедав, а потоа дојде и застана директно под мојата платформа. Ви кажав

за фазанот на кој му заповедав да застане, и тој веднаш застана.

Ви кажав за пушката што ја посочив во продавницата за спортска опрема кога реков: „Таа ја сакам“, и неколку недели подоцна како подарок добив иста таква пушка. Ви кажав и за кабриолетот BMW 645Ci што го виде Дренда на паркингот и рече: „Тоа е тоа!“ Никому не кажавме, но неколку недели подоцна, еден човек од црквата ми се јави и рече: „Денес го видов автомобилот на Дренда“. Бев шокиран и го прашав што сака да каже со тоа. Тој ми кажа дека додека возел низ градот, и видел на продажба кабриолет BMW 645Ci во совршена состојба, и Господ му кажал дека тоа е автомобилот на Дренда. Истиот автомобил што го баравме... тоа ми го привлече вниманието!

Во седмото поглавје ќе ви кажам за тоа како го добив авионот за којшто посеав семе од сосема неочекуван извор и како ги добив парите за да го платам. Имам безброј приказни што покажуваат колку точно функционира Царството.

Се сеќавам кога уловив голем елен со 26 рокчиња. Беше прилично топол ден за ноември. Го оставив еленот да виси цел ден, а утредента го однесов кај препаратор на животни за да му ја препарира главата. Тој го погледна крзното и рече: „Жал ми е; изгледа дека топлото време го уништило крзното. Мислам дека ова нема да успее, но ќе се обидам и ќе видам“. Сега, не сакав да дозволам да пропадне мојата замисла да имам трофеј од ловот во мојата канцеларија. Во еден момент, тој влезе во канцеларијата за да земе формулар за нарачка. Кога тој влезе во канцеларијата, ја ставив раката на еленот и прокламирав дека крзното е совршено и дека препарирањето ќе излезе совршено. Се вратив за еден месец за да ја земам главата, а препараторот рече: „Знаеш, ти кажав дека мислев дека крзното е уништено, но оваа излезе совршено. Крзното е совршено“

Би можел да продолжам вака со часови, но суштината е што велите вие? Со секој изговорен збор го активирате духовниот закон! Можеби не сте го знаеле тоа. Јас не го

знаев, но тоа е вистина. Царството е многу специфично. Дозволете ми да ви кажам уште една приказна, а до крајот на оваа книга ќе видите уште многу приказни што ќе го докажат тоа што го кажувам. Како што можете да видите, јас со голема ревност сакам да ги пренесам овие вистини.

## Активирање на духовниот закон

Се случи за време на една од женските конференции на Дренда. Изнајмивме Кадилак Ескалад за една гостинка што беше дојдена на конференцијата. Заврши конференцијата, но автомобилот не мораше да го вратиме до следното утро, па јас и Дренда решивме да го возиме дома таа вечер за да го искусиме возењето. Никогаш претходно немавме возено Ескалад. Па, како што можете да замислите, возилото беше одлично. Следното утро додека возевме кон црква, разговаравме и се согласивме дека сакаме да имаме таков автомобил. Кадилакот што го возевме беше кратка, бисерно бело верзија. И двајцата се согласивме дека кратката верзија ни се допаѓа повеќе од подолгата верзија и ја сакавме и бисерно белата боја.

Отприлика еден месец после тој настан, кога излегував надвор по весникот, заѕвони мобилниот телефон, а на линијата беше еден член на нашата црква. Тој само рече: „Сакам да ви купам Кадилак Ескалад. Каква боја сакате да биде?“ Бев изненаден, но реков бисерно бела. Меѓутоа заборавив да му кажам за кратката верзија. Помина околу еден месец, и помислив дека можеби човекот заборавил на Фордот, но еден ден тој ми се јави и ми кажа дека го има автомобилот. Отидовме да го видиме автомобилот во совршена бисерно бела боја, кратка верзија. Додека одевме до него, тој го рече следново: „Жал ми е што чекавте толку долго, но не можев да најдам долга верзија“. Она што не го знаеше е дека ние не сакавме долга верзија. Нему му се допаѓаше долгата верзија и затоа мислеше дека и ние ќе сакаме таков модел, но во случајот успеал да најде само кратка верзија. Повторно, совршеното возило, токму тоа  за кое се согласивме јас и Дренда.

Забележав еден неверојатен пример во бизнисот во последните неколку години. Како што можеби знаете или не, јас сè уште поседувам компанија за финансиски услуги. Пред да почнам да водам црква пред 25 години, бев број еден од 5.000 соработници на еден од моите клиенти. Кога ја започнавме црквата, знаев дека ќе бидам многу зафатен и претпоставував дека нема да можам да ја задржам таа позиција, и токму тоа и се случи. Во мојот бизнис, нашите клиенти нудат стимулативни патувања за да ги наградат своите продавачи за донесениот приход таа година.

Еден наш клиент, секоја година на својата конвенција доделуваше 100.000 долари на најдобрите десет партнери односно на оние што имаа повеќе од 10 милиони долари во обрт. Тие, исто така, плаќаа за патувањето и сместувањето на годишната конвенција за секој што имаше обрт од над 3 милиони долари. Обично правев околу 4 милиони долари секоја година со оваа компанија, и затоа добивав бесплатно патување, но потоа морав да седам и да гледам како ги доделуваат чековите од 100.000 долари на првите десет партнери. Тоа го правев 18 години! Така е, 18 години. Никогаш не мислев дека можам да ја постигнам таа норма додека сум пастор на црква, па затоа никогаш не ја насочив мојата вера во тој правец

Но, една година, додека седев и гледав како десетте најуспешни добиваат чекови од 100.000 долари, Господ ми зборуваше и ми рече: „Зошто не си таму горе?“ Пред да можам да одговорам, Тој продолжи: „Сакам да бидеш таму горе. Сакам Моето име да се знае овде“. Веќе беше март, и како што реков, во последните 18 години за оваа компанија правевме околу 4 милиони долари годишно. Човечки не гледав начин да ја постигнам нормата, но се молев за тоа, а јас и Дренда го посеавме нашето семе за да ја достигнеме нормата од 10 милиони долари. Господ ми покажа што да променам во однос на тоа како нашата компанија ги обработува барањата, што направи голема разлика. За да ја скратам приказната, влеговме во првите десет и добивме чек од 100.000 долари. Но, тоа што сакам

да го споделам со вас е дека го оствaривме тоа само со една продажба!

Следната година, компанијата ја зголеми нормата на 12 милиони долари за бонусот од 100.000 долари. Ние го посеавме нашето семе, и ја исполнивме и таа норма. Но, сигурно погодивте; го постигнавме тоа само со една продажба. Следните две години, програмата беше откажана. Но, минатата година, 2019, тие повторно ја активираа програмата, но со старата норма од 10 милиони долари. Посеавме семе и влеговме во првите десет; и погодивте. Повторно, само со една продажба. Дали случајно ја постигнувавме нормата секоја година само со една продажба? Не, сеевме за да го достигнеме минималниот број за да дојдеме до нормата од 100.000 долари. И токму тоа го правевме. Дали се стремевме да го постигнеме тоа само со една продажба? Се разбира не. Секоја година бевме многу зафатени и не знаевме како ќе се одвиваат нештата до последниот ден од месецот. Повторно, неверојатна слика за тоа како функционира оваа работа.

## Зошто е важно да заповедаме

На овогодинешната конференција со наслов Снабдување, Бог ми зборуваше и ми кажа да ги поучам луѓето за она што јас и Дренда го научивме за заповедањето. Токму така го нарече Светиот Дух, заповедање. Затоа, одвоив некое време предавајќи на таа тема, бидејќи знам дека многу луѓе не знаат многу за тоа. Во речник, зборот заповед е дефиниран како официјална или авторитативна инструкција. Забележете дека не вели молење за милост, или давање инструкција со половина срце. Не, тоа е авторитативна инструкција! Затоа, да одиме понатаму. Ако јас духовно давам заповед, кој ја спроведува истата? Да, некој го прави тоа; ајде да дознаеме кој.

*А Исус им одговори и рече: „Имајте вера во Бога.*

*Зашто, вистина ви велам ако некој ѝ рече на оваа планина: ‚Дигни се и фрли се в море!‘ и не се посомнева во срцето свое, туку поверува дека ќе биде како што рекол, ќе му се исполни, што и да каже. Затоа ви велам: сè што ќе побарате во молитва, верувајте дека ќе го добиете – и ќе ви биде.“*

—Марко 11:22-24

Има две работи во овој пасус што сакам да ги истакнам. Забележете дека пишува: „Ако некој каже...“ Овде гледаме што откривме јас и Дренда. Нашите зборови го ослободуваат Небото овде во земното царство. Второ, сакам да се фокусирам на овој дел од тој пасус.

***„... и не се посомнева во срцето свое, туку поверува дека ќе биде како што рекол, ќе му се исполни.“***

Забележете дека вели: „Ќе му се исполни!“ Не за Бога, туку за нив, за оние што зборуваат овде на земјата.

Леле! Застанете. Треба да размислите за тоа малку! Нека се врежи тоа во вашето срце; бидејќи ова се однесува на вас.

Па кој го прави тоа за верните? Ајде да погледнеме во Евреите 1:14 за да дознаеме.

*„Нели се тие сите служителски духови, испратени да им служат на оние што ќе го наследат спасението?“*

Забележете дека овде има два различни збора што ги опишуваат ангелите, служителски и служат. Да се служи значи да се извршуваат должности или услуги за друго лице, во овој случај за вас. Министер е висок државен функционер на кој му е доверено управување со одредена област на владини активности. Да парафразирам што е ангел, тој е претставник на Небесниот суд со овластување да дејствува во име на Божјото Царство во ваша полза! Ве молиме имајте предвид дека ние не можеме да им заповедаме на ангелите бидејќи тие не одговараат пред нас, но можеме да поднесеме барање до Небесниот суд за

она што ни треба, и тие ќе бидат активирани. Прилично неверојатно!

„Морам да кажам нешто? Не знаев за тоа." Оваа ја опишува лекцијата што ме научи Бог во следната приказна.

Таа година, посеав семе за елен. Во тоа време, бев многу уверен дека ќе го добијам мојот елен. Затоа, излегов очекувајќи, како и обично, дека за кратко време ќе уловам елен. Седејќи на платформата, здогледав елен како шета низ шумата, но тој беше премногу далеку за да можам да стрелам со мојот лак. Се обидов да му заповедам да дојде кај мене, но ништо. Цело утро не видов никакво животинче. Излегов следното утро и не видов елен. Во тој момент знаев дека нешто не е во ред.

Додека излегував од шумата тој втор ден, почнав да се молам во Светиот Дух за одговорот. Многу брзо, Светиот Дух ми покажа што не е во ред. Кога посеав семе за мојот елен, едноставно го потпишав чекот за семето, го ставив во плик и го испратив по пошта. Не ги положив рацете врз чекот и не исповедав над него како што обично правев. Тогаш Светиот Дух ме потсети на приказната кога Исус ги умножи лебот и рибите и ми нагласи дека Исус ги благослови пред тие да се умножат. Се сеќавам дека помислив, *Морам да го направам тоа?* Јас отсекогаш ставав рака врз секој чек и се молев пред да ги испратам, но таа година бев навистина зафатен тој ден кога го испратив пликот со чекот. Мислев дека самото сеење на семето е она што го носи еленот под јурисдикција на Царството.

Затоа, сакав да ја поправам мојата грешка и да го испробам моето ново разбирање за Царството за да видам дали сум во право. Така, повторно посеав семе за елен, но овој пат се помолив и заповедав врз чекот пред да го испратам. Кога говорам за молитва и заповед врз чекот, дозволете ми да ви дадам пример за тоа што вообичаено го кажувам. „Татко, денес сеејќи го оваа семе добивам елен, во името на Исус. Исповедам дека е завршена работа според Марко 11:24 и Ти благодарам за тоа. Свети Душе, доведи го тој елен во опсегот за совршен удар, во името на Исус. Амин." Како што можете да видите, ништо

спектакуларно, но јас не се молам и не просјачам за да го уловам еленот. Едноставно изјавувам, соопштувајќи го моето барање. Некој што се бори на фронтот во војската не треба да моли за муниција; тие едноставно бараат. Со други зборови, тие веќе имаат легален пристап до сѐ што им треба, нема потреба да молат, треба само да кажат: „Подајте ми ја муницијата“.

Па, следното утро, уште пред да изгрее сонцето, јас се поставив на платформата, и токму кога шумата почна да станува сива, видов елен како се движи кон мене. Беше премногу темно за да пукам, но можев да видам како еленот доаѓа директно кон моето дрво. Кога еленот се приближи до моето дрво, застана и во наредните 15 минути полека се шеташе околу дрвото. Бев изненаден, во најмала рака. Еленот остана на 20 метри од моето дрво и полека кружеше околу него.

Како што светлината во шумата полека се зголемуваше, можев да видам дека тоа не е елен со рогови. Всушност, изгледаше како срна бидејќи не можев да забележам мали рокчиња на главата на животното. Сѐ уште не беше целосно светло, но сега беше легално да се пука бидејќи Охајо има законски регулативи за времето и нивото на светлина кога може да се лови елени. Не можев да забележам дали е елен, како што реков, но знаев и дека многупати, малите рокчиња со копчиња се веднаш под крзното. Мислев дека колку и да се однесува чудно еленот, тоа сигурно е мојот елен, па ја испукав стрелата и го погодив еленот. Кога се приближував, бев среќен кога ги видов малите копчиња и сфатив дека тоа е навистина еленот што го посакував. Го оставив еленот да лежи таму каде што падна, бидејќи сфатив дека заборавив да понесам нож со себе, па се вратив до куќата за да земам.

Кога се вратив кај еленот, го видов Тим како оди кон мене. Ме праша дали сум видел некое животно, а јас му објаснив што се случи утрото. Додека одевме до местото каде што лежеше еленот, тој ми кажа дека во последните три дена нема видено елен. Тим излегуваше на лов со мене сите три дена, а сега кога го кажа тоа, знаев каде е проблемот. Се сетив на денот кога дојде во мојата

канцеларија и ми даде чек за црквата како семе за елен. Се сетив дека тој не се молеше и не прокламираше кога го остави чекот. Одвоив малку време и му го објаснив она што Бог ми го покажа во врска со молитвата и прокламирањето над семето додека се сее.

Таа вечер, Тим и јас имавме работа во Колумбус, а на пат кон дома, поминувавме покрај црквата. Тим праша дали може да застанеме и повторно да го посее своето семе, овој пат со молитва и прокламација. Додека седевме во мојата канцеларија, тој го извади пликот со чекот и на него видов дека сее за елен со шест рокчиња. Мислев дека тоа е прилично смела и конкретна изјава.

Па, следното утро, Тим отиде на истото дрво и платформа каде што бев јас претходниот ден. Тој го имаше истото искуство што го имав јас имав претходниот ден. Пред светлината, еден елен дојде директно до дрвото и само вртеше кругови околу него додека светлината не беше доволна за истрел. Тим ја упати стрелата и сметаше дека добро го погоди еленот. За жал, еленот избега од нашето видно поле, и иако баравме два часа, едноставно не можевме да го лоцираме. Зачудувачки, подоцна истиот ден, еден наш пријател, кој живее на околу еден километар од нас, ни кажа дека неговиот сосед станал тоа утро и во својот двор нашол мртов елен со шест рокчиња. Еленот имал рана од стрела. Куќата на овој сосед беше во истата насока од нашата шума каде што трчаа елените. Мојот пријател ни кажа дека неговиот сосед, не знаејќи кој го застрелал еленот, сам го искасапил тоа утро. Знам луда приказна, но лекцијата беше научена.

**Кога го сеете вашето семе, зборувајте над него, исто како што тоа го правеше Исус.**

Патем, Тим посеа ново семе и кога следната недела излезе повторно да лови, повторно улови елен.

## Бидете конкретни во вашите зборови

Знам дека елените со шест рокчиња се прилично специфични, но како што дознавме, и Царството е

специфично! Погледнете ја на пример природата.

> *„И навистина, она што е во Него невидливо, односно вечната Негова сила и Божественост, согледливи се уште од создавањето на светот, гледано според Неговите дела, па така тие немаат изговор.“*
>
> —Римјаните 11:22-24

Библијата вели дека Божјите невидливи особини се гледаат во природата. Дозволете ми да ви поставам едно прашање: „Колку е детална природата?“ Исклучително детална! Ако ви кажам дека ќе купам автомобил, вашето следно прашање ќе биде: „Каков автомобил?“, нели? Не можете да видите автомобил во вашиот ум кога ќе кажам автомобил. Го гледате „автомобилот“ како многу специфичен автомобил, форд или шевролет, одреден модел на автомобил со одредена боја. Не постои слика со зборот автомобил: тоа е секогаш специфичен автомобил. Така треба да биде и во вашиот молитвен живот.

Дали некогаш сте прочитале правен документ? Сигурен сум дека сте прочитале. Тие се исклучително детални. Па, тоа што го ослободувате со вашите зборови е исто така точно, дури и кога немате такви намери. Гледајте како служеше Исус. Тој ја знаеше важноста на зборовите.

> *А кога се симна од гората, по Него врвеше многу народ. И ете, се приближи еден лепрозен. Му се поклонуваше и говореше: „Господи, ако сакаш, можеш да ме очистиш.“*
>
> *А Исус кога ја подаде раката, се допре до него и рече: „Сакам, очисти се!“ И тој веднаш се очисти од лепрата.*
>
> —Матеј 8:1-3

Забележете дека ништо не се случи додека Исус не кажа: „Очисти се!“

> *И кога пристигна на другата страна во земјата Гергесинска, Го сретнаа двајца обземени од демони, кои излегоа откај гробиштата; беа толку лоши што никој не смееше да мине по тој пат. И ете, извикаа и рекоа:*

*„Што имаш со нас Ти, Исусе, Сине Божји!? Зар си дошол тука пред време да нè мачиш?“*

*А недалеку од нив пасеа голем број свињи. И демоните Го молеа и говореа: „Ако нè изгониш, дозволи ни да влеземе во свињине!“*

*И Тој им рече: „Отидете!“ И тие излегоа и влегоа во свињите. И одеднаш сите свињи јурнаа низ стрмнината во морето и се издавија во водата.*

—Матеј 8:28-32

**ВИЕ ИМАТЕ ВЛАСТ, ГИ ИМАТЕ КЛУЧЕВИТЕ, НО МОРА ДА ЗБОРУВАТЕ!**

Ве молам забележите дека демонот зборуваше со Исус и не бегаше! Тие всушност разговараа! Демонот замина само кога Исус рече: „Оди си!“ Вие имате власт, ги имате клучевите, но мора да зборувате! Кажете нешто. Повторно, Царството е царство на закони со соодветен проток на авторитет. Вашите зборови се важни!

Пред да продолжиме понатаму, да повториме што учевме. Кога Исус ги благослови лебот и рибата, тие го сменија царството. И како Исус, и вие на вашето семе треба да му заповедате кога го сеете. Што очекувате да видите откако ќе го посеете вашето семе? Секое семе на себе има прикачена слика. Секое ветување исто така носи слика со себе. Ќе зборуваме за ова подоцна, но следното прашање што сакам да го адресирам е каде треба да го посеете вашето семе.

### Каде треба да го посеете вашето семе?

Најпрво, треба да сеете за Божјото дело на земјата. Ве молам имајте на ум дека не говорам за редовната дарежливост кога им помагаме на оние што се во потреба.

*„Кој прави добро на сиромав, заем Му дава на Господ, и Тој ќе му плати за неговата добрина.“*

—Изреки 19:17

Дали е вистина дека кога сме дарежливи Бог нè наградува?

> *„Ова, пак, ви го велам: кој така скржаво сее, така скржаво ќе жнее; а кој богато сее, богато и ќе жнее. Секој да дава како што одлучил во срцето, а не со жал или принуда; зашто Бог го љуби оној што од срце дава. А Бог може изобилно да ве дарува со секаков дар, секогаш да имате доволно за сè, да бидете од сè срце дарежливи во секое добро дело. Како што е напишано: „Раздаде, им даде на сиромашните; правдата Негова останува вечна.“*
>
> *А Оној Кој му дава на сејачот семе и леб за храна, Тој ќе го умножи и семето ваше, и <u>ќе ви даде да изобилуваат плодовите на вашата правда, па во сè да се збогатите за секаква дарежливост</u>, која преку нас предизвикува благодарност кон Бога.*
>
> *Бидејќи извршувањето на таа служба не само што ги надополнува потребите на светиите, туку и во мнозина предизвикува обилна <u>благодарност кон Бога</u>; и тие, користејќи ги плодовите од таа служба, <u>Го прославуваат Бога</u> за вашето покорно исповедање на Евангелието Христово и <u>за штедроста на заедницата со нив и со сите други</u>. А тие со молитви за вас копнеат по вас поради преизобилната благодат Божја во вас. Да Му благодариме на Бога за Неговиот неискажлив дар!“*

—2 Коринтјаните 9:6-15

Очигледно, Бог ги наградува оние кои се дарежливи. Но, јас зборувам за **<u>конкретно давање</u>** со **<u>конкретна жетва на ум</u>**. Запомнете, јас го именувам моето семе во типот на давање за кој зборувам. Да се биде дарежлив е дело на сочувство, и јас обично не давам име кога давам за разни потреби, туку, напротив, го прокламирам она што штотуку го прочитавме во 2 Коринтјаните 9, дека Бог ќе ми даде семе да бидам дарежлив и дека како што

продолжувам да бидам дарежлив, Тој ќе ми го зголеми богатството за да можам уште повеќе да бидам дарежлив.

### Давање со посебна цел

Спомнав дека кога сеам се фокусирам на она што јас го нарекувам давање со посебна цел. Повторно, ова давање има конкретна жетва на ум. Токму тоа го направи Исус во Марко, поглавје 6. Тој се соочи со многу специфична потреба и Му требаше многу конкретен одговор. Му требаше храна за да ги нахрани тие 20.000 луѓе, и затоа Му беше потребно многу специфично семе. Сега во Неговиот случај, Тој не го посеа семето; Тој го прими семето. И ова не беше спонтан дар според одлуката на срцето. Требаше да најде некој што ќе посее специфично семе за да се размножи во Божјите раце. Затоа Тој рече: „Одете и видете колку лебови имате“. Во таа прилика Исус имаше потреба од леб и риби, не огревно дрво или наметка, туку, конкретно, леб и риби.

Внимавајте кога сеете да бидете специфични во заповедта за да го добиете тоа што ви е потребно. Кога ми треба нешто специфично, обично сум јасен за она што ми треба, и го именувам моето семе кога го сеам. Кога давам, обично давам со чек или онлајн, па всушност запишувам на самиот чек. Или ако давам на Интернет, потенцирам зошто сум посеал за да имам евиденција каква заповед сум дал и датумот и времето кога сум го посеал семето. Запомнете, не очекувате да го добиете тоа за што се молите и декларирате на некој иден датум; вие всушност ги добивате тие работи во моментот кога се молите!

> *„Затоа ви велам: сè што ќе побарате во молитва, верувајте дека ќе го добиете – и ќе ви биде.“*
>
> —Марко 11:24

Сега, ова насочено давање се сее за некоја задача или потреба на Царството, нешто што Бог го прави во земното царство. Тоа обично е некоја служба каде што Бог им дал на водачите задача за која е потребно финансии. Повторно,

ова е различно од обичното помагање на сиромашните или оние што се во потреба, што е исто така Божја волја, се разбира, и Бог е многу јасен за наградата за таквиот вид давање. Зборуваме за насочено давање. Се разбира, можете да го посеете овој тип на давање во вашата локална црква и, всушност, голем дел од вашето насочено дарување треба да оди на име на вашата локална црква.

Кога веќе говориме за локалната црква, вашиот десетокот припаѓа во вашата локална црква. Многу луѓе што нè пратат онлајн ме прашуваат дали може да дадат десеток за нашата служба. Им велам: „Секако дека може“. Но, исто така ги охрабрувам да најдат добра локална црква во нивната област. Но, ако ние сме нивниот главен црковен дом, тогаш да, тие можат да даваат десеток во нашата црква. Сепак, како пастор, знам дека луѓето растат побрзо и стануваат посилни кога се дел од добра локална црква. Од друга страна, не е добро да поддржувате или да посетувате црква што учи сомнеж и неверување.

Значи, што се однесува до сеењето за некоја задача, треба да посеете во некој поединец или служба што ја разбира верата и што знае што значи договор. Внимавајте на оние што велат „Ако не посеете во оваа служба, ќе потонеме“. Нема вера во таквата изјава. Библијата е многу јасна дека не треба да сееме од принуда. Ако некој Божји маж или жена ве натера да се чувствувате виновни ако не посеете во нивата служба или ако тие вршат притисок врз вас да го сторите тоа, подобро е да не им давате ништо. На верата не ѝ треба никакво поттикнување.

Ако сакате да сеете, но навистина не чувствувате посебно водство каде да дадете, тогаш посејте во некоја задача или служба за која сметате дека покажала резултати и учи на вера во она што Го вели Бог. Никогаш немојте да сеете во црква која вели дека Бог убива луѓе или им дава рак за да ги научи нешто или некоја друга слична глупост. Но, сејте во служба која го учи Божјото Слово.

Сега, не заборавајте да се молите и да прокламирате кога го сеете вашето семе. Откако Бог ни кажа да го правиме тоа пред секој лов на елени, Дренда и јас

секогаш го правиме тоа. Се разбира, една година, за што зборував во ова поглавје, не исповедав и не прокламирав кога го сеев семето, и знаете како испадна тоа. Со години се молевме и прокламиравме за нашето семе без навистина да размислуваме за тоа или дури и да знаеме дека тоа е витален дел од сеидбата. Претпоставував дека давањето само по себе е доволно за да се стави дарот под јурисдикција на Царството, и во реалноста, тоа го прави. Но, без јасна наредба или заповед, нема фокус, нема точна жетва; а ако не ја знаете точната жетва, тогаш ќе ја пропуштите и сезоната на жетва.

Научив многу лекции преку ловот на елени, и додека го завршуваме ова поглавје за тоа како да ја ослободите вашата вера, сакам да споделам уште една приказна со вас.

Поминаа само неколку години откако научив како да ловам со вера, и поради некоја причина таа година решив дека нема да посеам семе. Не зборував за тоа со мојата сопруга; едноставно не зборував за сеење или молитва за елен додека се приближуваше сезоната на лов. Претходните неколку години ловев елени на неверојатен начин применувајќи ги принципите на кои ме научи Бог, но претпоставувам дека сето тоа беше ново за мене; па тогаш почувствував дека имав вера дека ќе уловам елен и затоа немаше потреба специфично да ја насочам својата вера. Како и да е, можете да погодите што се случи.

На првото утро од сезоната за лов, мислам дека видов како елен трча на околу 300 метри од мене, и тоа беше тоа. Вечерниот лов беше исто така неуспешен. Кога влегов дома со празни раце после првиот ден, Дренда имаше гостинка кога ѝ кажав дека работите не одат баш најдобро во ловот. Исто така ѝ кажав и дека не ги следев упатствата што ми ги даде Бог во врска со ловот на елени. Дренда рече: „Баш се прашував за тоа кога замина на лов“. Па, ја признав мојата грешка и ги прашав дали ќе се молат со мене за тоа. Напишав чек како семе за еленот, не забележувајќи некој посебен пол на еленот. Сите положивме раце на чекот, се помоливме и со вера го примивме тој елен.

Следниот ден не можев да излезам наутро на лов, па затоа излегов вечерта. Веќе некое време гледав еден голем јавор на имотот за кој мислев дека ќе биде добро да изградам платформа за лов, и таму се упатив. Беше многу топла вечер за декември, и ако добро се сеќавам, беше скоро 20 степени, и дуваше ветер. Само неколку минути по вечерниот лов, огромна женка излезе од шумата и се упати кон пределот од полето близу големиот јавор. Женката стоеше на отворено, давајќи ми совршен истрел. Оценувајќи ја целата ситуација, сфатив дека еленот е на околу 75 метри од мене и не бев сигурен за опсегот бидејќи користев мазна цевка од 12 калибри. Но, внимателно нишанев и женката падна при ударот. Бев многу возбуден поради тоа. Пред да настапи мрак се вратив во куќата, а пријателката на Дренда повторно беше кај нас; сите се радувавме на законите на Царството додека во исто време чувствував дека научив нова лекција.

Во ова поглавје, го разгледавме вториот принцип на примање од Царството:

### Чекор 2: Ослободување на вашето семе во Божјото Царство

Научивме дека кога го сееме нашето семе за потребите на Царството, тоа ги менува царствата. Разгледавме и како го ослободуваме нашето семе, <u>со молитва и со заповед</u>. Еве неколку други точки што сакаме да ги запаметиме пред да продолжиме понатаму.

1. Можеме да им дадеме име на парите.
2. Можеме да сееме за специфична потреба.
3. Не можеме да го именуваме десетокот.
4. Давањето не е формула; тоа мора да се направи со вера.
5. Специфичното давање носи специфична жетва.

**Ние го ослободуваме нашето семе со зборови.**

ШЕСТО ПОГЛАВЈЕ

# ВЕРАТА Е КЛУЧОТ

Неколку години откако ја започнавме нашата црква, се враќав дома и бев речиси до влезната патека до старата куќа на фармата кога видов ротирачки полициски светла пред мене. Ништо ново, претпоставував дека некој бил застанат поради брзо возење. Секако, кога забавив, видов автомобил пред полициското возило како полека заминува по патот. Кога дојдов точно до полициското возило и ја намалив брзината, нешто ми го привлече вниманието. Таму на страната на патот имаше прекрасен елен со осум рокчиња. Веднаш знаев што се случило. Еленот бил удрен од автомобилот што го видов како заминува.

Застанав веднаш пред еленот и се вратив до полициското возило да го прашам полицаецот што ќе прави со еленот. Бидејќи нашиот дома беше на само околу 400 метри подолу од патот и имав деца за хранење, мислев да прашам дали можам да го земам еленот. Мислам дека му олесна на полицаецот што има некој што го сака тоа. Тој го запиша моето име и мојата адреса и ми даде ознака за еленот.

Непосредно пред да се поздравиме, тој ми рече дека постојано се случуваат удари на елени, а ако сум заинтересиран, ќе го стави моето име на список за да ми се јават ако имаат мртов елен што никој не сака да го земе. Мислев дека тоа беше одлична идеја. Беше рана есен, а јас сè уште не бев излезен на лов. Ова беше пред да почнам да ловам со лак, а сезоната на пиштоли почнуваше дури

во првата недела од декември, затоа мислев дека ќе биде одлично да имам залихи од месо. По не долго време, ми се јавија од полициската управа за уште еден елен. Така, пред да започне сезоната на оружје, веќе имав искасапено четири или пет елени. Не можам да се сетам на точниот број, но знам дека беа најмалку четири. Заклучокот беше дека моите замрзнувачи веќе беа полни кога се отвори сезоната на оружје

Чудно, Дренда требаше да патува надвор од градот за време на еднонеделната сезона на оружје. Не се сеќавам зошто мораше да патува, но знам дека беше необично да бидеме разделени, а притоа цела недела. Така, јас не се молев со неа за ловот на елени, а не посеав ни семе. Претпоставувам дека мислев дека не ми е гајле дали ќе уловам елен бидејќи замрзнувачот ни беше полн. Но излегов на лов; бидете сигурни во тоа. Да ја скратам приказната, излегував цела недела за време на сезоната на оружје без да пукам ниту еднаш. Кога Дренда се врати дома, ме потсети на она што Бог веќе ме научи во врска со семето и заедничката молитва за елен.

Па, дојде следната година, и овој пат, не сакав да ја повторам истата грешка. Иако ни се јавија од полициската управа неколку пати во врска со удрени елени, мислам дека земавме само еден елен затоа што овој пат сакав да се снабдиме со месо од елени што самиот ќе ги уловам. Овој пат, Дренда и јас посеавме семе и се молевме ослободувајќи го семето за елен. Не прецизиравме каков елен да биде, рековме само елен. Не можев да одам на лов првото утро, но бев возбуден што ќе излезам вечерта. Но, за жал, морам да признаам дека, повторно, не уловив елен. Бев збунет додека се враќав дома таа вечер после неколкуте часа поминати во шумата.

Само што седнав на вечера, наеднаш заѕвони телефонот. Тоа беше полициската управа повторно нудејќи ми настрадан елен. Ги прашав каде е и ми ја дадоа адресата. Не можев да верувам што слушам. „Дали би можеле да ја повторите адресата?“, реков. Таа ја повтори адресата, и сфатив дека ми ја кажува нашата адреса! Бев шокиран. Така, отидов до прозорецот, и да, видов црвени

ротирачки светла на почетокот на патеката што водеше до нашиот дом, па им реков дека ќе дојдам. Од домот до почетокот на патеката имаше околу 300 метри, се сеќавам дека го поминав тоа растојание во целосно неверување. Кога стигнав, видов голем елен во совршена состојба. Пополнив неколку формулари, му се заблагодарив на полицаецот, а потоа со влечење го донесов еленот до шталата. Дали бев збунет? Многу! За лов на елени повеќе не размислував до септември или октомври следната година.

**Кој е вашиот извор?**

Не можам сега да се сетам кој месец беше, но бев надвор да џогирам околу нашето поле, како што правев понекогаш за да вежбам. Додека џогирав, се молев за тоа што се случи последните две години. Само навистина не разбирав. Одеднаш, додека трчав, многу јасно ми дојдоа зборовите „полицискиот список“. Помислив за момент. Дали Бог се обидуваше да ми каже нешто? Тогаш сфатив. Мојата доверба не беше во Божјото Слово или во Неговото Царство. Мојата доверба беше во полицискиот список! Знаев дека ако јас не уловам елен, полицијата ќе ми обезбеди.

Тогаш сфатив и зошто претходната година еленот го добив кај нашата патека наместо со лов. Мојата вера беше во полицискиот список. Кога Дренда и јас сеевме семе за елен секоја година, еленот се појавуваше уште на почетокот на сезоната, но на погрешно место. Или дали беше на погрешно место? Стоев исполнет со стравопочит додека Светиот Дух многу јасно ми ја покажа целата слика. Тогаш разбрав дека елените доаѓаа токму таму каде што беше мојата вера, полицискиот список. Откако го сфатив тоа, веднаш истрчав назад во куќата, се јавив во полициската станица и им кажав да го избришат моето име од списокот. Научив дека нашиот резервен план е всушност нашиот вистински план! Оттогаш, никогаш повеќе не пропуштив да видам елен кога излегував на лов.

Но, колку се измамливи нашите срца. Нашата самодоверба толку лесно се придвижува кон природните работи. Ова е нешто за што треба да бидеме свесни и постојано да внимаваме. На верата не ѝ треба резервен план. Сè уште сум изненаден што иако мојата вера беше навистина во полицискиот список, тој елен се појави на мојата патека на првиот ден од сезоната за лов. И со ова доаѓаме до третиот принцип што ми го покажа Бог.

### Чекор 3: Ослободете го вашето семе кога сте во верата!

Ова е голем проблем, како што веќе видовме претходно кога учениците не можеа да го истераат демонот од опседнатото момче. Исус кажа дека тоа е поради нивното неверување или недостаток на вера. За тоа што е вера и како да добиеме вера зборувавме претходно, но од клучно значење е да научите да процените дали имате или немате вера. Затоа, дозволете ми да ви дадам лесен тест што можете да го направите за да видите дали навистина имате вера или не. Затворете ги очите, и што гледате?

> *„А верата е подлога за увереноста во она на кое се надеваме – убеденост во она што не се гледа.“*
>
> —Евреите 11:1

А верата е подлога за увереноста во она на кое се надеваме. Надежта секогаш носи слика со себе. Ако ви ветам сладолед во корнет, веднаш во вашиот ум ќе замислите слика на сладолед во корнет. Ако верувавте дека сум искрен во мојата понуда и имам средства да платам за тоа, ќе се видите себеси со сладоледот, со доказ дека сте задоволни и возбудени.

Истото важи и за Словото Божјо. Кога верувате во некое Божјо ветување и сте целосно убедени дека Бог има намера и средства да го исполни Своето ветување, ќе видите слика од себе со ветувањето. Иако можеби го немате ветениот предмет токму во тој момент, ќе се однесувате

како да го имате, бидејќи во извесна смисла навистина го имате. Ветувањето е валидно, намерата е валидна и тоа е ваше. Така, верата, да се биде целосно убеден во Божјата намера и моќ, е подлогата на увереноста во ветувањето за вас. Тоа е исто така доказ за работи кои сè уште не се гледаат.

**КОГА ВЕРУВАТЕ ВО НЕКОЕ БОЖЈО ВЕТУВАЊЕ И СТЕ ЦЕЛОСНО УБЕДЕНИ ДЕКА БОГ ИМА НАМЕРА И СРЕДСТВА ДА ГО ИСПОЛНИ СВОЕТО ВЕТУВАЊЕ, ЌЕ ВИДИТЕ СЛИКА ОД СЕБЕ СО ВЕТУВАЊЕТО.**

Сè уште треба да го материјализирате чекот, а тоа е правен процес кој се однесува на духовното царство како и во природниот свет. Затоа, кога велам: „Затворете ги очите. Што гледате?“, сакам да го кажам следното – ако не можете да го видите ветувањето, не можете да го присвоите. Дозволете ми да го сумирам ова на една многу едноставна изјава. Ако ги затворите очите и не се гледате себеси со ветувањето, не сте во верата или немате вера. Ако сте болни и кога ги затворате очите, се гледате себеси исцелени – мислам, се гледате како исцелени и немате страв, туку апсолутно сте убедени дека сте исцелени – тоа е вера. Но, ако ги затворите очите и сè уште се гледате себеси како болни, чекајќи да се излечите, тогаш не сте во верата. Ако ви требаат пари и верувате во Божјото ветување, тогаш веќе не сте загрижени за парите, туку се гледате себеси со снабдувањето што ви треба.

## Стравот е спротивно од вера

Не постои страв кај човек што има голема доверба во Бог. Ако сè уште сте анксиозни за исходот, не сте во верата.

Во однос на верата, треба да знаете како да препознаете дали имате вера или не. Не е добро да носите големи одлуки ако не сте во верата, бидејќи ако не сте во верата, тогаш сте во страв. Стравот секогаш игра на сигурно, а тоа е неверување. Затоа реков секогаш да сеете семе кога имате вера. Не е добро да сеете како формула, механички, бидејќи тоа нема да произведе ништо. Треба да бидете уверени во она што го вели Бог, така што кога ќе ги затворите очите, сè што ќе гледате е ветувањето и вие самите. Веќе го имате, го поседувате, ваше è, и кога имате вера доаѓа мир на местото на секоја анксиозност.

> *„За ништо не грижете се, туку во сè преку молитва и молба со благодарност изнесувајте ги пред Бога своите барања, и мирот Божји, што надвишува секој ум, ќе ги запази вашите срца и вашите мисли во Исус Христос.“*
>
> —Филипјаните 4:6-7

Кога имате вера, имате мир кој не се заснова на околностите туку на ветувањето.

Следно, доказ за верата е вашата способност да се браните пред духовниот суд. Бидејќи верата се заснова на Божјото Слово, мора да знаете зошто верувате во она во што верувате. Замислете си дека сте во судница, а вие сте бранител. Обвинителството наведува дека вашиот клиент незаконски живее во домот на нивниот клиент и наведува дека куќата всушност не му припаѓа на вашиот клиент, туку е во сопственост на нивниот клиент. Што ќе направите? Ќе кажете дека ви е жал и дека вашиот клиент веднаш ќе го напушти имотот? Ако го имате потпишаниот акт во ваша сопственост, стравот ќе биде заменет со сигурност, а вие ќе му речете на судијата да ги исфрли тие измамници од судницата. Така делува верата. Ја знае вистината, самоуверена е, а може да изгледа и арогантна. Затоа, можете ли да ја одбраните вашата позиција?

Сара дојде во нашата црква еден ден, не знаејќи каде се наоѓа, бидејќи неодамна се имаа преселно во нашиот

град и само се возеле наоколу. Таа со својот сопруг се преселиле во Колумбус и се молеле да најдат црква. Додека се возеле наоколу, тие се паркираа на нашиот паркинг мислејќи да се запознаат со нашата црква. Никогаш не заминаа. Сара цел живот страдала од астма. Постојано била по болниците уште од мали нозе, нејзиниот живот бил заложник на болеста. Научила како да избегнува одредени опкружувања што ѝ ја влошувале астмата и го носела својот инхалатор секаде каде што одела.

Во црквата *Вера и Живот*, таа дознала дека здравјето е нејзино законско право и како духовно да се брани. На една богослужба додека слушала еден од нашите членови како сведочи за своето исцеление од болест опасна по животот, таа одлучила. Бог не гледа кој е кој. Таа го отстранила својот инхалатор од чантата и го заменила со картички со стихови од Светото Писмо, во кои се опишува нејзиното законско право да биде исцелена. Таа ги читала секој ден. Секогаш кога чувствувала дека доаѓа напад на астма, таа посегнувала по стиховите наместо по нејзиниот инхалатор, и повеќе никогаш немала напад на астма!

Еднаш на една семејна средба, ми пристапи тетка ми. Таа ме праша дали може да се молам за неа бидејќи има рак на белите дробови и за една и пол недела имаше закажано операција за отстранување на големиот тумор. Таа потоа ми кажа дека нејзините лекари го следеле туморот со големина на грејпфрут кој бил во нејзините бели дробови година и пол. Одеднаш почнал да расте побрзо, а лекарите ѝ рекле дека мора хируршки да биде отстранет. Додека стоев и ја слушав нејзината приказна, размислував за нејзиниот живот. Цел живот беше голем пушач и знаев дека не доаѓаше во црква долги години. Ѝ ветив дека навистина ќе се молам за неа, но чувствував дека во тој момент не е подготвена за молитва. Ја прашав дали би сакала да прочита книга за исцеление пред да се помолам за неа. Реков дека ќе ми биде драго да се молам за неа претстојното неделно утро веднаш по богослужбата. Таа се согласи.

Знаев дека таа Му го предаде своето срце на Господ пред

повеќе години, но не живееше за Него. Се надевав дека доколку одвои време да размисли за Божјите ветувања за исцеление нејзината вера ќе биде поттикната. Исто така, знаев дека има многу подобри шанси да видиме позитивен резултат ако можеме да се молиме во согласност со Божјото Слово како сидро и како надеж во која ја полагаме нашата доверба.

Така, следната недела, тетка ми дојде во црква како што кажа. По богослужбата, ја замолив да излезе; и додека стоеше таму, ја прашав дали го прочитала материјалот што ѝ го дадов. Таа одговори позитивно, а потоа ја прашав: „Како знаеш дека ќе оздравиш кога ќе ги положам рацете врз тебе?“ Потоа таа цитираше неколку стихови и изјави дека нејзината доверба е во Божјото Слово. Знаев дека во тој момент е подготвена за молитва и ги положив рацете врз неа, се молев и изјавив дека е исцелена и ослободена од рак. Божјото помазание дојде врз неа додека се молев, а таа падна ничкум на подот од Божјата сила. Кога стануваше, треперeше извикувајќи: „Оздравена сум!“

Таа појде на операција во вторникот за да се отстрани туморот, но кога влегла во салата, немало ништо. Немало тумор, ниту, пак, лузна или индикација дека некогаш имало нешто таму.

Чудно е да се набљудува како луѓето го живеат својот живот. Човек да помисли дека тетка ми ќе биде толку благодарна што Бог ја исцели што никогаш нема да пропушти ниту еден ден во црква до крајот на својот живот.

Но, тоа не беше случај. Мислам дека ја видов само еднаш после таа недела. Таа почина околу шест или седум години подоцна од различен тип на рак. Но, овој пат, воопшто не дојде да побара да се молам за неа.

### Држете се до моментот кога ја ослободивте вашата вера

Едно нешто што им го кажувам на луѓето е дека секогаш има време помеѓу молитвата и материјализирање на

одговорот. Поради ова, од витално значење е да се задржите на моментот на ослободување на верата. Предлагам да го запишете ова во вашиот дневник или бележник. Го спомнав ова претходно, но верувам дека е многу важно.

**СЕКОГАШ ИМА ВРЕМЕ ПОМЕЃУ МОЛИТВАТА И МАТЕРИЈАЛИЗИРАЊЕ НА ОДГОВОРОТ. ПОРАДИ ОВА ОД ВИТАЛНО ЗНАЧЕЊЕ Е ДА СЕ ЗАДРЖИТЕ НА МОМЕНТОТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ВЕРАТА.**

Еве пример за тоа што обично го пишувам: „На 12 ноември во 13:30 часот, верувам дека го добив (внесете го конкретното барање) согласно Марко 11:24 и верувам дека го добив тоа кога се молев“. Можете да додадете други белешки, како на пример, кој се согласил со вас, колку пари сте посеале и за која служба или мисија сте посеале. Ова е само пример, но важно е да го запишете бидејќи тоа може да ви послужи во борбата.

Кога околностите ве искушуваат да се повлечете во страв, можете да се потсетите на датумот и времето кога го добивте одговорот. Кога стравот ќе се обиде да се крене, прочитајте го гласно и исповедајте го она што сте го запишале. „Не, страву, ти си лажго. Тоа веќе го добив на овој датум и време според (и потоа вметнете го стихот за кој се држите).“ Понекогаш морам да ја прочитам таа белешка неколку пати за да го смирам своето срце. Не дозволувајте она што може да изгледа како неуспех да ве намами да се откажете од вашата вера. Всушност, овој принцип беше толку важен додека моите деца растеа што на нашиот неделен семеен молитвен состанок имавме семеен дневник каде што пишуваме за што се молевме и што верувавме дека веќе сме го примиле. Ова го нарековме нашиот Јаков 4 бележник. Всушност, истиот е

достапен да се купи преку нашата служба, доколку сакате да си набавите.

Понекогаш, во Духот се случуваат работи за кои не сте свесни. Бог ги организира сите детали, но можеби ќе биде потребно време. Можеби има многу делови во сложувалката што мора да се стават на место. На пример, ако Бог сака да снабди некоја финансиска потреба, можеби ќе треба да зборува со некого за да ви ги даде тие пари или да ви донесе можност да ги заработите финансиите што ви се потребни. Повторно, за сето тоа е потребно време.

> *Но тој ми рече: „Не бој се Даниеле! Од првиот ден кога го управи срцето свое за да постигнеш разбирање и да се понизиш пред твојот Бог, зборовите твои беа услишени, и јас сакав да дојдам според зборовите твои. Но кнезот на персиското царство ми се противеше дваесет и еден ден; но Михаил, еден од првите кнезови, дојде да ми помогне зашто јас бев таму сам, кај персискиот цар. А сега дојдов да ти соопштам, што ќе се случи со твојот народ во последните времиња, зашто видението се однесува за далечни дни.“*
>
> —Даниел 10:12-14

Ајде уште еднаш да ја погледнеме приказната за кампусот што ви ја кажав претходно. Разгледавме различни згради и размислувавме да изнајмиме простор во неколку од нив, но за ниту една не чувствувавме дека треба да го сториме тоа. Кога почнавме да бараме кампус, посеавме семе за Бог да ни го покаже совршеното место. Секогаш кога наоѓавме локација и размислувавме за неа, чувствувавме несигурност во духот, и бевме многу близу до разочарување. Ја видовме секоја зграда во областа каде што сакавме да биде нашиот кампус, но немаше достапни опции за кои се чувствувавме сигурни.

Нашите основни вредности како црква вклучуваат силна желба да помогнеме во образованието на децата и да се грижиме за семејствата. Многупати сме зборувале за можноста еден ден да имаме училиште, да имаме

дневен центар, целодневна програма, и многу повеќе програми за да им служиме на нашите заедници. Нашиот сегашен простор е максимизиран, и затоа не можевме да ги реализираме тие планови.

Можеби за некои изгледаше дека Царството на Бог не се манифестира, но мора да запомните дека веќе посеавме за совршен кампус. Реалноста беше дека Бог знаеше дека училиштето што го купивме ќе биде ставено на продажба. Ја гледаше големата слика. Тој имот не беше достапен на почетокот кога почнавме да бараме локација.

Освен што знаеше дека училиштето ќе биде нашиот совршен кампус, Тој знаеше и како ќе платиме за истиот. Четири пати претходно ја одложувавме вечерата со брачниот пар што го плати кампусот. Поради различни околности ја одложувавме средбата сè до вечерта кога се состанавме. Утрото на истиот ден бевме со Дренда да го видиме училиштето.

Имаше и други што го сакаа училиштето, но ние бевме првите што дадовме понуда. Сè беше совршено темпирано. Кога ги посеавме тие 100.000 долари два дена пред вечерата, по инструкции на Светиот Дух, верувам дека сатаната ќе се обидеше да го сокрие тоа училиште од нас или ќе употребеше некоја друга тактика за да не го добиеме. Кога Бог ми рече да ги посеам тие пари и да го прекорам сатаната да не се меша во наоѓањето на нашиот кампус, верувам дека некој негов план да нè спречи во намерите беше прекинат.

Парот што ги снабди потребните средства за купување на имотот исто така беше во процес на донесување одлука дали да му помогнат на еден пријател да купи имот, при што не би ги имале средствата за да го платат кампусот за нас. Откако ја слушнаа нашата приказна таа вечер, рекоа дека тогаш сфатиле зошто имале несигурност да ги дадат финансиите за имотот на пријателот. Затоа запомнете, кога се молите со вера, знаејќи дека добивате кога се молите, сè уште има време помеѓу „Амин“ и „Го добивме тоа за што се молевме“. Затоа, останете силни и бидете трпеливи.

## Застанете цврсто на вашата вера

*„Трпеливоста, пак, нека биде совршено дело за да бидете совршени и целосни, без никаков недостаток.“*

—Јаков 1:4

Затоа им предлагам на луѓето да го забележат датумот и времето кога ја ослободуваат својата вера, затоа што треба да стоите.

Кога ќерка ми имаше тумор тежок 6 килограми во стомакот, повеќе не можеше да ги поднесува здравствените проблеми од туморот: постојано имаше инфекции во бубрезите, болки во грбот и други дигестивни проблеми. Реши дека е доволно и реши да одвои 30 дена да медитира на Божјото Слово и на Божјите ветувања во врска со исцелението. На крајот од тој период, таа побара од мајка ѝ и од мене да ги положиме рацете врз неа бидејќи веруваше дека е излечена. Така, старешините на нашата црква и нејзината мајка и јас ги положивме рацете врз неа и верувавме дека таа е исцелена според Јаков 5:14-16.

*„Болен ли е некој меѓу вас, нека ги повика свештениците црковни, та да се помолат и да извршат помазание над него со елеј во името Господово. И молитвата со вера ќе го исцели болниот, и Господ ќе го крене; и гревови, ако направил, ќе му се простат. Исповедајте си ги гревовите еден на друг и молете се еден за друг за да се исцелите. Голема сила има усрдната молитва на праведникот.“*

—Јаков 5:14-16

Вечерта си замина дома исто како што дојде; со тумор. Но, таа рече: „Оздравена сум“. Се држеше до својата исповед две недели без никакви промени, иако ја имаше најтешката болка дотогаш. Ми кажа дека во текот на тие две недели додека имала големи болки, му рекла на сатаната, „Можеш да се обидеш да ми наштетиш, но јас сум излечена“.

Две недели подоцна, таа си легна во кревет со тумор, но се разбуди целосно излечена. Преку ноќ изгуби 6 килограми и 22 сантиметри околу половината, а нејзиниот грб, кој беше заврзан и искривен, беше пресоздаден во совршен р’бет.

Откако ќе бидете сигурни во ветувањето, не дозволувајте сатаната да ве измами за вашето исцелување или за кое било ветување што ви го дал Бог.

Кристин дојде во нашата црква без голема црковна позадина. Сето тоа беше ново за неа. Кристин носеше две слушни помагала со години и за тоа време изгуби голем дел од слухот. Нејзината мајка ја имала истата болест и била речиси целосно глува.

Кога Кристин доаѓаше во нашата црква, таа Му го даде своето срце на Господа и Бог драматично ѝ го промени животот. Таа беше возбудена и сакаше да научи што е можно повеќе за Божјото Царство. Имаме час за ориентација за оние што се нови во црквата, а Кристин беше желна да присуствува. Часовите опфаќаа различни теми, но се случи часот на кој присуствувала Кристин да биде за исцеление. На крајот од сесијата, водачите понудиле да се молат за оние кои имале потреба од исцеление. Кристин била многу возбудена одејќи напред на молитва. Додека се молеле, нејзините уши одеднаш се отвориле. За прв пат таа можела совршено да слуша.

**ДА ПОВТОРИМЕ, КЛУЧОТ ЗА ВАШАТА СЛОБОДА Е ЦВРСТОТО ДРЖЕЊЕ ЗА БОЖЈОТО СЛОВО.**

Кога си заминуваше од богослужбата следната недела, се почувствував поттикнат да ја предупредам за тоа што јас го нарекувам, сатановиот контранапад. И навистина, според нејзините зборови следното утро, одеднаш, нејзините уши се затвориле и таа имала искушение да се загрижи. Но, јас ѝ реков дека тоа ќе се случи, и кога се случи, таа требаше да изјави дека е исцелена и да го прекори сатаната. Па, таа го направила

токму тоа што ѝ кажав да го направи. Таа почнала да Го фали Бога и исповедала дека е исцелена врзувајќи го непријателот. За неколку минути ушите повторно и се отвориле и оттогаш немала други проблеми, а тоа беше пред околу четири години.

Да повториме, клучот за вашата слобода е цврстото држење за Божјото Слово.

**Ќе повторам – бидете конкретни**

Во однос на ослободувањето на верата, да ве потсетам уште еднаш да бидете конкретни! Оваа е приказна за тоа кога Бог навистина ми ја покажа важноста на моите зборови. Ја кажувам со години, но денес е исто толку моќна како кога се случи.

Беше нормална сезона на елени, а јас бев подготвен да излезам во шумата на лов бидејќи претходно бев многу зафатен. Таа година, посеав семе за два елени, едно семе за елен со четири рокчиња или поголеми рогови, а второто за елен со поткожни рокчиња. Дренда и јас го посеавме нашето семе во согласност и со вера. Излегов наутро на првиот ден за лов додека сонцето сè уште не беше целосно изгреано. Како што небото стануваше розово, го уловив својот елен. За само 15 минути! Прилично возбудливо! Така, кога излегов две недели подоцна за вториот елен со скриени рокчиња, бев многу самоуверен. Повторно, излегов наутро, и околу 20 минути во утрото, забележав елен со осум рокчиња на околу 300 метри оддалеченост како се упатува директно кон моето дрво.

Во Охајо, дозволено е да уловите само еден елен со рогови. Вториот елен треба да биде женка или со поткожни рокчиња, што во суштина изгледаат како копчиња. Елените со поткожни рокчиња, или како што рековме копчиња, се сметаат како женки бидејќи рокчињата им се толку мали што навистина не можете да ги видите од далечина. Затоа, кога го видов еленот како доаѓа низ полето, претпоставував дека ќе се исклучи пред да дојде до моето дрво, но не го стори тоа. Тој дојде директно до моето дрво и мирно стоеше под платформата околу 20

секунди. Можев само да гледам бидејќи беше нелегално да пукам во него. Откако стоеше таму 20 секунди, тој одеднаш почна да оди назад по истата патека по која дојде. Неверојатно, помина 300 метри назад низ тоа поле и исчезна. Бев шокиран и збунет.

Сега, никогаш не се појавил елен под мојата платформа, а да не бил точниот елен за кој сум посеал семе. Бев збунет и почнав да се молам во Духот додека се враќав дома. „Господи, зошто дојде тој елен таму?" Одеднаш слушнав како Светиот Дух ми вели: „Провери го твоето семе". Да го проверам моето семе? Тоа е лудо; знам за што посеав. Сепак, мојата банка испраќа копии од поништените чекови со месечните изводи. Брзо ја зедов изјавата и го најдов чекот. На дното на чекот, стоеше запишано, два елени со четири или повеќе рокчиња, еден елен со копчиња. Колку елени се тоа? Она што сакав да го кажам беше дека верував за вкупно два елени, еден со четири или повеќе рокчиња, а другиот со мали поткожни рокчиња односно копчиња. Начинот на кој беше запишано, сепак, укажуваше на тоа дека сеев за два елени кои имаа четири или повеќе рокчиња и еден со копчиња. Седнав таму запрепастен. Вториот елен дојде затоа што посеав семе за него. Затоа дојде на тоа поле и застана под моето дрво. Тој требаше да биде таму.

Кога го сфатив тоа, почнав да викам и да трчам низ куќата. Бев толку возбуден, но во исто време исплашен. Колку пати имав кажано работи кои навистина не сакав да се остварат, но поради моите зборови тие почнаа да се остваруваат? Ова секако ми помогна да го видам Јаков 3:3-4 во друго светло.

> *„Ете, ако и ние на коњите им ставиме узда на устите, за да ни се покоруваат, тогаш управуваме со целото нивно тело. Па, ете, и корабите: иако се толку многу големи и силно гонети од бурни ветрови, со мало кормило се управуваат онаму каде што кормиларот сака."*
>
> —Јаков 3:3-4

Јаков зборува за тоа колку се моќни нашите зборови. Јасно е ако нашите зборови кажуваат едно, а ние всушност сакаме да видиме нешто друго, нашите животи ќе бидат урнати и нема да знаеме како сме стигнале таму.

Затоа запомнете, Царството е многу конкретно, а вашите зборови точно дефинираат каде одите и како ќе стигнете таму!

**Важноста на договорот**

Сè уште зборуваме за ослободување на вашето семе кога имате вера, и еве нешто што треба да запомните. Ако сте во брак, бидете во договор со вашиот сопружник. Ако немате брачен другар, ќе ви се обратам за кратко, но да претпоставиме дека сте во брак. Повторно, останете во договор со вашиот сопружник.

На почетокот на мојот брак, мразев да барам од Дренда да се согласи со мене во врска со мојот лов. Тоа беше така затоа што ако зборував за одење на лов, знаев дека таа ќе каже нешто за ѓубрето што треба да се фрли, сијалицата што треба да се смени или нешто друго што треба да се заврши дома. Сега, тоа беше кога уште бев незрел и себичен. Таа беше со децата по цел ден, а јас само што ќе се вратев дома, веднаш сакав да излезам во шумата на лов. Сметам дека Бог нема да благослови таков став. Да, бев себичен. Пред да научам како да ловам со вера, со денови се обидував да уловам нешто, но без успех. Не беше ни чудо што таа не ја сакаше многу сезоната на лов.

**МОРАВ ДА НАУЧАМ ДЕКА КАКО МАЖ И ЖЕНА, ДУХОВНО СМЕ ЕДНО И НЕМА НИШТО ПОМОЌНО ОД ТОА КОГА ДВАЈЦАТА СМЕ ВО СОГЛАСНОСТ.**

Но научив да ја ставам Дренда на прво место. Морав да научам дека сме во оваа работа заедно и дека сме си потребни еден на друг. Кога почнав да ги ставам нејзините

потреби на прво место, таа беше повеќе од подготвена да се согласи со мене за еленот. Таа беше особено среќна кога гледаше дека имам успех во ловот.

Морав да научам дека како маж и жена, духовно сме едно и дека нема ништо помоќно од тоа кога двајцата сме во согласност. Не се работеше само за ловот на елени. Дознав дека ако живееме заедно во единство, тоа функционира во секоја област од животот.

> *„Така и вие, мажите, живејте со своите жени во разбирање и почитувајте ги како послабо суштество и како сонаследници на благодатниот живот, за да не се појави препрека во молитвите ваши.“*
>
> —1 Петар 3:7

Забележете, мажи, дека ако не бидете внимателни со вашите жени, вашите молитви ќе бидат спречени! Внимателни значи да ја гледате како рамноправна, бидејќи сте едно со неа во секоја одлука. Да, духовно, мажот е глава на бракот, но не како диктатор туку како слуга, положувајќи го својот живот за неа и почитувајќи ја.

## Што ако вашиот сопружник не е верник?

Добивам е-пошта во која ме прашуваат што треба да прават луѓето ако се во брак со сопружник кој не сака да Му служи на Господ. Како може да се договорат? Вашето разбирање за договорот е погрешно. Да речеме дека сте во брак со човек кој не Му служи на Господа. И двајцата, сепак, се согласувате дека ви треба нов автомобил. Знаете што? Имате договор! Ако и двајцата се согласувате дека ви требаат намирници, тогаш имате договор. Библијата е многу јасна дека ако само еден од членовите на едно семејство верува во Словото, тогаш Царството има законска јурисдикција да дејствува во тоа семејство!

> *„Зашто маж безверник се осветува преку жената која верува, и жена безверничка се осветува преку*

*мажот, кој верува; инаку децата ваши би биле нечисти, а сега се свети.“*

—1 Коринтјаните 7:14

Не верувам дека ова значи дека сопружникот неверник е спасен преку верата на својот сопружник. Верувам дека секој човек мора лично да го повика името на Исус. Сепак, верувам дека ако еден од сопружниците верува во Божјото Слово, нивната вера го осветува или го доведува целото семејство под благослов на Царството. Сега, очигледно, подобро е да се биде во брак со сопружник верник, се разбира. А Библијата е јасна во охрабрувањето на брачниот другар со вистината дека нивната вера може да го придобие нивниот сопружник неверник во Царството.

Ако не сте во брак, не треба да барате друга личност која ќе се согласи со вас во молитвата. Вие само верувајте во Словото за себе и ќе го видите Царството на дело!

Додека говориме за вера, би сакал во следното поглавје да разговараме за веројатно едно од најчестите поставувани прашања за сеидбата и грешката што ја прават толку многу луѓе.

СЕДМО ПОГЛАВЈЕ

# ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: ОСТАНЕТЕ ВО РАМКИТЕ НА ВАШАТА ВЕРА!

„Ќе фатам марлин (голема морска риба) од 400 килограми!“ Тоа беше коментарот на еден од моите соработници кој заедно со неколку колеги од нашата канцеларија одеше на патување во Мауи, Хаваи. Тоа беше целосно платено патување што го добивме по заслуга на нашето производство преку еден од нашите партнери. Пред да тргнеме за Мауи, тројца од нас решивме да одиме да ловиме син марлин, бидејќи не е тајна дека Мауи е познат како главен град на синиот марлин во светот. Разговаравме за верата неколку месеци пред овој настан, а јас ги учев момците како функционира таа. Ден беше нов во верата, и се сеќавам дека мислев дека тоа ќе биде одлична можност за него од прва рака да го види делото на Царството. Затоа му реков: „Еј, Ден, дали знаеш дека можеш да бидеш сигурен без никаков сомнеж дека ќе фатиш син марлин кога ќе одиме на Хаваи?“ Тој коментар го привлече неговото внимание и поминавме многу часови разговарајќи за верата пред да заминеме за Мауи. Ден го посеа своето семе како што го научив и беше многу возбуден што ќе оди по својот сон, синиот марлин.

Мојот друг соработник беше член на мојата црква, веќе имаше добро разбирање за тоа како функционира верата

и имаше видено како Бог прави неверојатни работи во својот живот. Тој исто така посеа семе за марлин, но не било каков марлин, туку марлин од 400 килограми. Се сеќавам дека помислев: „Леле, тоа е голема риба!“ Имав одредена загриженост за многу специфичната големина на риба за која посеа мојот пријател, но не му спомнав ништо за тоа во тоа време.

Ден, од друга страна, не посеа за некоја посебна големина на риба. Па, да ја скратам приказната, Ден фати син марлин тежок 80 килограми, но мојот друг соработник не фати ништо. Па зошто Ден го фати својот марлин, а мојот друг пријател не? Ова е добро прашање и повеќето луѓе, дури и повеќето христијани, би биле шокирани дури и да го слушнат. Тие би се смееле на таквото прашање и би одговориле: „Тоа е риболов. Некогаш ќе фатиш нешто некогаш не.“ Но, научив дека Царството е многу специфично и сигурно.

*Еднаш, кога народот се притискаше кон Него за да го чуе словото Божјо, Тој стоеше покрај Генисаретското езеро. Тогаш виде два кораба што стоеја покрај езерото; а рибарите беа излегле од нив и си ги плавеа мрежите. Тој влезе во еден од корабите, кој беше на Симон, па го замоли да отплови малку од брегот, па седна и почна да го поучува народот од коработ.*

*А штом престана да говори, му рече на Симон: „Заплови кон длабочините и фрлете ги мрежите свои за лов!“*

*Но Симон Му одговори и рече: „Учителе, цела ноќ се трудевме и ништо не уловивме; но по Твоја волја ќе ја фрлам мрежата.“*

*И штом го направи тоа, тие уловија толку големо количество риба, што дури и мрежата им се скина. Им дадоа знак на другарите што беа во другиот кораб да дојдат и да им помогнат; и тие дојдоа и ги наполнија и двата кораба, така што за малку ќе потонеа.*

*А кога го виде тоа, Симон Петар падна пред нозете Исусови и Му рече: „Оди си од мене, Господи, зашто сум грешен човек!" Зашто него, и сите што беа со него, ги беше обзел страв од многуте риби, што ги уловија, а исто така и Јаков и Јован, синовите Заведееви, кои му беа другари на Симон. И му рече Исус на Симон: „Не плаши се! Отсега ќе ловиш луѓе!"*

—Лука 5:1-10

Петар откри нов начин на риболов, исто како што јас открив нов начин да ловам елени. Тој се обиде да лови риба, но не фати ништо додека Исус не му кажа каде да лови, во подлабокото. Таму улови толку многу риби што неговите два брода за малку ќе потонеа. Им велам на луѓето: „Секој може да фати риба ако Исус ви каже каде и како да ловите".

Значи, во однос на мојот пријател кој не фати голем марлин, да, точно е дека со Бог сè ни е возможно. Но, ако посеете семе верувајќи дека ќе фатите син марлин во вашата када, знаете дека тоа нема да успее. Сега, ако сакате да фатите син марлин, можете да посеете семе, и Светиот Дух ќе ве доведе таму каде што можете да фатите - во океанот, се разбира, но каде во океанот?

Запомнете го ова: секоја жетва има единствена локација и време за жетва! Ако сакате да посеете за најголем син марлин во историјата, не можете да кажете: „Ќе одам во океанот". Треба да одите на одредено место во океанот. Зошто? Затоа што синиот марлин мигрира и има одредени рути по кои се движи секоја година. Фаќањето син марлин од 400 килограми е исто така ретко. На пример, риболовниот турнир *Емерлад кост блу марлин класик* во Мирамар, Флорида, се одржува веќе 17 години. Најголемиот син марлин било кога уловен во тие 17 години е близу 400 килограми. Дали беше можно да се фати син марлин од 400 килограми во Мауи? Веројатно, бидејќи најголемит син марлин фатен на Хаваи беше 600 килограми, но запишете го ова:

**Колку поконкретна или уникатна е целта на вашата вера, толку е поважно да се обрне внимание**

**на локацијата, методот и времето.**

Капетанот на бродот во Мауи ни кажа дека синиот марлин сè уште не беше вратен во тој дел на океанот. Тој беше сопственинк на два брода кои излегувале на лов по осум часа на ден во претходните четири месеци, но фатиле само еден марлин со пруги. Синиот марлин обично пристигнува подоцна во месецот. Секако, го фативме првиот во сезоната. Но, кога мојот пријател го посеа своето семе поспецифично, а особено со цел да го сруши рекордот за таков лов, уште поважни се локацијата и времето за жетвата. Јас лично верувам дека во тој предел едноставно немаше рекордна големина на марлин. Исто така, треба да сфатиме дека е можно мојот пријател навистина да немаше вера за големата риба. Но, ако навистина сака да фати марлин од 400 килограми, тогаш знам дека ако посее семе и Го слуша Светиот Дух за локацијата, и Го слуша за точното време, тој ќе го добие својот син марлин од 400 килограми.

## Локацијата и времето се важни

Да се биде специфичен во локацијата и времето на жетвата е исто толку важно како и специфичното семе што го сеете. Го видовте тоа кога го направив експериментот со еленот со седум рокчиња. Морав да почекам додека не го добијам помазанието за да излезам на лов; и во тој случај, чекав повеќе од еден месец во сезоната на лов. Зошто? Најверојатно затоа што тој елен сè уште не беше на мојот имот или можеби беа присутни други фактори што можеа да бидат пречка за успешен лов, како што се времето и насоката на ветерот.

Светиот Дух го знаеше времето за таа специфична жетва, и ме водеше до точната платформа, во точниот ден, во точното време да го добијам токму тој елен.

Често ја слушам и гледам оваа грешка. „Еј, Гери, ако Царството ги носи елените како што велиш, зошто тогаш не го убиеш најголемиот елен било кога уловен?“ Во ред, добро прашање, и треба да го одговориме. Таа изјава

е како пораките што ги добивам од луѓе кои сакаат да исплатат хипотека од 500.000 долари и ми велат дека посеале семе за ја исплатат за седум дена. Кога парите нема да се појават за седум дена, тие се обесхрабруваат и ме прашуваат зошто ги нема парите.

**ДОЗВОЛЕТЕ МИ ДА ГО КАЖАМ ТОА УШТЕ ЕДНАШ - МИСЛАМ ДЕКА ТРЕБА ДА ГО СЛУШНЕТЕ УШТЕ ЕДНАШ - БОГ ГО ИМА ВАШИОТ ПЛАН!**

Друго вообичаено прашање што го слушам е: „Зошто едноставно не можам да посеам семе и да добијам на лотарија?

Добро, ајде прво да го разгледаме прашањето за најголемиот елен. Да, верувам дека можам да го убијам најголемиот елен ако тоа ми значи, но не ми значи многу. Обично ловам за месо и не сум мотивиран да рушам рекорди. Една од причините зошто не сум мотивиран да го рушам светскиот рекорд е поради тоа што штотуку ви го објаснив; нема да фатите кит во вашата када. Најголемиот елен не се наоѓа на мојот имот. Ако навистина сум сериозен во врска со лов на најголемиот елен, тогаш знам дека треба да одам на друга локација да ловам. Можеби ќе треба да научам и нови тактики бидејќи најголемите елени обично се ловат ноќе, бидејќи тие имаат свои уникатни навики. Во таков случај морам многу да истражувам и да се молам за да ја лоцирам областа каде што ќе биде таквото животно. Но, не сакам да го поминам тој процес. Сакам да ловам во сопствените шуми. Уживам да излезам во мојот двор и да добијам добро месо во удобноста на мојата шума. Но, за да одговорам на вашето прашање, верувам дека човек може да Му верува на Бог за таков елен, но запомнете што реков. Колку е поуникатна и поконкретна жетвата, толку поважни се локацијата, времето и методот.

Обично, кога добивам е-пошта од некој што ме прашува

зошто не добиле еден милион долари за пет дена, сфаќам дека веројатно, иако не секогаш, разговарам со личност што не ја научила разликата помеѓу верата и дрскоста.

Еден ден добив порака во која личноста ми кажа дека како семејство ќе посеат семе за десет милиони долари за 30 дена, иако немаа намирници, киријата не им беше платена три месеци и беа без работа. Тие беа многу надвор од својата развиена вера.

Па, Гери, сакаш да кажеш дека Бог не може некому да му даде десет милиони долари? Секако дека може. Сè е можно со Бога. Прашањето не е „Дали може?“ туку „Дали навистина имате вера за тоа?“ Ако вашата вера не може да ја донесе потребната храна, се сомневам дека имате вера за тие десет милиони долари во овој момент од вашиот живот. Но, можете да стигнете таму! Мора да започнете таму каде што сте сега и да почнете да учите како функционира верата, и исто така да го зголемите вашиот моментален капацитет на управување.

## Дали може да верувате дека ќе добиете на лото?

Што е со игрите на среќа?

Леле, ајде да продолжиме со ова прашање. Лотаријата навистина стана популарна во последните неколку години. Се сеќавам дека минатата година добивката достигна речиси една милијарда долари! Никогаш во животот не сум уплатил за лото, но овој пат, кога добивката беше една милијарда, неколку од нас во канцеларијата рекоа: „Еј, ајде барем да купиме неколку ливчиња“. Без многу да размислувам за тоа, помислив дека можеби ќе потрошам неколку долари. Ги знаев шансите – немав никаква доверба дека ќе ја освојам наградата – но претпоставувам дека мислев само да си ги испробам шансите. Како што сите велеа: „Некој мора да ги освои парите“. Веројатно мислев дека штом некој мора да освои една милијарда долари, не сакав да ја пропуштам шансата и јас да имам барем еден долар во трката. Па, срам ми е да кажам дека всушност паднав на тоа.

Таа ноќ, Господ ми зборуваше во сон. Тој во сонот само ми кажа: „Сите мои ветувања се ваши!" „Да, Господине, Те слушам јасно и гласно", реков. „Разбирам". Да, ме исправи, но и ме охрабри. Ми даде до знаење дека не ми треба таа лотарија, а ако имам потреба од милијарда долари, Тој ќе ми ги даде кога ќе дојде време за тоа. Имам над 7.000 ветувања што легално се мои и тие се повеќе од доволни!

Сега, да се вратиме на прашањето дали е во ред да сееме семе за да победиме на лотарија или на кој било друг натпревар; немате јурисдикција над тоа. Можам да сеам за лов затоа што еленот како животно е подложен на човекот. Јас имам правна јурисдикција над нив. Но, јас немам јурисдикција над лотаријата; тоа е игра на среќа.

## Како да знаете кога не сте во верата

Кога знаете да процените дали сте во верата тоа ќе ви помогне во донесувањето одлуки и ќе ви помогне да препознаете кога не треба да донесете одлука доколку сте во страв. Запомнете, верата е самоуверена, полна со очекување, и полна со мир. Јас немав сигурност кога појдов по мојот прв трофеен елен. Не бев во верата. Може ли човек да знае кога не е во верата? Се надевам.

Како што знаете, Дренда и јас поседуваме 60 прекрасни хектари со мешавина од шуми, мочуришта и пасишта. Тоа е апсолутно совршено место за лов на елени. Околу нашиот имот има засадени култури и шумите и мочуриштето се природни магнети за елените. Ја изградив мојата канцеларија над нашата гаража со дрвени полици за книги и вграден камин на гас. Тоа е тивка, пријатна канцелариска пештера, од која сакам да ги извршувам моите должности. Единственото нешто што недостасуваше беше убаво монтиран препариран елен над мојата работна маса. Да бидам искрен, никогаш не бев заинтересиран да убијам голем елен бидејќи ловев за месо, и никогаш не сум застрелал елен што е доволно голем за да ја препарирам главата. Но, колку повеќе размислував за тоа, се согласував со Дренда, бидејќи

токму таа инсистираше да уловам голем елен за мојата канцеларија.

Живеевме на имотот пет години кога ја имавме оваа дискусија, и никогаш не сум видел голем елен на имотот. Секоја сезона на лов излегував да ловам и сум застрелал неколку добри елени со осум рогови, но сметав дека ниту еден од нив не ги исполнува критериумите за препарирање. Но, таа година ѝ кажав на Дренда дека сакам да уловам елен што ќе го ставам на ѕидот над мојата работна маса. Повторно, никогаш не сум видел голем елен во шумата. Прозорецот во нашата кујна гледа кон шумата и полето, а сепак, никогаш не сум видел таков елен.

Така, јас и Дренда посеавме за голем елен. На чекот напишав дека сеам за елен со 10 или повеќе рокчиња. Се помоливме за тоа семе, и го ставив пликот на мојата маса спремно за испраќање. Тој плик стоеше таму три дена, а јас едноставно не можев да го испратам по пошта. Знаев дека немам вера за елен со 10 рогови. Имав вера без проблем за осум, шест или четири рогови. Но, имав проблем да го видам тој голем елен со истото уверување на верата што вели: „Знам дека ќе погодам елен со десет или повеќе рокчиња кога ќе излезам на лов“. Имав доволно искуство со Царството за да знам дека не сум во верата. Затоа, го скинав тој чек, и го заменив со чек на кој пишуваше „за четири рокчиња или поголем“, и го испратив по пошта.

**ВЕЌЕ Е ВАШЕ ПРИЈАТЕЛИ, ЦЕЛОТО ЦАРСТВО. БОГ НЕ МОЖЕ ДА ДОДАДЕ НЕШТО НА ОНА ШТО ВЕЌЕ ВИ ГО ДАЛ. ВЕЌЕ ИМАТЕ СÈ!**

Ноќта пред да излезам, ѝ кажав на Дренда што направив. „Едноставно немам вера за голем елен“, ѝ реков. Таа ме погледна и ми рече: „Ти имаш вера за елен, а јас ќе имам вера за еленот што ќе биде твој трофеј. Бог

може да направи неизмерно повеќе од сè што можете да побарате или замислите!“

Утрото почна со вообичаениот шум на верверичките и птиците во шумата додека мирисот на есенските лисја ме врати назад на многу ловечки искуства. Не седев таму многу долго, можеби 20 минути, кога слушнав звук на елен што доаѓа низ шумата. Еленот се движеше директно кон моето дрво, како часовник, а јас бев подготвен да стрелам. Како што се приближуваше еленот, видов дека тоа беше елен со четири рокчиња, токму какви што сакам да ги ловам бидејќи тие се многу добри за јадење. Еленот излезе на чистина на околу 25 метри, и јас ја пуштив стрелата. Со згрозеност видов како стрелата навлегува високо и во задниот дел на телото, така што знаев дека ќе треба да се пуштам во потрага по тој елен. Еленот полета низ шумата, а потоа скокна во полето со пченка што се граничи со шумата и беше надвор од моето видно поле. Сè уште можев да го слушнам како минува низ пченката и знаев од брзината на трчањето дека можеби ќе треба долго да го барам.

Чекав на платформата околу 20 минути и потоа решив да се симнам од дрвото за да ја прегледам стрелата. Секако, можев да кажам дека дефинитивно го погодив еленот, и забележав трага од крв. Додека ја следев трагата, бев охрабрен бидејќи имаше добра трага од крв. Но, по околу 100 метри, трагата ја снема. Гледав и барав, но не најдов друга капка. По два часа гледање, сфатив дека еленот го нема. Бев многу разочаран. Прво, никогаш не сакам да ранам елен и да го изгубам; и второ, бев разочаран од истрелот.

Додека стоев таму во полето со пченка, почнав да се враќам кон куќата кога ми падна на памет: *Имам уште шанса. Можеби ќе видам друг елен додека се враќам дома низ полето, и мочуриштето.* Ставив нова стрела. Додека полека се движев по плевениот дол во полето со пченка, одеднаш, еден елен скокна и истрча пред мене. Не знаејќи што сум, еленот застана и погледна назад. Бидејќи имав камуфлажа, еленот, за кој можев да видам дека е мажјак, се двоумеше бидејќи не знаеше што гледа пред себе. Сè се

случи во дел од секундата. Можев да видам рогови, иако не можев да кажам колку големи или колку рокчиња има. Знаев дека имам само дел од секундата да се одлучам. Тој беше надвор од мојот нормален опсег на лак на околу 50 метри и стоеше странично од мене. Набрзина се наместив, нишанев кон врвот на грбот и ја пуштив стрелата. Еленот веднаш падна кога стрелата го погоди и остана долу. Бев во шок. Дали тоа навистина се случи?

Додека одев кон еленот, првото нешто што го реков беше: „Верата на Дренда!“ Еленот беше огромен! Изброив 26 рокчиња, а имаше и падови. Никогаш не сум видел толку голем елен како овој. Да кажам дека бев воодушевен, нема да биде доволно. Како што можете да претпоставите, еленот е сега над моето биро во мојата канцеларија. Но, сакам да кажам збор два за овој елен. Како или зошто се појави?

Еленот со четири рокчиња се појави навреме, иако згрешив со истрелот. Но, Дренда рече дека верува во трофеј. Сега, таа имаше предност пред мене. Таа не лови елени, а трофејот за неа треба да биде лесен како четири рокчиња. Сите за неа се само елени. Бидејќи не лови, немаше аргумент што ќе ја оспори нејзината вера. Никогаш не сум видел големи елени на имотот, но нејзината вера не се засноваше на тоа што имаше на имотот или немаше. Таа веруваше дека Бог може да го донесе еленот.

Овој улов се случи за време на сезоната на парење на елени, а елените можат да патуваат со километри барајќи женка. Така, секогаш има добри шанси да видите елен што вообичаено нема да го видите додека трае сезоната на парење, како што беше случајот овде.

## Партнерство во верата

Верата на Дренда го донесе тој елен, иако јас немав вера во трофејот. Сакам повторно да го прочитате тоа. Немав вера во тој трофеј. Знам што мислите. „Чекај малку, Гери. Јас сум збунет. Ако немаше вера за тој елен, тогаш

откаде се појави тој?“ Дозволете ми да ви покажам.

> *Еднаш, кога народот се притискаше кон Него за да го чуе словото Божјо, Тој стоеше покрај Генисаретското езеро. Тогаш виде два кораба што стоеја покрај езерото; а рибарите беа излегле од нив и си ги плавеа мрежите. Тој влезе во еден од корабите, кој беше на Симон, па го замоли да отплови малку од брегот, па седна и почна да го поучува народот од коработ.*
>
> *А штом престана да говори, му рече на Симон: „Заплови кон длабочините и фрлете ги мрежите свои за лов!“*
>
> *Но Симон Му одговори и рече: „Учителе, цела ноќ се трудевме и ништо не уловивме; но по Твоја волја ќе ја фрлам мрежата.“*
>
> *И штом го направи тоа, тие уловија толку големо количество риба, што дури и мрежата им се скина. Им дадоа знак на другарите што беа во другиот кораб да дојдат и да им помогнат; и тие дојдоа и ги наполнија и двата кораба, така што за малку ќе потонеа.*
>
> —Лука 5:1-7

Знам дека веќе ја разгледавме оваа приказна, но сакав да истакнам нешто што ќе даде одговор на нашето прашање.

> *И штом го направи тоа, тие уловија толку големо количество риба, што дури и мрежата им се скина.* ***<u>Им дадоа знак на другарите што беа во другиот кораб да дојдат и да им помогнат; и тие дојдоа и ги наполнија и двата кораба, така што за малку ќе потонеа.</u>***

Сакам да ви поставам едно прашање. Колку вера користеа Јаков и Јован за да го наполнат својот чамец со риба? Одговорот е никаква вера! Ако се сеќавате, чамецот

на Петар, како и чамецот на Јаков и Јован беа на брегот а тие ги миеа мрежите кога дојде Исус. Исус го замоли Петар да го користи неговиот чамец за да проповеда, а потоа му рече да ја фрли својата мрежа во длабоката вода за да улови риба. Како резултат на тоа Петар улови толку многу риби што мрежите почнаа да се кинат и бродот почна да тоне. Петар ги повика своите партнери што беа на брегот да дојдат и да помогнат да се прибере рибата. Нивниот чамец се преполни. Моето прашање до вас е следното: „Колку вера користеа Јаков и Јован за да го наполнат својот брод?“ Одговорот е немаа вера. Тогаш, зошто нивниот чамец го имаше истиот улов како оној на Петар? Текстот одговара на тоа прашање; пишува дека тие беа партнери.

**СЕКОГАШ ВЕЛАМ ДЕКА БОЖЈИТЕ ТАЈНИ СЕ СКРИЕНИ ЗА ВАС, НЕ ОД ВАС! САТАНАТА ЖИВЕЕ ВО ТЕМНИНАТА И НЕ ГИ ЗНАЕ БОЖЈИТЕ ПЛАНОВИ.**

Дефиницијата за партнер во англискиот речник Колинс е: „Лице кое дели или е поврзано со друго лице во некоја акција или потфат; обично ги споделува своите ризици и профит“.

Партнерството е правен етнитет и учествува во ризиците, трошоците и профитот на бизнисот. Така, кога верата на Петар Го следеше Исус, тој навистина Му го позајми бизнисот на Исус во правна смисла, а не само чамецот. Технички, Јаков и Јован поседуваа и дел од чамецот што Петар Му го отстапи на Исус на користење, и поради тоа двата чамци беа подеднакво полни. Значи, чија вера ја донесе таа жетва? Очигледно, тоа беше верата на Петар. Токму тој рече: „Господару, цела ноќ се трудевме и ништо не уловивме; но, по Твоја волја, ќе ги фрлам мрежите“.

Така, Јаков и Јован ја собраа истата жетва како Петар, иако не покажаа вера во таа ситуација. Така беше и со

Дренда. Ние сме партнери, и ние сме едно. Нејзината вера, сама по себе, го донесе тој елен во тој ден. Можете да видите дека овој концепт на партнерство е моќен духовен принцип, како што штотуку видовме во оваа приказна. Павле зборуваше за овој принцип на партнерство во посланието до Филипјаните.

> *„Му благодарам на мојот Бог секогаш, кога си спомнувам за вас, – во секоја моја молитва се молам со радост за сите вас – заради вашето учество во Евангелието од првиот ден, па сè досега, уверен во тоа дека Оној, Кој го започна во вас доброто дело, ќе го доврши сè до Денот на Исус Христос.*
>
> *И право е да го мислам тоа за сите вас, зашто секогаш ве носам во срце – и кога сум во окови, и кога го бранам и утврдувам Евангелието, <u>бидејќи сите вие сте мои соучесници во благодатта.</u>“*
>
> —Филипјаните 1:3-7

Павле вели дека со радост се сеќава на црквата во Филипи поради нивното континуирано партнерство со неговата служба. Тој продолжува да наведува дека поради нивното партнерство, тие сега се соучесници во Божјата благодат што е во неговата служба. Благодатта е Божјата сила или Божјата способност што беше со Павле да ја исполни својата задача. Црквата во Филипи ги делеше трошоците за задачата, и како Јаков и Јован, тие исто така учествуваа во помазанието и благодатта што беа врз таа задача. Ајде да погледнеме во поглавје 4 да го видите неверојатниот резултат што го дава партнерството.

> *„Но, добро направивте што зедовте учество во мојата скрб. А знаете и вие, Филипјани, дека во почетокот на проповедањето на Евангелието, кога отпатував од Македонија, немаше ниту една црква нешто да ми даде или нешто да примам освен од вас; зашто и во Солун, еднаш, и по вторпат ми пративте нужни работи. Ова го велам не дека сакам да ми*

*давате, туку го барам плодот кој се умножува во ваша полза. Добив сè и имам во изобилие, се пренаполнив со блага, кога го примив од вас испратениот дар преку Епафродит, кој е мирис сладок, жртва пријатна, благоугодна на Бога. <u>Мојот Бог, по Своето богатство, нека ја исполни секоја ваша потреба, за слава преку Христос Исус</u>."*

—Филипјаните 4:14-19

Обрнете внимание на она што Павле ѝ го вели на црквата во Филипи: „Мојот Бог ќе ги исполни сите ваши потреби". Забележете дека Павле не вели: „Вашиот Бог ќе ги исполни вашите потреби затоа што бевте дарежливи кон мене". НЕ! Тој рече: „Мојот Бог сега ќе ги исполни вашите потреби!" Гледате, Филипјаните беа партнери со Павле и како партнери, тие ја делеа благодатта на задачата на Павле. Сега, како Јаков и Јован што ги фатија сите тие риби поради верата на Петар, Павле изјавува дека нивните потреби ќе бидат задоволени поради неговата вера! Се надевам дека можете да ја видите предноста на овој принцип.

Да претпоставиме дека ви треба автомобил и дека сте партнери со нас како служба. Да претпоставиме дека автомобилот чини 30.000 долари. Сега, кога ќе посеете во Garykeesee.com, разбирате што значи партнерство. Вие учествувате во помазанието и благодатта на нашата служба. Како служба, лесно можеме да се согласиме за тие 30.000 долари затоа што ние одамна ја надминавме потребата од 30.000 долари. Лесно ни е да веруваме за 30.000 долари бидејќи сега трошиме милиони годишно. Но, во минатото, се сеќавам дека морав да Му верувам на Бог за 30.000 долари, но во тоа време сумата ми изгледаше како огромна планина. Значи, ако ме прашате дали можам да Му верувам на Бог за 30.000 долари, одговорот е „Апсолутно". Така, како Павле, кога се согласуваме и сме партнери, можам да кажам дека вашата потреба е задоволена не поради вашата вера, туку поради мојата.

Сега, очигледно, треба да бидете во верата кога ќе го посеете семето за тие 30.000 долари и треба да имате

доверба не само во Божјото Слово туку и во мене. Треба да имате вера во мене, да бидете уверени дека сум помазан и повикан од Бога, дека работам со интегритет, и треба да можете да видите покажани резултати во мојот живот и во мојата служба. Ако погледнете што правиме и од каде дојдовме, знаете дека имам вера за 30.000 долари! Можеби немате вера за 30.000 долари, но можеме да работиме заедно во партнерство и да видиме неверојатни работи. Така беше и за еленот трофеј. Ноќта пред да одам на лов Дренда ми рече: „Ти верувај за еленот, а јас ќе верувам за трофејот“. Така функционира партнерството.

## Како да изберете стратешко партнерство

Дозволете ми да поставам некои основни правила поставувајќи ви прашање. Ако сакате да основате компјутерска компанија, дали сакате некој што е во првиот семестар на студиите по компјутерски науки и нема пари да ви биде партнер, или некој што има изградено мултимилионски компјутерски бизнис и има финансии да ви помогне со основањето на компанија? Се разбира, тука има многу варијабили, а јас ви давам само илустрација. Но, мислам дека изборот е очигледен, тоа би било некој што има искуство, има докажани резултати и не е во финаниска криза!

Па, истото важи и кога сакате да бидете сеачи во некоја партнерска служба. Ве молам, не мешајте го она што го велам во врска со директното водство на Бог за партнерство со некого. Таквото водство го надминува она за што зборувам. Многу пати, Бог ќе ве води да станете партнери со Неговите задачи, но понекогаш можете да изберете. Зборувам конкретно за семето како избор што го правите, сеење кога сакате да преминете на следното ниво. Знам дека сеам во задачи во кои верувам со цел да го забрзам доаѓањето на средствата што ми се потребни во мојот живот. Едно правило што не го кршам е дека секогаш сеам во задача што разбира што значи да се верува и што значи да се биде согласен, освен ако

не сеам за сиромашните или оние што се во потреба. Се разбира, не очекуваме сиромашните и оние што се во потреба да ја разберат верата. Ние им сееме љубов, а Бог ќе ни возврати. Да повторам, сеењето на сиромашните е поинаков вид на сеење од она што го дискутираме овде. Друго што гледам кога сеам е друга задача што го има истиот плод за кој јас самиот верувам на Бог.

На пример, мојата компанија поседува два авиони. Пред да купам еден од тие авиони, посеав во Божја задача, служба за која знаев дека поседуваше многу авиони што вредеа повеќе милиони. Кога велам многу, мислам на многу, и сите беа платени готовински. Имаа покажан резултат кога се во прашање авионите. Знаев дека лесно може да бидат мои партнери за авион и да веруваат за тоа да се оствари. Не сакав да соработувам со служба што мисли дека авионите се премногу скапи или не вреди да се поседуваат. Во тоа нема партнерство. Не, сакав да бидам партнер со служба што разбира каде сум, може да се поврзе со мојата вера за авион и има плод да го докаже тоа.

Јас сум пилот од мојата деветнаесетта година, и научив да летам од земјена писта долга 900 метри. Цел живот изнајмував авиони додека еден ден не помислив: *Еј, знаеш што? Само треба да посеам семе и да верувам на Бог за мој авион.* Па, токму тоа и го направив. Знаев точно за каков авион ќе посеам. Така, го запишав тоа на мојот чек, а јас и Дренда бевме во согласност. Потоа го испративме тој чек во службата што штотуку ја спомнав.

Помина околу еден месец и имав рутинска посета на лекар. Додека разговарав со докторот тој ден, тој лежерно ми рече: „Дали случајно познаваш некој што би сакал да купи авион?“ Бев малку изненаден од прашањето бидејќи никогаш во животот никој не ме прашал дали сакам да купам авион. Затоа прашав за каков авион станува збор, и тоа беше истиот авион за кој јас посеав семе. Добро, тоа ми го привлече вниманието. Отидов да го видам авионот, контактирав со сопственикот и тој ме однесе на лет. Авионот беше совршен. Имаше само еден проблем. Во тоа време, немав пари да го купам. Но, Бог имаше план.

Знаете, претходната есен, а тогаш беше март, добив куќа од татко ми што планирав да ја пренаменам во деловна зграда напролет. Татко ми ми кажа дека ја исклучил водата пред зимата, но јас никогаш не проверив. Само неколку дена откако го видов авионот, брат ми се јави и ми кажа дека куќата е уништена. Ми кажа дека целиот гипс картон во куќата бил уништен, а поголемиот дел од ѕидовите биле срушени. Очигледно, водата не била исклучена и замрзнала во зима. Сега кога беше март и времето беше потопло, водата почнала да тече во куќата, никој не знае колку долго, сигурно најмалку неколку недели.

Она што брат ми не го знаеше беше дека веќе имав потпишано договор со градежна компанија да го отстрани целиот гипс картон и надворешната фасада. Ова беше дел од процесот на обнова за претворање на куќата во мој нов канцелариски комплекс. Сега, еве ја добрата вест. Осигурителната компанија плати отштета за штетата од водата, и со тие пари јас го платив авионот. Авионот го купив во кеш!

Затоа запомнете, партнерството е моќен духовен принцип за кој треба да бидете свесни и да го искористите.

Овде завршува нашата дискусија за ослободување на вашето семе кога сте во верата. Па сега, кога веќе сте го посеале вашето семе, кој е следниот чекор? Верувајте ми, повеќето луѓе не знаат, според сведочењето на толку многу христијани кои сеат, тие не гледаат враќање или ефект од нивното давање. Дали е ова време да седите и да пиете лимонада додека не дојде вашата жетва?

Немојте случајно да го правите тоа! Во следното поглавје ќе разговараме за следниот чекор.

ОСМО ПОГЛАВЈЕ

# ПОТРЕБЕН ВИ Е ПЛАН!

Кога Бред и Черити првпат дојдоа во нашата црква, навистина не ги познавав. Се сеќавам дека се поздравував со нив и одвреме-навреме имавме по некој краток разговор. Прв пат духовно ги забележав на женската конференција на Дренда. Конференцијата започна во четврток навечер, а заврши во сабота попладне. Многу од присутните потоа останаа на нашата саботна вечерна црковна богослужба. Токму на оваа богослужба Бред и Черити дојдоа на крајот со едно барање. Сакаа да започнат бизнис и ме прашаа дали може да посеат семе во нашата служба и да се молам за нив за тој бизнис.

Подоцна дознав дека Черити изнајмила штанд на женската конференција за да продава рачно изработени производи за третман за афро-американска кадрава коса. Таа го изнајмила штандот на конференцијата за 150 долари и продала производи во вредност од 350 долари, при што заработила 200 долари.

На богослужбата во саботата навечер, обајцата дојдоа со 200 долари и сакаа да ги посеат во нашата служба како семе за нивниот бизнис. Реков: „Се разбира", и се помоливме. Не размислував многу за тоа, но можев да ја видам страста во нивните очи и можев да кажам дека имаа вера кога го сееја своето семе.

За да имате претстава за Бред и Черити, во тоа време, Бред беше ИТ-менаџер во една компанија, а Черити заработуваше 10 долари на час со скратено работно време, просечно семејството со просечни примања. По

конференцијата, тие продолжија да го продаваат својот производ на пријателите и на интернет, но не криеја дека бизнисот напредува бавно. Но, Бог работеше зад сцената подготвувајќи го нивниот иден раст.

Главната компонента во нивната формула беше масло од ној, и истото го купуваа од фарма за нoеви во Калифорнија, за која дознаа дека е на продажба. Цената беше 40.000 долари. Черити знаеше дека ова е одлична можност за идниот раст на нивната компанија, но Бред и Черити немаа 40.000 долари. Имаа доволно пари за авионските билети да одат во Калифорнија да ја видат фармата, но тоа беше сѐ. Бред ми кажа дека колку повеќе се приближувале до Калифорнија, толку станувал понервозен. Што ќе му кажат на сопственикот, бидејќи немаа пари и си ветиле дека нема да позајмуваат за бизнисот? Кога стигнале во Калифорнија, фармерот им ја покажал фармата, но им рекол дека веќе нашол купувач. Се чинело дека тоа е крај на нивната желба. Но, сопственикот му понудил на Бред ИТ работа, што Бред ја прифатил

Во тој период, Бред и Черити развиле врска со сопственикот; и еден ден тој им рекол дека решил ним да им го продаде бизнисот. Тој на крајот прифатил исплата на рати, и така Бред и Черити имаа своја компанија за масло од ној. Отприлика во тоа време Бред и Черити слушнале за градежниот проект што го започнавме во црквата *Вера и Живот*, и почувствувале поттик во срцето да сторат нешто. Гледајќи како првото семе што го посеаја целосно го менува нивниот бизнис знаеја дека е сега време да го дигнат бизнисот на следното ниво со уште поголемо семе. Повторно, Бред и Черити ме сретнаа пред црквата и посеаја семе за нивниот бизнис со конкретна цел на ум. Тие не сееја за своите лични финансии, и нивната цел беше да бидат способни да дадат шестцифрена сума за градежниот проект на црквата.

Да ја скратам приказната, повторно се случи голема промена во бизнисот, а Бог обезбеди нова состојка што го промени производот, така што сега имаа совршен производ за афро-американска кадрава коса. Производот

сериозно се наметна на пазарот. И за кратко време, тие дадоа шестцифрена донација за проектот. Сега тие поддржуваат проекти низ цела Африка, а нивниот паричен тек е повеќе од седум цифри. Сето ова се случи во период од три години. Каква неверојатна трансформација од 10 долари на час до милиони за три години! Леле!

Ова е одлична приказна и совршен пример за тоа како Бог работи со вас за да го добиете вашето снабдување и да ве направи влијателни. Првото нешто што ми остави впечаток беше нивното срце за Царството и целта на нивната компанија, а тоа е финансиски да го поддржат Царството Божјо. Второ, како соработуваа со Бога за да ја развијат структурата, производот и планот за компанијата во основа од нула. Ова треба да го инспирира секој кој сака да направи нешто значајно дека исходот не зависи од тоа колку пари имате или колку знаете кога ќе започнете. Бог ќе работи со вас во текот на целиот процес.

Со ова стигнавме до четвртиот принцип на Царството што го научив од Бог; откако ќе посеете и ќе ја ослободите вашата вера, треба да го слушате планот.

**Чекор 4: Откако ќе посеете и ќе ја ослободите вашата вера, потребен ви е план.**

*Тој им одговори и рече: „Дајте им вие да јадат!“*
*А тие Му рекоа: „Да појдеме и да купиме за двесте денарии леб, па да им дадеме да јадат?“*

*Потоа Тој ги праша: „Колку лебови имате? Отидете и видете!“*

*И кога видоа рекоа: „Пет леба и две риби.“*

*<u>Тогаш Исус им рече на сите да поседнат на купчиња по зелената трева. И поседнаа во групи по сто и по педесет. Тој ги зеде петте леба и двете риби, па, погледна кон небото, ги благослови лебовите и ги прекрши, и им ги даде на учениците Свои, за да им ги</u>*

> *ставаат пред нив; исто така им ги раздели и двете риби на сите. И јадеа сите и се наситија. И собраа парчиња, од лебот и од рибите, полни дванаесет кошеви. А оние, што јадеа од лебовите, беа околу пет илјади мажи.*
>
> —Марко 6:37-44

Исус им даде на учениците оперативен план пред да се умножат рибите и лебот. Затоа, потрудете се да го разберете ова. Откако ќе го посеете вашето семе во вера, треба да добиете план од Светиот Дух. Најдобар начин да го добиете планот е да поминете време во молитва во Духот. Не е добро да носите било какви одлуки или да започнете со свои сили додека не слушнете од Бога. Постојат неколку причини за тоа. Прво, кога се обидувате да направите нешто со свои сили најчесто размислувате премногу минијатурно. Второ, може да се обидете да направите план земајќи ги во предвид само нештата што веќе ги знаете, а можеби Бог сака да ве води во нова насока. Веќе сте го пробале она што го знаете и ви треба свежа идеја и план за промена на жетвата. Затоа, чекајте на Господа за нови идеи и план. Идејата може да дојде од било каде. Може да видите реклама, да запознаете личност или едноставно да имате сон како што имав јас. Бог ќе го привлече вашето внимание и ќе ви помогне да го направите вашиот нов план. Дозволете ми да ви дадам еден пример зошто е ова толку важно.

**ОТКАКО ЌЕ ГО ПОСЕЕТЕ ВАШЕТО СЕМЕ ВО ВЕРА, ТРЕБА ДА ДОБИЕТЕ ПЛАН ОД СВЕТИОТ ДУХ.**

### Моќта на планот

Мислам дека го имам кажано овој пример во сите книги од серијалот „Вашата финансиска револуција“, но

вреди да се повтори и овде. Ако ви кажам дека можам да ги решам сите ваши финансиски проблеми само со неколку зборови, сигурен сум дека ќе седнете да ги слушнете деталите, со пенкало во рака. Па, подгответе се затоа што еве го вашиот одговор. Заработете 10 милиони долари нето приход оваа година. Да, реков заработете 10 милиони долари нето приход до крајот на годината. За повеќето луѓе, тоа целосно би ја стабилизирало нивната финансиска состојба и моќ.

Што? Дали се смешкате? Дали се смеете? Кога тоа го кажувам од говорница на моите слушатели, слушам смеење низ целата сала. Потоа ги прашувам зошто се смеат. Тие се смеат затоа што за нив тоа е шега; тоа е невозможно. Потоа им кажувам дека во одреден момент, додека ја намалувам целта за приходите за годината, тие ќе престанат да се смеат и ќе речат: „Ох, да, можам да заработам толку“.

Па, кога престанувате да се смеете, на 600.000 долари годишно? Каде се гледате себеси, на 200.000 или 100.000 долари годишно? Можеби вашиот број е многу помал, можеби 45.000 долари годишно. Некаде помеѓу 10 милиони и 0 долари годишно, ќе најдете број за кој ќе кажете: „Мислам дека можам да заработам толку“. И тука е проблемот; тоа е местото каде што ќе останете. Разберете го ова, никој не се обидува да направи нешто што мисли дека е невозможно за него. Значи, тука е проблемот. Вие сте врзани или ограничени од сопствените мисли.

Сега, дозволете ми да ви ја покажам моќта на планот. Да ја земеме истата изјава, дека сите ваши финансиски проблеми ќе се решат ако заработите 10 милиони долари нето оваа година. Но, овој пат, ви понудам работа за да ги заработите тие пари. Ќе ви платам по 500 долари за една кутија во која треба да ставите една топка, да ја затворите со селотејп, да ја означите за испраќање, а потоа да ја оставите настрана. Да претпоставиме дека можете да спакувате 100 кутии на час, а тоа значи да заработите 50.000 долари за еден час. Да претпоставиме дека работите постојано 10 часа на ден со приход од 500.000 долари дневно. Сега, кога велам да заработите

10 милиони долари пред да заврши годината, што ќе речете? „ЛЕСНО! За тоа ќе бидат потребни само 20 дена работа.“ Добро, да ве прашам, што се смени. Ништо, освен што сега имате план кој, доколку го следите, во основа ви гарантира дека ќе ја постигнете вашата цел да заработите 10 милиони долари во една година.

Разбирате? Ако сте оставени на вашата сопствена имагинација, веројатно никогаш нема да помислите дека вашата цел може да се постигне и ќе се задоволите со она што ВИЕ мислите дека е можно. Но, не ви треба вашето мислење; предолго живеевте во тој ограничен свет. Не, ви треба Светиот Дух да ви помогне да сонувате.

## Бог има план за вас

Ви кажав претходно во книгата за нашата ужасна финансиска состојба и за паничните напади и депресијата од кои страдав како последица на тоа. Кога почнав да го учам начинот на живеење на Царството, немав каде да се обратам освен кај Бог. Тој ми зборуваше и ми даде план да го основам Forward Financial Group и да им покажам на луѓето како да се ослободат од долгови. Тоа е лудо! Се сеќавам дека седев во мојата куќа и размислував за тоа што Бог ми кажуваше да направам и се прашував: „Оф леле, барем да ми кажеше на време“. На тоа Тој ми одговори дека ќе се ослободам од долговите применувајќи го планот.

Како што Дренда и јас почнувавме со планот што ни го даде Бог, немавме опрема, немавме компјутер, немавме ништо. Но, кога го видовме планот, знаев дека ќе функционира; знаев дека е можно. А под план, мислам на стратегијата и деталите што ни ги покажа во однос на започнувањето со планот. Можев да го сторам тоа! Всушност, јас сакав да го направам тоа.

Исто како и во случајот на Бред и Черити, Бог ја обезбеди целата опрема за започнување на бизнисот. Чудно, еден ден, татко ми, кој имаше пицерија и не му требаше компјутер, ми кажа дека сака да купи компјутер и ме покани да одиме заедно. Затоа, отидовме и купивме

компјутер и програма за обработка на текст што рече дека можам да ја користам и јас. Знаете, јас не се разбирав воопшто од компјутери. Татко ми живееше на еден километар од нас, и јас почнав да си играм со компјутерот и програмата додека не научив да пишувам добра презентација за клиентите за тоа како да се ослободат од нивниот долг. Бог направи пат кога немав пари.

Компанијата растеше, а јас почнав да вработувам претставници за продажба. Во тие денови, користевме рачни финансиски дигитрони за ни помогнат во пресметките за нашите клиенти. Потоа ги запишувавме тие податоци во табелите, што ги создадов на мојот софтвер за обработка на текст, за да ги испечатиме за нашите претставници да ги имаат со себе кога одат да се сретнат со клиентите. Матричниот печатач работеше по цел ден (се сеќавате на нив, така?). Нашата секретарка не можеше да го издржи темпото, и не долго потоа, си даде отказ, така што морав да ангажирам друго лице за го врши пишувањето и печатењето на овие извештаи за клиентите.

Сфатив дека ми треба подобар начин за водење бизнис. Ми требаше компјутерска програма што може да ги пресмета сите финансиски податоци што треба да се пресметаат за секој клиент, како и да ги испечати. Дренда и јас побаравме од Господа помош и се молевме Тој да ни обезбеди компјутерски програмер што можеме да го платиме да ја создаде целата програма за нашата компанија.

Неколку месеци по оваа молитва, бев на рутинска посета кај еден клиент, и кога ја виде копијата што ја направив за него ме праша: „Дали го правите ова рачно?“ Реков: „Да, но сакаме да се префрлиме на компјутерска програма што ќе го прави тоа за нас“. Ме погледна и ми објасни дека тој работи како компјутерски програмер, и се понуди да ни помогне да направи програма за нас во своето слободно време. Ми кажа цена и се согласи да плаќаме постепено во текот на следната година.

Таа програма промени сè и ми дозволи да вработам повеќе луѓе. Наскоро, имавме 300 претставници во

поголемиот дел од источниот дел на Соединетите Држави, што направи да бидеме број еден од 5.000 канцеларии за еден од нашите продавачи.

Започнувајќи со сопствена компанија и следејќи Го Светиот Дух, целосно се ослободивме од долговите, а останатото е историја, како што велат. Она што сакам да го кажам е дека Бог ќе ви го даде планот ако побарате од Него. Тој ќе ве одведе таму каде што никогаш не сте мислеле дека е може да одите.

Значи, дозволете ми да нагласам дека ви треба план. Бог има план за вашиот успех. Всушност, Тој има многу планови за вашиот успех. Неговите идеи и мудрост се бескрајни.

> *„Зашто само Јас ги знам замислите, што сум ги смислил за вас, вели Господ, замислите за добро, а не за зло, за да ви дадам иднина и надеж.“*
>
> —Еремија 29:11

### Како да го слушнете Божјиот план?

Па, како да го слушате планот? Како што реков, молитвата во Духот е најдобриот начин да слушнете од Бог. Нема сега многу да се задржувам за молитвата во Духот и слушањето на Неговиот глас, бидејќи таа тема беше покриена во мојата книга *Вашата финансиска револуција: Моќта на стратегијата.* Но, вреди кратко да се потсетиме.

> *„Ние сепак ја проповедаме мудроста меѓу совршените, но не мудроста од овој свет, ниту, пак, онаа на владетелите на овој свет, кои се минливи, туку ја проповедаме Божјата мудрост, сокриена во таинство, која Бог ја предодредил уште пред вековите за наша слава, која никој од владетелите на овој свет не ја спознал; зашто, ако ја беа спознале, тогаш немаше да Го распнат Господ на славата.*

*Но, како што е напишано: „<u>Она што око не видело, уво не чуло, ниту на човек на ум му дошло, тоа Бог го приготвил за оние кои Го љубат.</u>“*

*А нам, пак, ни го откри тоа Бог преку Својот Дух, зашто Духот продира во сè, па дури и во длабочините Божји. Бидејќи, кој човек знае што има во човекот, освен човечкиот дух кој живее во него? Па така и Божјото не го знае никој, освен Божјиот Дух. Но ние не го примивме духот од овој свет, туку Духот Кој доаѓа од Бога, за да го знаеме она што ни е дарувано од Бога.“*

—1 Коринтјаните 2:6-12

Она што не сме го слушнале, виделе или помислиле, како што е спомнато во овие стихови, е она што ни го открива Светиот Дух. Тоа ми звучи како голема придобивка; сигурно добро ќе ја исползувам. Кога станавте христијанин, Светиот Дух се всели во вас, и Тој почна да го управува вашиот живот

Но, постои уште една димензија на Светиот Дух што Исус ѝ ја даде на Црквата, а тоа е крштевањето на Светиот Дух. Токму тоа го гледаме како се случува на Денот на Педесетница кога Светиот Дух слезе врз учениците во горната соба исто како што слезе врз Исус кај реката Јордан. Токму тогаш и Исус ја започна Својата служба. Тоа е моментот кога Божјата сила дојде врз Него за да биде сведок на Царството. Исус не правеше чуда како дете. Тој не ја умножуваше храната на Неговото семејство ниту одеше по вода. За да го разберете крштевањето на Светиот Дух, ќе треба да разберете дека постои разлика помеѓу новораѓањето (кога Божјиот Дух ќе дојде во вас) и крштевањето на Светиот Дух (кога Светиот Дух ќе дојде врз вас.)

*А вечерта во истиот ден, првиот од седмицата, кога вратата, каде што беа учениците Негови собрани, беше затворена поради страв од Јудејците, дојде Исус, застана насреде и им рече: „Мир вам!“ И ова штом го рече, им ги покажа рацете и нозете и ребрата Свои. Се*

*зарадуваа тогаш учениците, штом Го видоа Господа. А Исус пак им рече: „Мир вам! Како што Ме прати Отецот, така и Јас ве праќам.“ И кога им го кажа ова, дувна и им рече: „Примете Дух Свети!“*

—Јован 20:19-22

Учениците се новородија токму таму во Јован 20, но Исус им кажа дека сѐ уште треба да чекаат на крштевањето на Светиот Дух што ќе им овозможи да бидат сведоци на Царството Божјо.

*Ним по Своето страдање им се претстави жив, со многу верни докази, јавувајќи им се четириесет дни и зборувајќи им за царството Божјо. Еднаш кога ги собра, Тој им заповеда: „Не оддалечувајте се од Ерусалим, туку чекајте го ветувањето од Отецот што сте го слушале од Мене: Јован крштаваше со вода, а вие, не по многу дни од денес, ќе бидете крстени со Светиот Дух.“*

—Дела 1:3-5

*„Но ќе примите сила од Светиот Дух, Кој ќе слезе на вас и ќе Ми бидете сведоци во Ерусалим и во цела Јудеја и Самарија, и сѐ до крајот на земјата.“*

—Дела 1:8

**ОВА ПОМАЗАНИЕ ОД БОГ ЈА НОСИ БОЖЈАТА СИЛА И ВИ ОВОЗМОЖУВА ДА ГИ ВРШИТЕ НЕГОВИТЕ ДЕЛА.**

Ова помазание од Бог ја носи Божјата сила и ви овозможува да ги вршите Неговите дела. Ве молиме забележете дека тоа доаѓа на вас, а не во вас. Можеби се сеќавате и дека на Денот на Педесетница сите ученици кои чекаа во Ерусалим во горната соба беа крстени со Светиот Дух. Кој беше еден од доказите за тоа? Сите зборуваа на јазици. Зборувањето на јазици е наведено во 1 Коринтјаните

12 како еден од деветте духовни дарови што ѝ беа дадени на црквата. Можеби ќе речете дека тие дарови завршија, но јас категорично не се согласувам. Крштевањето на Светиот Дух ги носи со себе сите девет духовни дарови, но сакам да се фокусирам само на еден дар, зборувањето на јазици.

На почетокот, ова може да звучи бескорисно бидејќи можеби мислите дека е потребно само ако зборувате со луѓе кои зборуваат различен јазик и се обидувате да им го проповедате евангелието. Но, целта на дарот на јазици никогаш не беше само да можеме да зборуваме со луѓе на јазик што не го знаеме. Дозволете ми да ви покажам зошто ова е непроценлив дар и зошто е важен за вашиот просперитет.

> *„Зашто оној, кој зборува на друг јазик, тој не им зборува на луѓе, туку на Бога; бидејќи никој не го разбира, а со Духот кажува тајни; кој, пак, пророкува, тој им зборува на луѓето за надградување, охрабрување и утешување. Кој зборува на друг јазик, тој се надградува сам себе; а кој пророкува, тој ја надградува Црквата. Но јас би сакал сите вие да зборувате на други јазици, а уште повеќе да пророкувате: зашто, кој пророкува, е поголем од оној, кој зборува јазици – освен ако и ги толкува, за да се надградува Црквата.“*
>
> —1 Коринтјаните 14:2-5

Тука треба да го разбереме контекстот на ова писмо на Павле. Тој зборува за тоа како треба да изгледаат црковните собири. Тој во основа вели дека зборувањето на јазици не е добро за оние што го слушаат на заедничките собири, бидејќи тие што го слушаат не разбираат што зборува личноста. Павле вели дека во црквата е поисплатливо да се пророкува бидејќи тоа се прави на јазик кој е разбирлив за сите, а тоа е поефикасно.

Но, кога станува збор за еден поединец кој се моли на јазици, леле, тоа е друга приказна. Зборувањето на јазици има голема корист за оној што зборува. Библијата вели дека тие изговараат тајни преку нивните духови. Овие

тајни го содржат она што не го знаете а што треба да го знаете. Второ, Павле вели дека оној што зборува на јазици се изградува себеси. Зборот изградува значи да се донесе поука. Очигледно, ако треба да знаете нешто, тоа за вас е мистерија во тој момент. Но, зборувањето на јазици му носи поука на оној што зборува. На вас и на мене тоа сигурно ни треба ако сакаме да развиеме планови кои се поголеми од тоа што веќе го знаеме. Како што пишува во 1 Коринтјаните 2:9-10:

> *„Но, како што е напишано: „Она што око не видело, уво не чуло, ниту на човек на ум му дошло, тоа Бог го приготвил за оние кои Го љубат.“ А нам, пак, ни го откри тоа Бог преку Својот Дух, зашто Духот продира во сѐ, па дури и во длабочините Божји.“*

Мене ми е потребна таа помош, а и вам исто така. Вашето следно прашање е: „Ако зборувате на јазици и не разбирате што зборувате, тогаш каква е придобивката од она што го зборувате?“ Па, тука е тајната. Додека Светиот Дух зборува преку вашиот човечки дух, вашиот ум почнува да собира некои од мислите што течат низ вас. Ние тоа го нарекуваме откровение, а зборот доаѓа од фразата да се открие. Значи, молејќи се во Духот, како што зборувањето на јазици се нарекува во Библијата, имате способност да примите идеи и мисли што не се ваши.

Знам дека веројатно имате многу прашања поврзани со ова, затоа дозволете ми да ве охрабрам да ја набавите мојата книга *Вашата финансиска револуција: Моќта на стратегијата*. Таму ќе ги најдете сите ваши одговори.

## Застанете и молете се за стратегија

Засега, ајде само да разбереме дека штом ќе го посеете своето семе во вера, следниот чекор е да застанете и да се молите во Светиот Дух затоа што ви треба план. Тоа го направи Карла.

Карла и Тод живееле нормален американски животен

стил - од плата до плата - и сè повеќе запаѓале во долгови. Карла го забележала емитувањето на финасиската емисија *Решавање на проблемот со парите* еден ден на телевизија и знаела дека им треба промена во финансиите. Се сеќавам на е-поштата што ја добив од Карла. Тогаш таа рече дека немаат финансиски план. Не можеле ни да гледаат неколку месеци напред, биле толку стегнати. Сите недостатоци во нивниот буџет ги покривале со кредитни картички.

Знаела дека треба да се ослободат од долговите, но како? Таа и нејзиниот сопруг посеале семе за бизнис идеја откако ја прочитале мојата книга, и тие специфично посеале за бизнис што таа може да го работи од дома. Тод веќе бил зафатен како наставник во локалното училиште, па таа само размислувала за идеи за да допринесе кон семејните финансии. Секое утро откако посеале семе за да добијат идеја, Карла имала тивко време со Господа, чекајќи да слушне некаква насока од Светиот Дух.

Едно утро, во својот дух, го слушнала зборот кученца. Отпрвин била малку збунета. Кученца? Одгледување кученца? Порано чувале куче, но таа никогаш не размислувала за одгледување кученца. Кога Тод се вратил дома таа вечер, таа сакала да му каже што ѝ рекол Бог. Очекувано, Тод бил малку исплашен од планот, но ја охрабрил Карла да ги истражи можностите. Наскоро Тод и Карла купиле две женски златни пудлици (голдендудл) и го започнале својот бизнис со мали кученца. Се разбира, тие мораа прво да ги одгледуваат своите кученца, а потоа да започнат со процесот на размножување.

Се соочиле со неколку падови по патот, но првата година нивните кучиња добиле 13 мали кутриња. Од нив заработиле околу 1.500 долари, а Карла вели дека леела солзи бидејќи сфатила дека навистина Го слушнала Светиот Дух. Истата година, Тод бил унапреден на позицијата директор во локалното училиште.

Бизнисот со кученца продолжил да расте; и моментално, тие имаат над 300 кученца, а цената се искачи на околу 2.500 долари за едно кученце. Нивниот финансиски живот доживеал целосен пресврт! Минатата

година си ја отплатија куќата и сега се целосно без долгови. Тие одат на патувања надвор од државата и од прва рака искусуваат дека Бог прави многу прекрасни работи во нивното семејство за кои Карла не пропушта прилика да им каже на луѓето. Таа штотуку ја издаде својата прва книга, *Планови за напредок: Како Бог ни даде финансиска слобода преку кученца*.

Тод и Карла живеат стил како граѓани на Царството, и тоа го привлекуваат вниманието на луѓето и ги тера да застанат и да размислат за Бог. Пророкот Исаија зборуваше за црковната ера во Исаија 61, каде што ни кажа што сака Бог да прави со нашите животи додека сме на земјата.

> *„И ќе ги наречат дабови на правда, градина на Господ за Негова слава.“*
>
> —Исаија 61:3

Дабот е многу цврсто дрво и обично е масивен по големина. Библијата вели дека нашите животи ќе бидат како дабови дрвја, закотвени, непоколебливи и неподвижни. Плодот на ова дрво ќе биде праведноста, што едноставно значи дека луѓето ќе видат како би требало да изгледа животот, според Божјите замисли. Ние сме насади на Господ, што значи дека Бог ќе нè постави таму каде што смета дека треба да бидеме, сите на различни места, од сите занимања и култури, за да го прикаже Својот сјај. Бог сака да го привлече вниманието на луѓето преку вашиот живот! Тој сака луѓето да го видат добриот плод на Неговите патишта во вашиот живот. Исто како што едно дрво ве привлекува кон себе со своите вкусни плодови, Бог сака вашиот живот да изгледа како рај на Земјата.

Па, како Тод и Карла го направија тоа? Секако, требаше многу труд за да се одгледуваат тие кученца, но слободата секако вредеше. Таа слобода започна кога таа го слушна планот, збор од Бога. Само еден збор, „Кутриња!“ Но, само тоа беше потребно. Бог ќе ви каже и вас. Тој ќе ве води до тие зелени пасишта и мирни води на мирот за кои

зборува Псалм 23.

Но, како што можете да претпоставите, не е доволно само да се знае планот. Ќе разговарам за петтиот чекор во следното поглавје, и можеби тоа е најважното поглавје од сите, бидејќи повеќето луѓе паѓаат токму на петтиот чекор. Но, не и вие, вие ќе одите во Божјата добрина исто како приказните што ги прочитавте во оваа книга! Дали сте спремни? Ајде да преминеме на чекор број 5.

ДЕВЕТО ПОГЛАВЈЕ

# ВРЕМЕ Е ДА ОДИМЕ!

Секој земјоделец знае дека секоја жетва има уникатно и специфично време поврзано со неа. Познавањето на правилната сезона на жетва за одредена култура е разликата помеѓу успехот и неуспехот. И да бидеме многу јасни: може да ја пропуштите жетвата. Значи, ова е многу голема и важна тема. Дали некогаш во продавница сте виделе убаво, црвено јаболко и сте помислиле: *Ова е многу убаво јаболко* – но кога ќе се вратите дома и ќе каснете, си мислите: *Леле, ова нема вкус?* Ете, тоа е прашање на правото време.

Не можам да ви кажам за колку финансиски катастрофи сум слушнал и професионално сум имал можност да интервенирам што се случиле како последица на погрешна проценка на времето за влез во бизнис. Мојот омилен стих за правото време се наоѓа во Матеј 13:44.

> *„Царството Небесно прилега уште и на* ***богатство*** *сокриено во нива, кое го нашол човек и прикрил, па, од радост за него, отишол и продал сѐ што имал, и ја купил таа нива.“*

Во оваа приказна, човекот бил доволно мудар за да знае дека во тој момент не бил способен да го поседува богатството. Тој морал да оди и да се подготви да го купи.

Како пример, кога Карла го слушнала зборот кученца, тоа не значело дека требала веднаш да објави оглас за продажба на кученца. Таа сѐ уште немала кученца. Ѝ

претстоеле долги подготовки. Тие морале прво да купат две женски кучиња. Морале да изградат место за да ги сместат и да планираат простор за кученцата што ги очекувале. Постојат и правни прашања што треба да се знаат во врска со потребните вакцини што кученцата мора да ги имаат ако сакате да ги продавате.

Има и прашања за лиценцирање, маркетинг, банкарство и даноци, итн. Треба да бидете запознаени со овие области пред да влезете во сезоната на жетва на вашата деловна идеја.

Претпоставувајќи дека внимателно сте се подготвиле, тешкиот дел е сè уште пред вас. Мора да истапите кон визијата што Бог ви ја дал. Да, идејата ќе биде поголема од вас и може да има одреден страв при истапувањето. Но стравот беше дел од вашиот стар човек. Запомнете, сега сте ново создание.

Кога Бог ми зборуваше во врска со започнувањето со сопствен бизнис, имав трема поради тоа. Почнував буквално од нула. И покрај тоа што Бог ми зборуваше во сон да направам чекор и покрај тоа што добро се подготвив, сè уште имав трема. Требаше само да направам чекор и да ја реализирам идејата. Дали некогаш сте имале пријател или сте познавале личност која секогаш зборувала за она што ќе го направи, но никогаш не го направила тоа?

Познавам многу такви! Запомнете, бев ментор на комерцијалисти повеќе од 30 години.

Кога го почнував мојот бизнис, никој не ми даде никакви насоки. Живеев строго од провизии и бев единствениот вработен во компанијата. Но, едно нешто што имав беше страста. Кога Бог ме водеше да основам компанија за консултантски услуги за ослободување од долговите, јас бев првиот со големи долгови. Поголем дел од мојот живот имав сериозни финансиски стресови; и сега кога го најдов одговорот, Божјото Царство, сакав на сите да им кажам за тоа. Второ, откако Бог ми помогна да го склопам планот за тоа како да направиме пишана план-програма за ослободување од долгови за пет до седум години, вклучувајќи ги и станбените хипотеки, без промена на буџетот на семејствата, јас бев многу ревносен.

Знаев дека имам добра позиција на финансискиот пазар и имав приказна за раскажување. Но, повторно, морав да го имам прототипот веќе детално подготвен пред да почнам.

Секако дека секогаш има работи што ги учите по пат, но кога веќе почнувате, основната структура треба да ви биде добро развиена. Но, без разлика колку е голема можноста, производот или потенцијалната плата, времето е секогаш денес, денес е денот кога мора да направите чекор кон планот.

Со ова доаѓаме до вистинскиот проблем, она што јас верувам дека е главната причина зошто толку многу луѓе не ги постигнуваат своите цели, иако Бог им дал насока и одговор за нивните финансиски проблеми.

## Одложување!

Одложувањето може да се заснова на несигурност, страв или едноставно на мрзеливост. Но, едно е сигурно; лесно е да одолговлекуваме! Ја прочитав следната студија за навиките на матурантите во однос на одложувањето.

> *Џени го чисти станот. Кети решава математички загатки. Мет ги проверува спортските резултати, а Кармен ја ажурира нејзината страница на Фејсбук. Сите тие се студенти по психологија кои одложуваат други задачи што треба да ги завршат. Класично одолговлекување на дело. Тешко е да се прекине, особено овие денови кога Интернетот им овозможува на студентите да избегаат од дисциплинираното време за учење со еден клик на глувчето. Метаанализа од 2007 година на психологот од Универзитетот во Калгари, д-р Пирс Стил, известува дека 80 до 95 проценти од студентите ги одложуваат за подоцна своите обврски, особено кога станува збор за извршување на факултетските обврски.*[7]

[7] https://www.apa.org/gradpsych/2010/01/procrastination

Па, јас тврдам дека ова не се однесува само за студентите. Дистракциите се интензивни. Користењето на телефонот или проверувањето на е-пошта се сигурни убијци на времето. Но, одложувањето има посуптилна, демонска страна за која треба да бидете свесни. За да ја илустрирам и расветлам оваа опасна тема - да, реков опасна - сакам да прочитаме во 1 Коринтјаните 2:6-8.

> *„Ние сепак ја проповедаме мудроста меѓу совршените, но не мудроста од овој свет, ниту, пак, онаа на владетелите на овој свет, кои се минливи, туку ја проповедаме Божјата мудрост, сокриена во таинство, која Бог ја предодредил уште пред вековите за наша слава, **која никој од владетелите на овој свет не ја спознал; зашто, ако ја беа спознале, тогаш немаше да Го распнат Господ на славата**.“*
>
> —1 Коринтјаните 2:6-8

Па, добро е да си го запишете ова некаде. Сатаната ќе ја смени тактиката ако сфати што правите! Затоа Бог зборува во параболи. Ова е причината зошто Бог понекогаш чека до полноќ пред да го открие вашиот одговор. Мора да знаете и да запомните дека имаме непријател. Вашиот непријател не е само фигуративен лик со вила и црвен костим. Библијата е јасна:

> *„Бидете трезвени, бидете будни, зашто вашиот противник, ѓаволот, обиколува како лав што рика и бара некого да проголта.“*
>
> —1 Петар 5:8

Се разбира, тој не може буквално да проголта никого, но сака да ве повлече од небесната јурисдикција и да ве стави под негова надлежност каде што може да убива, краде и уништува. Библијата вели: „Вашиот непријател!“ Една од тактиките на сатаната е да ве намами во удобност, во место на одложување. Ова ќе му даде време да сфати што правите вие и Бог.

Се сеќавам на еден сон што го сонував една ноќ.

Дејствието се одвиваше ноќе, а светлината од прозорецот на мојата спална соба сјаеше на тревникот додека постепено не избледеа во темнината. Таму каде што светлината избледеа, во сенките, видов двајца демони како стојат свртени кон мојот прозорец држејќи тетратки во своите раце. Знаев дека се испратени да најдат легален отвор во мојот дом. Тие запишуваа белешки, барајќи место на слабост за да се обидат да го запрат Божјото дело.

## ОДЛОЖУВАЊЕТО МОЖЕ ДА БИДЕ СМРТОНОСНО!

Одложувањето може да биде смртоносно! Звучи силно, нели? Звучи токму спротивно од она што ви го кажува искушението да одложите. Неговиот глас е суптилен и убедлив, „Нема да е страшно ако тоа го завршите подоцна“. Тоа може и подоцна да се заврши. Но дали е тоа вистина? Дозволете ми да споделам со вас една приказна која ќе ви покаже колку опасно може да биде одложувањето.

> *Излезе и Филистеецот, одејќи и приближувајќи се кон Давид, и пред него одеше оруженосецот. Погледна Филистеецот, и откако го виде Давид, со потсмев го изгледа, бидејќи беше млад, рус и убав. Филистеецот му рече на Давид: „<u>Зошто си тргнал против мене со стап? Да не сум куче?</u>“ Филистеецот го проколна Давид со боговите свои. И Филистеецот му рече на Давид: „Приближи се до мене, и ќе им го дадам телото твое на птиците небески и на ѕверовите полски.“*
>
> —1 Самоил 17:41-44

> *„Кога Филистеецот се исправи и почна да пристапува и да се приближува кон Давид, Давид брзо се стрча кон местото на борбата против Филистеецот, и бркна со раката во торбата, извади оттаму еден камен и фрли со праќата, та го удри Филистеецот в чело, така што каменот се заби во челото негово, и тој падна ничкум на земјата.“*
>
> —1 Самоил 17:48-49

Приказната за Давид и Голијат е навистина неверојатна приказна. Целиот израелски народ беше во страв слушајќи ги извиците на Голијат. Но, Давид вели дека ќе се бори со него под еден услов: тој сам да си го избере оружјето, прашка што ја користел со години додека ги чувал овците. Додека Давид се приближуваше до Голијат, Голијат беше збунет и рече, „Дали јас сум куче, што ми доаѓаш со стапови?“ Она што Голијат мисли дека е стап всушност е овчарскиот стап на Давид. Тој не ја виде прашката напикана под појасот. Не, Давид го користеше стапот како мамка, привлекувајќи го вниманието на Голијат кон него наместо кон прашката. Додека Голијат се движеше кон Давид, Давид трчаше кон Голијат. Тоа беше уште една тактика што Давид ја користеше. Знаеше дека Голијат многу потешко ќе ја види прашката ако ненадејно се стрча по него.

Но, што ако Давид постапи како многу луѓе? Од страв да влезат во конфликт, тие едноставно одолговлекуваат. Што ако Давид танцуваше околу Голијат додека не се чувствуваше подготвен да нападне? Верувам дека Голијат ќе ја видеше прашката, ќе ја препознаеше стратегијата на Давид и ќе постапеше соодветно. Битката ќе беше изгубена и целиот израелски народ ќе беше заробен.

**ТОКМУ ТОА САКА САТАНАТА ДА ГО НАПРАВИ СО ВАС. ТОЈ САКА ДА ГИ ЗАРОБИ ВАШИТЕ ПЛАНОВИ.**

Токму тоа сака сатаната да го направи со вас. Тој сака да ги зароби вашите планови. Ако може да ве натера да застанете, да почекате додека не се чувствувате подготвени, ќе има време да ја промени својата тактика за да се спротивстави на Божјиот план во вашиот живот. Значи, дали одложувањето е опасно? Апсолутно! Сигурен сум дека тоа веќе ве чини илјадници долари во вашиот живот. Во случајот на Давид, тоа можеше да чини илјадници животи.

Токму затоа, кога го знаете времето и го имате вашиот план, истапете со доверба. Верувам дека Светиот Дух ќе ви помогне да препознаете кога е правото време да истапите. Но, затоа што слушале погрешно учење, многумина се двоумат да истапат или истапуваат, а потоа, кога ќе наиде конфликт, се повлекуваат и мислат дека сигурно не Го слушнале добро Бог.

## Не плашете се од конфликтот

Луѓе ми кажуваат дека кога направиле чекор, се соочиле со пеколна опозиција. Но, вие сте опремени да се справите со пеколот без страв. Непријателот штотуку беше удрен со планот на Светиот Дух за вас, и тој сега реагира за да го сопре тој план. Сега веќе не може да го спречи. Предоцна е. Но, ако тој може да ве натера да се сомневате во Словото Господово што ве доведе до овде, тогаш стравот ќе ве врати назад. Тој сака да предизвика толкав метеж што ќе отстапите. Но, сега повеќе од кога било треба да застанете цврсто и да го употребите вашиот авторитет за да го држите непријателот под контрола. Не плашете се да кажете: „Не, нема да го направиш тоа" или „Го врзувам духот на збунетост што се обидува да ме измачува. Знам што ми кажа Господ да направам, и ќе го направам тоа, во името на Исус. Сега отстапи, сатано!"

За жал, повеќето од необучените христијани денес реагираат на контранападот на сатаната со изненадување. Тие мислат дека штом Бог им дал збор и им го објавил Неговиот план, сè ќе оди глатко и брзо, без никакви изненадувања.

Сега, не сакам погрешно да ме разберете. Имаме апсолутна власт над злите духови, но немаме апсолутна власт над луѓето. Треба да се знае дека иако ние сме под Божја јурисдикција, многу луѓе околу нас нè се и ќе подлегнат на гласините и конфузијата. Тие може погрешно да ги проценат нашите мотиви или да се дигнат во прогон против нас.

Но, тие не можат да го спречат вашиот план од Светиот Дух!!! Непријателот ќе продолжи да доаѓа, но секој ден

неговата сила ќе се намалува. Бог е многу пред нив и ќе ве одведе до вашата победа ако останете силни во верата и одбиете да направите компромис.

За првиот чекор секогаш е потребно повеќе храброст отколку вера. Верата ве доведе до овој момент, но сега ви треба храброст да истапите. Мислам дека проблемот е во тоа што луѓето се збунети од приказната за Црвеното Море и за реката Јордан.

Во приказната за Црвеното Море, народот на Израел беше избавен од Египет и тргна кон Црвеното Море каде што изгледаше дека се опколени од морето и планините од една страна и фараонот, што се предомисли и тргна по нив, од другата страна. Изгледаше дека им нема спас. Но, Мојсеј го крева својот стап (авторитет), и Црвеното Море се раздели на два дела. Тие преминаа по суво, а војската на фараонот се обиде да ги следи. Но, кога војската на фараонот тргна по нив, морето ги проголта, убивајќи ги сите. Израел беше ослободен од Египет и ослободен од ропството. Ова е моќен чин на избавување и сите ние сакаме да пееме за Божјото избавување.

Пред нив беше нивното ветување, земјата Ханаан. Таа беше земја на нивните предци, ветена на семето на Авраам. Додека патуваа низ пустината, зборовите на Мојсеј одѕвонуваа во нивните уши: тоа ќе биде земја во која тече млеко и мед. Звучеше премногу добро за да биде вистина за луѓето кои знаеја само за ропство цел живот. Но, имаше проблем. Земјата веќе беше населена од други народи. Како што се приближуваа до реката Јордан, Мојсеј реши да испрати шпиони за да ја проверат најдобрата рута за нивното патување откако ќе преминат во новата земја, и да донесат дел од нејзините плодови за да им докаже на народот дека земјата е добра и со голем потенцијал.

Но, шпионите се вратија со приказна што направи целиот народ да сака да се врати во Египет. Земјата беше исполнета со градови со ѕидини и луѓе кои беа многу поголеми и повисоки од Израелците. Израелците плачеа во разочарување и се свртија против Бога и Мојсеј, мислејќи дека беа излажани. Поради нивното неверување,

Бог не ги одведе во ветената земја бидејќи знаеше дека без вера, тие ќе беа уништени. Таа генерација живееше и умре во пустината додека не остана ниту еден од нив.

Сега, Бог му заповеда на Исус Навин да ги одведе во Ветената земја. Но, повторно, како што се доближија до реката Јордан, се соочија со проблем. Реката беше пред излевање од своето корито, а луѓето не можеа да ја преминат брзата вода. Но, Бог уште еднаш ги раздвои водите и Израелците поминаа по сува земја – овој пат конфликтот не беше позади нив, како кога го напуштаа Египет, туку пред нив бидејќи се подготвува да го освојат своето ветување.

Ова мора да го знаете. Може да има предизвици или проблеми што треба да ги решите додека истапувате, но не плашете се. Бог ќе ви помогне и ќе ве заштити во процесот. Секогаш запомнете дека веднаш зад секој проблем стои ветување. Никогаш не заборавајте го тоа.

Всушност, ќе кажам нешто сега што може да ве шокира. Бидете свесни за проблемите. Не, не зборувам за тоа во страв да медитирате на вашите лични проблеми. Зборувам за тоа да барате можност. Знаете, луѓето плаќаат големи пари за да ги средат или поправат проблемите. Бизнисот е во суштина одговор на нечиј проблем. Како пример, луѓето имаат проблем – тие се гладни – па некој отвора сендвичара. Сигурен сум дека веројатно сте знаеле за сендвич претходно, но тоа не сте го пренеле во бизнис концепт. Но, денес, има десетици илјади сендвичари низ целата планета бидејќи тие решаваат нечиј проблем. И ќе речете: „Можев и јас да го сторам тоа", и мислам дека навистина можевте. Но, треба да размислувате поинаку.

Дренда и јас денес сме милионери, не затоа што сме паметни или убави. Едноставно научивме како функционира Божјото Царство и Бог ни покажа како да го решиме проблемот што го имавме. Тогаш Бог ни покажа како да им помогнеме на другите луѓе да го решат истиот проблем. Не е толку тешко!

## Местото на подготовка

Затоа, откако ќе посеете со вера и откако ќе го добиете планот, немојте само да скокате без размислување. Запомнете го нашиот стих во Матеј 13.

> *„Царството Небесно прилега уште и на богатство сокриено во нива, кое го нашол човек и прикрил, па, од радост за него, отишол и продал сѐ што имал, и ја купил таа нива.“*
>
> —Матеј 13:44

Бог секогаш прво ве води на место за подготовка. Затоа, иако сте слушнале од Бог и Тој ви дал идеја што ќе започне фантастичен нов бизнис, бидете сигурни во правото време. Бог секогаш го открива богатството за да ве мотивира прво да се подготвите. Забележете дека не реков дека Бог ви го дава богатството. Реков Тој го открива богатството, одговорот. Многу, многу луѓе погрешно го прочитале откривањето на богатството како време за здобивање со богатството, што водело до ужасни резултати. Бог секогаш ќе ве води на место за обука и подготовка пред да ве испрати да го заземете богатството.

Знам дека во мојот случај како млад човек, Бог ми даде визија како стојам и држам Библија во раката. Додека стоев таму, не само што се видов како проповедам од Библијата, туку ја видов и просторијата и луѓето на кои им проповедав. Еден глас ми зборуваше додека ја имав таа визија. „Те повикувам да го проповедаш Моето Слово.“ Го слушнав тоа три пати потоа визијата исчезна. Имав 19 години. Во тоа време ја водев пицеријата на татко ми и навистина не знаев што значеше таа визија. Знаев дека сум повикан да го проповедам Божјото Слово, но како и каде ќе се случи тоа, сѐ уште не знаев.

Во реалноста, тоа беше повик за подготовка. Не долго откако Бог ми го даде тоа откровение, ми кажа да одам во Библиско училиште, а потоа во ОРУ (Универзитетот Орал Робертс). Таму ја запознав љубовта на мојот живот,

Дренда. После ОРУ започнеме со нашиот бизнис, план што едноставно не го разбирав во тоа време. Што се случи со повикот Божји во мојот живот? Но, Бог имаше план. Тој го искористи тоа време за да ме обучи во полето на финансиите во животот, да ме обучи за законите и принципите на Неговото Царство, кои станаа камен-темелник на мојата служба. Тој исто така го искористи тоа време за да ми помогне да пораснам во самодовербата бидејќи имав страв да зборувам пред луѓе кога бев помлад.

Дури на 1 септември 1995 година, Бог нѐ водеше да ја отвориме нашата црква во подрумот на една локална христијанска радио станица. Нашата прва служба беше навечер, и додека стоев таму, ја видов истата слика од визијата што Бог ми ја даде 21 година претходно.

Затоа, разберете дека кога ќе ја слушнете визијата, ќе ја добиете насоката или ќе ја добиете идејата, тоа обично не значи да скокнете во тој момент. Бог ќе ви каже кога да истапите на ист начин како што ви го дал планот. Тој ќе ви зборува, а вие ќе го знаете тоа.

Во мојот случај, одевме во мала црква блиску до нашиот дом во 1995 година; и на неделната вечерна богослужба, Бог почна да прави нешто во мене. Не можев ни да ја слушам проповедта на пасторот бидејќи Божјиот Дух беше многу силно врз мене. Знаев дека е време да направам чекор! Ќе знаете и вие.

Дренда и јас уживавме да гледаме сѐ што прави Бог, но нашата страст е Неговото дело! Се обврзавме да ја проповедаме и поучуваме оваа порака за Царството до крајот на нашиот живот. Ништо не нѐ радува повеќе од тоа да гледаме како лицата на луѓето светат со откровение кога поучуваме. Знаеме што значи тоа; тие слушаат одговори.

Знаеме дека Царството е и вашиот одговор! Значи, кој е петтиот принцип што го научив од Бог?

**Чекор 5: Кога го знаете времето, методот и местото, не одложувајте! Второ, немојте да бидете изненадени од конфликтот.**

Вие и Бог можете да ја завршите работата, без сомнение! Само запомнете дека Божјата волја е да напредувате.

> *„Возљубен, се молам да бидеш здрав и во сè да ти биде добро, како што ѝ е добро на душата твоја.“*
>
> —3 Јован 2

Не дозволувајте некој да ви каже дека не е Божја волја и најдоброто од Него да бидете здрави и да напредувате во животот! Тоа е она што сатаната го украде од земјата и што Бог ви го врати во Исус Христос. Религијата ги учи луѓето на такви лаги за Бога. Понекогаш луѓето треба да ја отстранат фикцијата пред да ја дознаат вистината. Пред некој ден ја добив следната е-пошта, што ја илустрира потребата да го обновите вашиот ум за она што навистина го кажува Бог.

Почитуван Гери,

*Јас се викам Анет. Пораснав во домот на баптистички свештеник, бев спасена како дете и неизмерно Го сакав Исус. Како адолесцент, се крстив во Светиот Дух и почнав да го разбирам вистинското обожавање, исцеление, избавување, духовните дарови и другите вистини за Царството Божјо. Ги научив основните принципи на сеење и жнеење преку различни учители во телото Христово. Но, дури кога мојот сопруг, Џон, „налета“ на вашите учења почнав да сфаќам дека имам вистински проблем да верувам дека христијаните – особено пасторите и луѓето во служба – треба да бараат да напредуваат надвор од исполнувањето на нивните основни потреби. Откривме дека ниту еден од нас навистина не разбира како функционира Божјото Царство.*

*Бевме во служба и верно дававме десеток. Ние исто така бевме дарежливи луѓе, па дури и го поучувавме принципот на сеење и жнеење. Но, чувствувавме дека живееме релативно удобен живот и тоа беше сѐ што треба да очекуваме. Така беше до есента 2003 година, кога во пожар ни изгоре седиштето на нашиот бизнис и служба. Потоа се случија уште неколку настани што променија сѐ. Џон почна да има постојани проблеми со срцето, на крајот имаше потреба од операција на отворено срце. Во тоа време немавме здравствено осигурување и почнавме да плаќаме големи болнички сметки. Неговата неспособност за работа ги влоши работите. А потоа некои лоши одлуки од наша страна предизвикаа поголеми финансиски проблеми. До 2015 година, нашиот нормален финансиски начин на живот се промени од прилично добар во оптоварен со големи долгови, вклучително и заостанати даноци.*

*Отсекогаш сме биле дарежливи затоа што сакаме да даваме и веруваме во сеење и жнеење. Очајнички Го баравме Господ повеќе од кога било за одговори. Тогаш Џон налета на вашето учење на ТВ. Отпрвин рече: „Не можеш така да Го купиш Бог“ и го исклучи телевизорот. Но, неколку дена подоцна, тој повторно наиде на твојата програма и овој пат не можеше да престане да слуша. Тој заврши нарачувајќи ја секоја наставна алатка што ја имавте на располагање во тоа време! Се хранevме со тој материјал две години пред и двајцата да успееме да се ослободиме од лудото верување дека е погрешно да сакаме да имаме изобилство и повеќе од доволно.*

*Еден ден, гледавме, по десетти пат, одредено ДВД каде што учите од Матеј 17 за Исус Кој му рече на Петар да фати риба и да ја земе паричката од устата на рибата за да ги плати даноците, заедно со илустрацијата од 2 Цареви 4 за жената која го даде она што го имаше во нејзината куќа.*

*Одеднаш се сетив дека пред неколку години еден пријател ни подари златник во замена за некоја работа што ја направиме за нив. Не беше доволно да го отплатиме нашиот долг, туку беше „нешто“ што го имавме во нашата куќа што можевме да го посееме! Ние ја посеавме таа паричка во вашата служба и станавме партнери во внатрешниот круг и гледавме со очекување што ќе направи Бог понатаму.*

*Во текот на следните неколку месеци, продолживме да се храниме со вашите учења и се боревме да ги држиме главите над вода додека го плаќавме долгот. Потоа, една ноќ, сонував сон во кој Бог ми покажа дека доаѓа кај нас голема сума пари. Во текот на неделите што следеа, видовме неколку мали финансиски благослови во нашиот живот. Продолживме да се молиме и да даваме повеќе како што Бог нè водеше, и ги објавувавме Божјите вистини и се трудевме да направиме сè што верувавме дека Тој ни кажува да направиме.*

*Потоа се промени ситуацијата што се чинеше речиси невозможно. Брзо потоа мојот сон се исполни. Количината на пари што ја добивме беше многу над она што ни требаше за да го исплатиме долгот што го имавме. Сега сме без долгови. Сега бараме стратегии како да инвестираме мудро и да живееме изобилен живот за да можеме да даваме великодушно, секогаш и во секоја прилика.*

—Џон и Анет

Цело време добиваме вакви пораки од луѓе кои ја дознаваат вистината за Бог и Неговото Царство и сфаќаат дека религијата ги лажела.

Дознав дека штом мојот ум беше обновен и ја разбираше Божјата добрина и Неговото Слово, тогаш можев да растам во откровението што ми требаше за да бидам слободен. Запомнете, никогаш не се сомневајте во Бога. Ако има ситуација во вашиот живот што можеби изгледа како

неуспех од страна на Божјото Царство, направете го она што го направија учениците. Тие не Го прашаа Исус: „Исусе, зошто не го истера тој демон?“ Не, тие прашаа: „Зошто ние не можевме да го истераме демонот?“ Тие знаеја дека проблемот е кај нив и Го замолија Исус да им помогне да го разберат тоа. Ако во вашиот живот не го гледате она што Библијата вели дека е ваше, побарајте од Бог да ви покаже зошто! Тој ќе ви зборува и ќе ви помогне да научите како функционира Неговото неверојатно Царство.

**ТОЈ ЌЕ ВИ ЗБОРУВА И ЌЕ ВИ ПОМОГНЕ ДА НАУЧИТЕ КАКО ФУНКЦИОНИРА НЕГОВОТО НЕВЕРОЈАТНО ЦАРСТВО.**

Токму вчера, еден бизнисмен во мојата црква слушна од неговата банка дека парите од федералниот грант што првично му беа ветени сепак биле одбиени. Бидејќи ги очекуваше тие пари тој веќе имал план како да ги употреби. Без помошта, тој ќе мораше да ги отпушти своите вработени. На прашањето од банката зошто му се одбиени парите, не можеа да одговорат зошто. Бидејќи мислеше дека ќе има повеќе пари, тој ги вложи парите што веќе ги имаше во потребните материјали. Но, сега кога парите немаше да дојдат, тој остана без пари и не знаеше што да прави. Му остана само ваучер со пари што некој му го подарил. Веднаш дојде со ваучерот во црква, бидејќи знаеше дека мора да го посее она што го има и да верува дека Бог ќе му помогне во ова тешка време. За неколку часа откако го посеа ваучерот во црквата како семе, му се јавија од банката да се извинат и да му кажат дека поради некој проблем погрешно го информирале претходно. Парите сепак биле одобрени.

## И вие имате ваш дел

Како што привршуваме со книгата, дозволете ми да завршам со неколку завршни зборови за тоа како да ги добиете парите што ви се потребни. Открив дека многу Божји луѓе имаат срце да дадат, срце за луѓето, но немаат пари. Верувам дека главната причина поради што луѓето не гледаат поврат на нивното дарување е погрешната перцепција за тоа што треба да се случи откако ќе дадат. Многу христијани лажно веруваат дека Бог само ќе им ги донесе парите за кои веруваат. Но, тоа не е можно бидејќи Бог нема пари. Сите пари се во земното царство и се само производ на трговија (купување или продавање).

Значи, штом ќе дадеме, ако го разбереме овој аспект од процесот, мораме да Го слушаме Светиот Дух за план, насока или идеја каде што можеме или да создадеме или да придобиеме богатство на пазарот. Ова не значи дека мора да имате бизнис по секоја цена, но Светиот Дух ќе ве упати на местото каде што треба да ја поставите вашата мрежа. Мрежата е нешто што има способност да фати или да создаде пари на пазарот. Бог ќе ги насочи вашите чекори и ќе ве води во планот што треба да го следите. За повеќето луѓе, верувам дека најдобрата, најбрзата и најверојатната мрежа е бизнис. Кога велам бизнис, не ја исклучувам работата во некоја корпорација, но мрежата треба да биде доволно голема за да ја улови рибата што ви треба. Тоа може да биде ваш или туѓ бизнис.

Но, кога станува збор за мрежи, според моето искуство, повеќето луѓе ловат китови во кади. Дозволете ми да објаснам. Да речеме дека некој има работа во локалната самопослуга заработувајќи 10 долари на час. Но, сега сака да ја исплати својата куќа од 150.000 долари и сака да го искористи законот на Царството за да го оствари тоа. Добро, до сега нема никаков проблем.

Потоа, тие слушаат за принципот на сеење и жнеење, законот на Царството, и сеат и веруваат дека ќе ја платат таа куќа. Повторно, нема никаков проблем во тоа. Но, поради некоја причина, тие мислат дека парите едноставно ќе се појават. Тие знаат дека нивната работа

нема капацитет да „фатат" доволно пари за да ја платат куќата, па затоа ја ставаат својата надеж во Господ (и тоа е добро). Но, кога велам „се надеваме на Господа", треба да разберете дека тоа значи дека ја полагаме нашата надеж во Господ за да ни даде мудрост и насока да дојдеме до тие пари. И тоа може да значи дека треба да се случат големи промени.

Знаете, она што луѓето не го сфаќаат е дека Бог можеби ќе треба да ги насочи кон ново езеро за да го уловат китот што им треба, а не да останат да ловат во нивната позната када. Гледате, нема китови во вашата када! Тешко е да се исплати куќа од 150.000 долари за неколку години ако заработувате 10 долари на час. Но, Бог знае каде се рибите и може да ве упати на вистинското место и метод за да ја фатите рибата што ви треба за да ја постигнете вашата цел. Се сеќавате на приказната за Петар и огромниот улов на риби? Петар ловеше риба цела ноќ и ништо не улови, но Исус му кажа каде да лови; а потоа, чамецот на Петар не можеше да ги собере сите риби. Што беше разликата? Збор на насока: „Фрлете ги мрежите во длабоката вода". Знаете, Петар ловеше риба на погрешно место, но Исус му кажа што да прави и потоа следуваше успех

Кога Дренда и јас бевме во сериозни долгови, моравме да научиме да Го слушаме Бог и да Го следиме до поголеми и поголеми езера за да ја фатиме рибата што ни требаше. Божјото водство постојано нè носеше во сè подлабока и подлабока вода. Искрено, Бог нè изведе толку далеку што повеќе не можевме да го видиме копното, што беше многу страшно место бидејќи никогаш порано не сме биле таму, а особено страшно кога се појавија бурите.

Бидејќи повеќето луѓе чекаат од Бога да се појават парите, никогаш не им паѓа на памет да слушаат нешто што им е туѓо и ги води на нови и страшни места каде што никогаш претходно не биле. Повеќето луѓе гледаат само на познатото, она што веќе го знаат. Но, китовите не се во вашата када. Треба да излезете во длабокото.

Затоа запомнете, не треба да седиме со скрстени раце откако ќе го посееме семето. Кога сееме, можеме да се држиме за Божјото Слово и да знаеме дека Бог ќе нè

доведе до жетвата. Но, ние мора да ја слушнеме насоката, да ја следиме, а потоа да имаме мрежи за да ги фатиме китовите кога ќе стигнеме таму.

Многу луѓе всушност преземаат чекори за промена на езерата, но не успеваат да ги променат методите што се користат за фаќање на нивната жетва. Јадица за риба нема да држи кит. (Патем, не велам дека всушност треба да ловиме китови. Ова го користам само како метафора поради нивната големина.)

Откако ќе се најдете на вистинското место, вашите методи мора да бидат способни да се справат со поголемата тежина и притисок што природно се наметнуваат доколку сакате поголема жетва. За сето ова е потребно време да се оркестрира. Многупати, Бог знае дека не сме способни да се справиме со китот што го ловиме кога ќе се соочиме со него. Но, Бог нè обучува за да бидеме сигурни дека навистина ќе го извлечеме тој улов до брегот ако не се обесхрабриме.

**ТРЕБА ДА СОРАБОТУВАМЕ СО БОГА, ДА СЕ ПОДГОТВИМЕ ЗА ЖЕТВАТА И ДА СЕ ПОТРУДИМЕ ДА ЈА ИСКОРИСТИМЕ СЕКОЈА МОЖНОСТ ШТО БОГ ЈА СТАВА ПРЕД НАС.**

Така, како рекапитулација, треба да престанеме да размислуваме за пари добиени како чудо или како што јас го нарекувам тоа менталитет на поштенско сандаче (иако Бог може и така да направи неверојатни работи). Наместо тоа, треба да соработуваме со Бога, да се подготвиме за жетвата и да се потрудиме да ја искористиме секоја можност што Бог ја става пред нас.

Моќта на снабдувањето е во ваши раце. Не, не зборувам за насловот на мојата книга. Зборувам за Светиот Дух и за Царството во кое Бог ве поставил. Затоа тргнете по тоа и придобијте многумина за Христа преку вашиот успех и

пример.

Треба да работиме со Бога, да се подготвиме за жетвата и да се потрудиме да ја искористиме секоја можност што Бог ја става пред нас.

Штотуку ја видов оваа е-пошта и мислев дека е добар потсетник за крај.

> *Во средината на распадот на светската економија, нашиот бизнис имаше долг од само 4000 долари бидејќи ни беше простен долг од 8.000 долари! Сепак има повеќе! Ги разгледувавме нашите деловни финансии и сфативме дека денес, нашиот деловен нето приход за 2020 година досега го надмина целиот наш деловен нето приход за цела 2019 година! Ние напредуваме над сè што можевме да побараме или размислуваме (Ефесјаните 3:20) додека проколнатата светска економија пропаѓа! Ние сме толку радосни за она што го прави Бог. Тој е ТОЛКУ верен на Неговото Слово!*
>
> *Огромна благодарност до Гери и Дренда, нивното семејство, нивниот персонал и нивните партнери што го донесоа Божјото Слово во нашите животи! Живеевме 17 години во сиромаштија и немаштија – како и Гери и Дренда што живееја цели 9 години – сè додека нашите пастори секоја среда навечер не почнаа да ја прикажуваат серијата, „Решавање на проблемот со парите“. Тоа беше пред пет и пол години, а оттогаш нашите животи се променија целосно!! Ви благодариме повторно, и бидете благословени!*

Кажете ни ги вашите сведоштва на GaryKeesee.com. Другите треба да слушнат колку прекрасно функционира Царството во вашиот живот.

Посетете ја страницата
на **FLNFree.com** за
бесплатно преземање на
дополнителни материјали за
поучување на вашиот јазик!

Сакате повеќе БЕСПЛАТНИ материјали за поучување
на вашиот јазик? Одете на **FLNFree.com**

# ВАШАТА ФИНАНСИСКА РЕВОЛУЦИЈА
## Моќта на снабдувањето

Се борите да преживеете...
 или сонувате големи сонови?

Робови на банките...
 или живеете во Божјите намери за вашиот живот?

Која од овие изјави ве опишува вас?

Што може да направи разлика во ВАШИОТ ЖИВОТ?

*Снабдувањето.*

Сите ќе се согласиме колку е важно нашите основни потреби да бидат снабдени.

Но, дали навистина ја разбирате *МОЌТА* на снабдувањето?

Гери Киси сака да ги поедностави работите.

Во четвртата книга од серијалот „Вашата финансиска револуција“, Гери ни ја открива една од најважните компоненти за неговиот успех и за успехот на многумина, и нова КЛУЧНА тајна на Царството Божјо: *Моќта на снабдувањето!*

Ќе научите за:

ПЕТТЕ ОСНОВНИ ЧЕКОРИ што водат до вашето потребно снабдување.
Важноста на верата и како да препознаете дали имате вера.
Како одложувањето може да биде многу штетно.
Дали може да верувате да добиете на лото (да, Гери навистина дава одговор на ова прашање)?
И многу повеќе!

Придружете се на Гери на ова просветлувачко патување, и дознајте како да ја примените *моќта на снабдувањето* во вашиот живот!



Гери Киси е автор, говорник, претприемач, финансиски експерт и пастор, кој има горлива желба да им помага на луѓето да извојуваат победи во животот, особено во областите на верата, семејството и финансиите. Гери и неговата сопруга Дренда имаат создадено неколку успешни бизниси и се основачи на Faith Life Now, во чија продукција се две телевизиски програми – ***Решавање на проблемот со парите*** и ***Дренда***, конференции ширум светот и практични ресурси. Гери и Дренда исто така се и пастори на црквата Faith Life, во близина на Колумбус, Охајо.

P.O.Box 779, New Albany, OH 43054 | garykeesee.com

Сакате повеќе БЕСПЛАТНИ материјали за поучување
на вашиот јазик? Одете на **FLNFree.com**